**Универзитет “Св. Кирил и Методиј”-Скопје**

Филозофски факултет

Институт за историја

# *Образованието и културата во Пробиштипско-злетовската област (1945-1975)*

**Магистерски труд**

**Ментор:**
Проф. Д-р. Виолета Ачкоска

**Кандидат:**
Даниел Митев

Скопје

2011

# Вовед

Најновата историја на македонскиот народ, односно, историјата на Македонија во најновиот век, а особено историјата по Втората светска војна, нуди можност за пообемно и посистематско истражување и проучување на локалната историја, во сите сфери од животот.

Поради историски поблиската временска дистанца, и поради можноста за непречен развој на архивската дејност во годините по Втората светска војна, во Македонија во изминатите неколку децении активната работа на македонските архиви, допринесе тие да се снабдат со бројни архивски документи од многу населени места во Република Македонија, поготово со документи од историјата на Македонија по Втората светска војна. Со тоа тие на големо ја отворија можноста за снабдување со бројни архивски документи и материјали на историчарите кои ја истражуваат најновата македонска историја, особено на оние историчари кои сакаат пообемно да ја истражуваат, изучуваат и пишуваат локалната историја. Во една таква ситуација, како автор на овој труд, се одлучив да истражувам и пишувам за локалната историја на мојот роднокраен Пробиштипско-злетовски крај, а обемната архивска документација во делот на образованието, исполнета со бројни статистички податоци за бројот на учениците во училиштата, ми беше неопходна и многу корисна. Притоа, неопходно е да се напомене дека при истражувањето, наидов и на многу потешкотии, во недостиг на архивска документација за одредени делови од трудот, но сето тоа успеав да го надополнам со користената литература и усните сведоштва на современиците.

На самиот почеток од истражувањето, како основен и главен проблем се јави недостатокот од архивски материјали во делот од културната историја, или поубаво кажано, не постоеше ниту еден документ за културната историја на Пробиштипско-злетовската област. Главниот архивски материјал го пронајдов во Државниот архив во Штип, но само во делот на образованието. Во една таква ситуација, бев принуден

да побарам архивски материјали во Домот на култутара “Злетовски рудар” во Пробиштип, но таму немаше ниту еден документ во периодот од 1945 до 1975 година. Немањето на документи од културната историја во Домот на културата се должеше на тоа што, периодот кој го истражував беше од 1945 до 1975 година, а Домот на културата започнал со својата работа во 1975 година, па затоа целата архивска документација која ја поседуваше, беше во годините по 1975 година. Но, и тоа не е причина исчезнатите документи од тие триесетина години да неможат да се пронајдат, а каде се никој не знаеше да ми каже. Можеби, одговорот на ова прашање би го нашле во неодговорноста и негрижата за историското и културно богатство на Пробиштипско-злетовската област, од страна на главните културни дејци во периодот од 1945 до 1975 година, или пак во нивната нискоразвиена свест за значењето на историското и културното богатство.

Сепак, не изгледаше се толку црно, бидејќи во овој мал крај постоеше личност која што беше, но и сега е од непроценливо богатство, и благодарение на напорите на почитуваниот публицист Стојан Стефановски, историските настани во делот на образованието и културната историја, беа спасени од заборавот на времето. Неколкуте негови напишани книги за историјата на градот Пробиштип и околијата, беа неопходно при моето истражување, а историските настани од делот на културната историја ги запишал благодарение најмногу на усните сведоштва на современиците.

Методот на усна историја и интервјуата водени со живите луѓе, современици и учесници во настаните од минатото, беа дел и од моето истражување. Нивните сведоштва, дадоа голем придонес во собирањето на податоците и збогатувањето на трудот со историски настани. Таков значаен придонес имаа и написите во весниците, секако во делот на образованието и во делот на културата.

Периодот по Втората светска војна е еден од најзначајните во поновата македонска историја. Тогаш се поставени темелите на современата македонска држава, а со обновата и развојот на државата, беше овозможен и непречениот развој на образованието и културата. Во

едни такви услови започна брзиот подем и развој во сите свери од животот.

Доколку се навратиме неколку векови station наназад, и се обидеме да ги пронајдеме корените на културно-просветната и образовна дејност во Пробиштипско-злетовската област, тогаш без сомнение ќе биде неопходно да се навратиме на средниот век, и нив да ги побараме во еден од најголемите и најпознатите македонски средновековни божји храмови, прекрасниот и преубавиот манастир “Св. Гаврил Лесновски”, сместен во живописното село Лесново, кое сега припаѓа на општина Пробиштип. Токму од ова божјо светилиште, уште во текот на XI век, започнала да се развива и шири писменоста во овој крај, особено преку познатата Лесновска книжевна школа (Кратовско-Лесновска), чија плодна активност се одвивала уште во текот на XII и XIV век, но и подоцна. Богатата книжевна дејност и бројните ракописи, создадени во текот на средниот век, ќе го издигнат Лесновскиот манастир во значајно средиште на словенската писменост за македонското население. Меѓу бројните напишани значајни македонски ракописи, од Лесновската школа можат да се издвојат: Хлудовиот триод, Струмичкиот апостол, Радомировото евангелие, Добрејшевото евангелие, Дечанскиот псалтир, Карпинското евангелие и апостол, Кратовското евангелие и Лесновскиот паренезис. Со неколкуте свои јазични правописни карактеристики, Лесновската книжевна школа претставува вокализациска и фонетска посебност.

Првото училиште во Пробиштипско-злетовската област, односно, на подрачјето на денешната општина Пробиштип, било отворено во селото Злетово во 1831 година, како дел од бугарската пропаганда во Македонија. Голем број на генерации писменоста ја стекнале токму во ова училиште, без разлика на околностите и условите во кои се одвивала образовната дејност.

Околу 1836 година т.н. Старовремско училиште било отворено и во селото Лесново, а подоцна училишта биле отворени и во други села во Пробиштипско-злетовската област.

Во почетокот на XX век, па и подоцна специјални училишни згради, не постоеле, па затоа, приватните куќи и споредните простории, служеле

како училишта, каде се извадувала наставата. Најдобри услови имало во училиштето во селото Лесново, кое било сместено во светла и пространа училница со камин во помошните згради на манастирот "Св. Гаврил Лесновски".

Странските пропаганди кои се одвивале во текот на XIX и XX век, во овој крај, преку отворање на бугарски и српски училишта, постојано воделе натпревар кај населението да ја наметнат својата пропаганда, "перејќи им го мозокот" на напатените македонски страдни души со сите расположливи средства, дека тие се "бугари" или "срби" и дека ние македонците сме "македонски бугари" или "јужни срби". Постојаната жестока борба помеѓу, големобугарската и големосрпската пропаганда, ќе биде на товар на населението, кое иако невино, било ставено во незавидна положба да ги трпи последиците. Најголемите последици ќе ги почувствува за време на најцрната историја во овој крај, во периодот помеѓу двете светски војни (попрецизно, помеѓу 1924 и 1934 година), кога ќе се најде под теророт на злетовскиот војвода Мино Станков (иќ), кој се ставил на служба на Кралството СХС (Југославија), и спроведувајќи ја српската политика и пропаганда, ќе направи таков ужасен терор врз населението, дотогаш невиден и нечуен. Во тој период се до ослободувањето на Македонија, во овој крај постоеле и работеле само неколку четиригодишни училишта и тоа во поголемите и поразвиените села: Злетово, Трооло, Добрево, Лесново, Пробиштип и Плешенци.

Патот низ кој што поминав за да го реализирам успешно трудот и да стигнам до финалниот продукт-книгата, не беше воопшто лесен. Потешкотиите на кои наидував, во најголем дел се обидував сам да ги надминам, но притоа неопходна ми беше помошта и подршката од најблиските, но и подалечните личности. Затоа чувствувам голема потреба и должност да им се заблагодарам, бидејќи нивната помош ми беше неопходна при успешната реализација на трудот.

Најпрвин сакам да ја искажам мојата голема благодарност кон проф. д-р Виолета Ачкоска, мојата особено ценета, почитувана и драга професорка, личност која најмногу ми дава стимул за работа, достапна за консултации и помош во секое време, со прекрасен и фин однос на

релација професор-студент, личност за која колку и да се зборува и заблагодарува секогаш е малку. Друга личност на која конкретно околу пишувањето на овој труд треба најмногу да и се заблагодарам, е човекот кој што со своите книги претставува гордост за градот Пробиштип, кој што истите книги лично ми ги даде да се послужам од нив и кои со задоволство можам да кажам дека најмногу ми послужија како користена литература, е почитуваниот учител, професор, новинар и публицист, господинот Стојан Стефановски. Голема благодарност упатувам и до мојот драг, почитуван и ценет, професор и класен раководител во средношколските денови, веќе покојниот професор Милош Величковски, кој што заедно со професорот Стојан Стефановски и проф. д-р Виолета Ачкоска, беа личностите кој што најмногу ми помагаа и ме подржуваа додека истражував и го пишував трудот, ме снабдуваа со користена литература, ми даваа сугестии, совети, позитивни и негативни критики, и ми го покажуваа вистинскиот пат во начинот на истражување и пишување на едно историско дело.

На крајот голема благодарност упатувам, и кон сите останати личности кои во доменот на своите можности, несебично ми помогнаа при реализацијата на трудот.

# ГЛАВА ПРВА

## 1. ОБРАЗОВАНИЕТО И КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА

### 1.1. Образованието и воспитанието

За вистински развој на образованието на Македонија, може да се зборува по завршувањето на Втората светска војна, кога се создале поволни услови за неговиот непречен развој. Во годините пред ослободувањето, во услови на обесправеност на македонскиот народ, воопшто и не постоеле услови за развој на образованието, на мајчиниот македонски јазик. Политиката што ја воделе помеѓу двете светски војни нашите северни соседи во насока на посрбување на македонскиот народ, свое место нашла и во образованието, преку одржување на наставата во училиштата на српски јазик. Втората светска војна пак, зад себе оставила голем број на млади генерации без можност да се образуваат.

Повените години, се години на сеопшта обнова и изградба на државата, Големите последици од војната се чувствувале во сите свери од животот, а во голема мера и во образованието. Војната зад себе оставила голем број на разурнати и оштетени училишта, а како главен проблем за успешно спроведување на наставата, бил недостатокот од соодветни простории. Но, и покрај сите недостатоци и потешкотии во повоените години, позитивно е тоа што конечно во Македонија, било овозможено наставата да се изведува на мајчин македонски јазик.

На 02.08. 1944 година, на Илинден во манастирот “Св. Прохор Пчински”, Кумановско, АСНОМ се конституира како врховно законодавно и извршно претставничко тело, како највисок државен орган на Федерална Македонија.[1]

---

[1] *Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ*, Архив на Македонија, т.1, Скопје, 1984, 160-161.

Во правец за кодификација на литературниот јазик, Президиумот на АСНОМ именувал комисија од најдобрите познавачи на македонскиот јазик, која интензивно работела на дооформување на македонската азбука. Била побарана помош и од некои познати филолози.

Президиумот на АСНОМ, во периодот меѓу Првото (02.08.1944) и Второто заседание на АСНОМ (28.11.1944), има одржано 15 седници, а на 7 од нив е дискутирано за проблемите на просветата и културата.[2]

На 30 септември 1944 година Президиумот на АСНОМ ја востановил и привремената азбука, изнесена во Наставничкиот план за основните седумгодишни училишта во Македонија. Донесено е и Упатство за организирање на наставната работа.

На 3 ноември 1944 година Президиумот донел одлука за отворање на 9 гимназии во Македонија, а на наредните седници биле донесени одлуки за започнување на работа на средните училишта.[3]

И на наредните седници Президиумот на АСНОМ - Повереноството за просвета, донесува соодветни законски регулативи од областа на просветата и културата. Значи, покрај наведените акти, Повереноството за просвета при Президиумот на АСНОМ донело и многу други акти, одлуки и прописи кои го зафаќале и регулирале целокупниот културно-просветен живот во новата држава.[4]

Во Македонија друг сериозен проблем што се чувствува во културата и просветата е недостигот од соодветен стручен кадар. Проблемот за обезбедување стручни кадри станува особено актуелен по одржувањето на Првото заседание на АСНОМ. При ослободувањето на Македонија, во месец декември 1944 година, според едни статистички податоци, имало околу 337 учители и 140 професори. Македонија само во учебната 1944/45 година имала потреба од околу 3.000 учители и 450 професори.[5]

---

[2] Нада Јурукова, *Културно-просветни појави и процеси во Македонија (1944-1953)*, Скопје, 2003, 17.
[3] Истото„, 19.
[4] Новица Велјановски, *Македонија 1945-1991 државност и независност*, Скопје, 2002.
[5] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 37.

На првата седница, покрај другото, Президиумот донел одлука и за формирање осум оддели (повереннства), меѓу кои и Поверенството за просвета, на чие чело, како прв повереник, бил професорот Епаминонда Поп Андонов. Во 1944/45 година прв референт на Поверенството за просвета бил професорот, Димче Стојанов Мире, родум од Прилеп, кој во почетокот на 1945 година бил назначен повереник на Поверенството, а за негов заменик, односно референт за просвета бил именуван професорот Љубен Лапе.

Со формирањето на Владата на НРМ (14-16 април 1945 година), се зајакнува и државниот апарат, аналогно на тоа и просветниот. Формирано е Министерство за просвета на НРМ. За прв министер бил избран Никола Минчев, по професија учител, родум од Кавадарци, а за помошник министер Љубен Лапе, професор по историја, родум од Прилеп.[6]

При отворањето на основните училишта, Президиумот на АСНОМ-Поверенство за просвета, се судруваше со бројни проблеми. Се чувствуваше голема потреба од наставен кадар. Овој проблем беше особено тежок.

Со цел да се обезбедат наставни кадри за изведување настава во новоотворените училишта, биле ангажирани лица со разновидни училишни квалификации и со разновиден степен на образование. Ангажирани биле во прв ред студенти и завршени матуранти од гимназиите, како и ученици со завршен V, VI, VII и VIII клас гимназија или некое друго средно училиште, дури и лица со завршена мала матура и сл. Мошне тешка била положбата со наставен кадар во основните училишта со албански и турски наставен јазик. За изведување настава во овие училишта биле ангажирани лица со мала матура, со по некој клас гимназија или друго средно училиште или медреса, а не бил мал бројот на лицата назначени за наставници со завршено четиригодишно основно училиште.[7]

За задоволување на потребите од наставен кадар на слободната територија на Македонија, уште во септември 1944 година, органите на

[6] Истото,,, 39.
[7] Истото,,, 53.

народната власт пристапиле кон организирање на неколкудневни учителски курсеви.[8] Вакви курсеви биле организирани во: село Нижо Поле- Битолско, село Серменин, Прилеп, Битола, Ново Село-Штипско, Кавадарци, Гевгелија, Велес, Кочани, Крива Паланка и други градови.

По извршените први подготовки, уште во септември 1944 година, на слободната територија на Македонија започнале со работа *првите народни училишта на мајчин македонски јазик*. Отворањето на првите училишта на македонски јазик беше дочекано со големо задоволство од страна на македонското население.[9] Во септември 1944 година најрано започнале со работа училиштата во некои села во Дебарца потоа во Мијачките села: Галичник, Гари, Осој и др., во Кичевско-Бродска околија-Дебрешка општина биле отворени училишта во пет села, а наставата ја изведувале девет учители. Подоцна училишта биле отворени и во Прилепско, Крушевско, Тиквешко, Велешко, Охридско, Гевгелиско, Валандовско, Дојранско, Битолско итн.[10]

Во годините по ослободувањето бројот на основните училишта постојано расте. Во учебната 1944/45 година во Македонија работеле 927 основни училишта, во кои биле опфатени 83.077 ученици, а наставата ја изведувале 1.856 учители.[11]

Поверенството за просвета при Президиумот на АСНОМ, со писмо бр. 11, од 30 септември 1944 година, од село Горно Врановци, Велешко, ги извести обласните НОО за Наставниот план во основните седумгодишни училишта во Македонија. Во него е изнесена Привремената азбука, а е доставено и Упатство за организација на наставната работа.[12]

Во основните училишта во почетокот се работело врз основа на Привремениот наставен план и програма, изработени од Поверенството за народна просвета при Президиумот на АСНОМ. Во наставниот план и

---

[8] Нада Јурукова, *Основното воспитание и образование во Македонија (1944-1950)*, Скопје, 1990, 111-113.
[9] Нада Јурукова, *Културно-просветни* ..., 56.
[10] Нада Јурукова, *Основното воспитание*..., 82.
[11] Нада Јурукова, *Културно-просветни* ..., 61.
[12] *Документи од Првото и Второт*..., 160-161.

програма најнапред се истакнува дека основното образование треба да трае седум години.[13]

Привремениот наставен план и програма ја содржат Привремената установена македонска азбука, по која наставата во училиштата се изведувала во учебната 1944/45 година т.е. до донесувањето на новата македонска азбука. Привремената македонска азбука ги содржи следниве букви: А, Б, В, Г, Д, Е, Ж, З, И, Ј, К, Л, М, Н, О, П, Р, С, Т, У, Ф, Х, Ц, Ч и Ш.

Значи во учебната 1944/45 година во училиштата се користи азбука која содржи 25 букви. Од подоцна усвоената македонска азбука недостасуваат: Ѓ, Ѕ, Љ, Њ, Ќ и Џ.[14] Правени се напори за совладување на присутните проблеми во врска со донесувањето на македонската азбука. Од август до средината на декември 1944 година, Президиумот на АСНОМ пристапил кон решавање на низа проблеми од областа на организацијата на наставата во училиштата.[15]

Поверенството за просвета при Президиумот на АСНОМ именувало посебна комисија од најдобри познавачи на македонскиот јазик со задача да работат на утврдување, т.е. на установување на македонскиот литературен јазик, азбука и правопис. Комисијата била назначена во следниот состав: Ристо Проданов, д-р Ѓорѓи Шоптрајанов, д-р Михајло Петрушевски, Васил Иљоски, Ѓорѓи Киселинов, Ристо Зографски, Даре Џамбас, Венко Марковски, Мирко Павловски, Крум Тошев и Блаже Конески.[16]

На 8 декември 1944 година, ЦК КПМ, со писмо бр. 30, се обратил до ЦК на КПЈ, со цел тој да помогне да дојдат во Македонија советските научници Державин и Бернштајн, за да помогнат во конечното разрешување на проблемот поврзан со македонската азбука и литературен јазик. Во писмото до ЦК на КПЈ меѓу другото се вели: “До доаѓањето на Н.С. Державин и на С.Б. Берштејн во Македонија, не би

---

[13] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 73.
[14] Истото,„ 74.
[15] Блаже Конески, *За донесувањето на македонската азбука и правопис*, "Македонски јазик", 1, 5, Скопје, 1990, 100.
[16] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 74-75.

било лошо да ни испратите некој добар филолог од Белград, кој би работел извесно време со нашиве."[17]

Бидејќи очекуваните советски научници не дошле, за дефинитивно разрешување на македонското јазично прашање се зазел и Агитпроп на ЦК на КПМ. Поради тоа, а не поради некаква слабост на Првата јазична комисија, Поверенството за просвета, на 15 февруари 1945 година, ја формирало новата, Втора, јазична комисија, која работела во следниот состав: Блаже Конески, Венко Марковски, Даре Џамбас, Воислав Илиќ, д-р Ѓорѓи Шоптрајанов, Владо Малески, Ванчо Бурзевски, Лазар Мојсов, Димитар Валхов, Веселинка Малинска, Лилјана Чаловска, Иван Мазов, Димче Мире, Киро Миљовски и други.[18]

Бидејќи во врска со прашањето на јазикот, на конференцијата е усвоена Вуковата азбука, дополнета со буквата S, таа одлика предизвикала голем револт кај поголем број интелектуалци и раководни луѓе од Македонија.[19] За да се разреши споменатиот проблем, една група, составена од Веселинка Малинска, Блаже Конески и Венко Марковски, пристигнала при Агиптроп на ЦК КПЈ во Белград, каде што била постигната начелна согласност во врска со македонската азбука. По нејзиното враќање била формирана нова-Трета, јазична комисија, која имала филолошко-претставнички карактер, што не е карактеристично за претходните две јазични комисии.[20] Членовите на Третата комисија за кодификација на современиот македонски литературен јазик биле: Венко Марковски-поет, Блаже Конески-писател, Густав Влахов-публицист, Владо Малески-директор на Радио Скопје, Киро Хаџивасилев-публицист, Иван Мазов-уредник на "Млад борец", Васил Иљоски-директор на гимназија, Крум Тошев-раководител на стручните училишта, Мирко Павловски-професор и Илија Топаловски-началник на пропагандното одделение при ГШ на НОВ и ПОМ.[21]

---

[17] Истотo,,, 77.
[18] Стојан Ристевски, *Создавањето на современиот македонски литературен јазик*, Скопје, 1988, 167-176.
[19] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 78.
[20] Нада Јурукова, *Основното воспитание ...*, 102.
[21] Стојан Ристевски, *Создавањето на современиот ...*, 185-190.

По долги дискусии, Третата комисија за јазик и правопис на 3 мај 1945 година, конечно, ја утврдила македонската азбука и по тој повод донела Разолуција. Во Резолуцијата по прашањето за македонската азбука, меѓу другото, се вели, дека при утврдувањето на азбуката се земени предвид сите досегашни дискусии водени по неа. Предложената македонска азбука има 31 буква и тоа: А, Б, В, Г, Д, Ѓ, Е, Ж, З, Ѕ, И, Ј, К, Л, Љ, М, Н, Њ, О, П, Р, С, Т, Ќ, У, Ф, Х, Ц, Ч, Џ и Ш.[22]

На 7 јуни 1945 година било донесено решение за озаконување на македонскиот правопис, со што, конечно се поставени темелите на македонскиот литературен јазик.[23]

Вработеноста на жената-мајка, како и миграцијата на населението село-град, ја наметна потребата од обезбедувањето дневен престој, односно од згрижување на децата. Во врска со основањето на првата предучилишна установа за воспитување и образование на децата од предучилишна возраст, податоци наоѓаме во еден напис чиј автор е Блаже Конески. Од написот дознаваме дека во Скопје, на 6 февруари 1945 година, отпочнала со работа предучилишната установа "Орце Николов" со 18 деца. Предучилишните установи "Мирче Ацев" со 21 дете и "Птичје гнездо" со 15 деца, кои започнале со работа во јуни 1945 година во Скопје. Во 1945 година, во Скопје работеле три детски градинки, со капацитет за 60 деца, а во нив биле примени 54 деца. Во градинките биле вработени 6 лица со неоформено образование.

Ориентацијата кон индустриски развој на земјата ја наметна потребата од отворање затворен тип детски установи, особено јасли, со цел да и се помогне на жената мајка-работничка. Први детски јасли биле отворени во 1946 година во фабриката за цигари - Монополот, во кои биле згрижени 70 деца.[24]

Во 1948 година, во Скопје биле формирани градски јаслени установи со капацитет од 120 деца, од 0-3 - годишна возраст. Веднаш потоа се формирани и реонски јасли "Раде Јовчевски - Корчагин" со капацитет

---

[22] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 78.
[23] Истото,,, 79.
[24] Истото,,, 80-81.

од 45 деца и детската градинка “Страшо Пинџур”, со две групи, со капацитет од 50 деца.

На подрачјето на Кисела Вода во Скопје во 1949 година се отворени детски јасли “Снежана”, во кои биле згрижени 50 деца. Во истата година биле отворени детски јасли и во ПТТ, Радио-Скопје и во фабриката “Треска”, под иста управа. Првиот реонски одбор на “Идадија” во 1950 година отворил нова детска градинка со капацитет од 120 деца (Денешна 13 Ноември).[25]

Системот на средното образование се конституираше врз основа на бројните програмски и организациони акти.[26] Седницата на Президиумот на АСНОМ, одржана од 2 до 5 септември 1944 година, е многу значајна со своите одлуки и за развојот на средните училишта.[27] Повереникот за просвета при Президиумот на АСНОМ, Епаминонда Попандонов, на оваа седница, дал предлог наставата во средните училишта да трае три години. По опсежна дискусија, членовите на Президиумот на АСНОМ зазеле став и донеле заклучок времетраењето на средношколската настава да изнесува пет учебни години.[28] Во врска со изучувањето на странските јазици во средните училишта, Президиумот на АСНОМ на истата седница донел одлука од први клас на гимназија, покрај рускиот да се изучува уште еден од другите живи јазици.[29]

Во Македонија, уште пред конечното ослободување, кога во Гостиварскиот и Тетовскиот регион нашите единици се уште воделе жестоки борби со германските и балистичките единици, десетина дена пред ослободувањето на Скопје или пак 26 дена пред конечното ослободување на целокупната територија на Република Македонија, на 3 ноември 1944 година, во Горно Врановци, Президиумот на АСНОМ донел одлука за основање гимназии во 9 града во Македонија: во Скопје, Битола, Штип, Куманово, Прилеп, Струмица, Тетово, Велес и Охрид.[30]

---

[25] Истото„ 83.
[26] Истото„ 84.
[27] *Зборник на документи на АСНОМ 1944-1964*, 353, 362, Скопје, 1964.
[28] Истото„ 418.
[29] Истото„ 353, 362.
[30] Истото.

На седницата одржана на 1 декември 1944 година, Президиумот на АСНОМ донел Решение за отворање Учителска, Музичка и Художествена (Уметничка) школа во Скопје. Треба да се напомене дека Президиумот предвиде отворање на Учителска школа и во Охрид.[31]

На седницата од 15 декември 1944 година, Президиумот на АСНОМ, носи Решение за отворање трговски академии во Скопје и во Битола, како и за отворање средно стопанско училиште во Охрид. На истата седница на Поверенството за просвета му е одобрен кредит од 200.000 лева за печатење разни помошни книги и брошури за училиштата.[32]

Од содржината на Докладот за организирањето и работата на Поверенството за внатрешни работи од 12 декември 1944 година се предвидува постоење и на оддел за милиционерски училишта. Одделот имал задача, прво да организира курсеви за стручно подготвување на милиционерски кадри, а потоа да отвори и средно милиционерско училиште за стручно образование на органите на народната милиција.[33]

Меѓу поборниците за отворање поголем број гимназии и за создавањето средношколска интелигенција, бил и професорот Љубен Лапе. Според него, во средните училишта требало да се отворат повеќе државни интернати и во нив да се школуваат и оние ученици кои немале материјални средства.

Во учебната 1944/45 година започна да се реализира одлуката на Президиумот на АСНОМ од 3 ноември 1944 година за отворање гимназии во Македонија. Во Скопје биле отворени две гимназии: Машката гимназија, сместена во просториите на поранешната Машка гимназија и Женската гимназија, сместена во убава зграда (урната за време на Скопскиот земјотрес 1963, сместена во непосредна близина до споменикот на ослободителите на Скопје). Двете гимназии располагале со вкупно 38 училници со вкупна површина од 2.109 метри квадратни. На секој ученик му припаѓал простор од 0,91 метри квадратни.[34]

---

[31] Истото,,, 475, 495, 513, 519, 522, 525.
[32] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 85.
[33] *Зборник на документи ...*, 353, 208.
[34] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 89.

Подоцна биле отворени гимназии и во другите градови: Велес, Штип, Куманово, Тетово, Прилеп, Струмица, Охрид и Кавадарци.

Президиумот на АСНОМ-Поверенство за просвета на 1 декември 1944 година, донесе решение да се отвори Учителска школа во Скопје.[35]

На 1 март 1945 година започнала со работа Учителската школа во Скопје, прва од таков вид во слободна Македонија. Во учебната 1945/46 година била отворена учителската школа во Штип, а во учебната 1946/47 година била отворена учителската школа и во Битола.[36]

По предлог на Поверенството за просвета, Президиумот на АСНОМ, на својата седница одржана на 1 декември 1944 година, во Скопје, донесе Решение да се отвори: Средна художествена школа во Скопје. Школата имала два отсека: уметнички и учителски.[37]

Од 1935 до 1941 година во Скопје работи Музичкото училиште "Мокрањац". Во 1942 година, бугарските просветни власти отвориле Музичка гимназија во Скопје, која работи се до 1944 година.

По предлог на Поверенството за просвета, на седницата одржана на 1 декември 1944 година, Президиумот на АСНОМ донесе решение за отворање (покрај Средната художествена и Учителска школа), уште и Музичката академија во Скопје. За директор на Музичкото училиште бил назначен Трајко Прокопиев, родум од Куманово, а предавал виолина и солфеж.

На 2 февруари 1945 година, Средното музичко училиште ја започнало редовната работа.[38]

Врз основа на Уредбата донесена од Владата на НРМ заведена под број 7567 од 17 септември 1947 година, на први октомври 1947 година започна со работа првата Државна театарска школа.[39]

Во декември 1944 година Поверенството за народно здравје при Президиумот на АСНОМ донело одлука за отворање прво медицинско

---

[35] *Зборник на документи* ..., 499.
[36] Нада Јурукова, *Културно-просветни* ..., 98.
[37] Истото,,, 101.
[38] Нада Јурукова, *Културно-просветни* ..., 104-105.
[39] Истото,,, 106.

училиште за сестри во Скопје. Тоа започнало со работа во почетокот на февруари 1945 година.[40]

Средно медицинско училиште било отворено и во Битола. Во Штип било отворено едногодишно болничарско училиште и едногодишно бабичко (акушерско) училиште, кое од 1950/1951 година преминало во двогодишно училиште. Двете училишта работат во состав на Државната билница во Штип.

Во 1947 година во Скопје било отворено и Средно училиште за забари (дентисти).[41]

Во учебната 1947/48 година, во Скопје започнало со работа Првото училиште за помошници аптекари. Школувањето траело три години, а од учебната 1948/49 година, училиштето преминало во четиригодишно.

За задоволување на потребите од санитарни техничари и медицински лаборанти, а со решение на Министерството за народно здравје, во 1947 година е формирано Училиштето за санитарни техничари во Скопје.[42]

Президиумот на АСНОМ - Повереноството за информации и градежништво, на 7 декември 1944 година донесе Решение за отворање Средно техничко училиште во Скопје.

Средното техничко училиште во Скопје започнало со работа на 10 јануари 1945 година.

Во 1949 година е извршена првата поделба на техничкото училиште на градежно, индустриско и шумарско. Секое од нив, до 1952 година, работело како самостојна просветна институција.

Во Индустриското училиште постоеле неколку оддели: машински, електро-технички, рударски, хемиско-технолошки и текстилен.[43]

Во јануари 1945 година започна со работа Државната трговска академија, која во учебната 1947/48 година е преименувана во Економски техникум.[44]

---

[40] Истото,,, 107.
[41] Истото,,, 109.
[42] Истото,,, 110.
[43] Истото,,, 111-112.
[44] Истото,,, 112.

Веднаш по ослободувањето на Македонија почнува со работа Средното замјоделско училиште во Битола, во кое се стекнувало звањето земјоделски техничар од општ профил, а од 1950-1952 година се подготвуваат сточарски техничари.

Во учебната 1945/46 година започнало да работи Нижото земјоделско училиште за образување земјоделски техничари од општа насока.

Во 1945 година, за потребите на земјоделското стопанство, започнало со работа специјалното Нижото лозарско училиште во Штип.

Во учебната 1946 година се отвора Земјоделското училиште во Струмица, во кое земјоделските техничари и квалификувани работници се подготвува до учебната 1950/51 година.

Во 1946 година во Прилеп се отвора Тутунското училиште, во кое се подготвуваат тутунски техничари и други кадри за тутунопроизводство.

Во 1945 година во Куманово е формирано Специјално училиште за подготвување на трактористи, а работи до 1948 година. Во Куманово било формирано и Специјално нижо земјоделско училиште за механизација во земјоделството.

Во 1947 година во Свети Николе е формирано Земјоделско училиште кое подготвувало кадри за работа во тогашните машино-тракторски станици. Училиштето во Свети Николе работи до 1949 година, а потоа е преместено во Куманово.[45]

На својата трета седница, одржана од 2 до 5 септември 1944 година во манастирот "Св. Прохор Пчински" на дневен ред, покрај другото, Президиумот на АСНОМ, го постави и барањето да се проучи прашањето за отворање Универзитет.[46]

Во врска со значењето на Универзитетот, а по повод педесетгодишнината на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" д-р Вера Весковиќ-Вангели пишува: "И требаше да помине скоро еден цел

[45] Истото,,, 114-115.
[46] Истото,,, 117.

милениум за одново низ македонската земја да проструи ученоста и традицијата на Климентовата висока Охридска школа."[47]

Во извештаите кои зборуваат за отворањето на Филозофскиот факултет, сочувани се описите на свечениот собир (конференција), одржан на 29 ноември 1946 година, во зградата на Народната библиотека во Скопје, нуклеусот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". На свечен начин и со впечатливо воодушевување е отворен Филозофскиот факултет. Написот "Значењето на Филозофскиот факултет во Скопје", објавен на страниците на "Нова Македонија" во детали ја сочувал атмосферата во тие полетни денови, и особено на денот на свеченото отворање на факултетот. Во него се вели: "Народната библиотека во Скопје е полна со луѓе, облечени во убаво руво како за најголем празник. Свеченото отворање на Филозофскиот факултет се случи на 29 ноември 1946 година, а започнал со редовна работа на 16 декември, кога се одржани првите предавања."[48]

Во периодот од 1946 до 1952 година Филозофскиот факултет работел во просториите на зградата на Народната библиотека. Во својот состав имал два оддела и тоа: Историско-филолошкиот оддел со шест наставнонаучни групи (Македонски јазик, Југословенска книжевност, Историја со историја на уметноста, Романска филологија, Класична филологија и Филозофија со педагогија) и Природно-математичкиот оддел со пет наставнонаучни групи (Математика, Физика, Хемија, Биологија и Географија со етнологија). Во првата учебна година на Филозофскиот факултет биле запишани вкупно 548 студенти, од кои 427 редовни и 121 вонреден студент. Наставата ја изведувале 20 наставници и 1 асистент.[49] Од содржината на Заповедта бр. 1014 од 9.12.1946 година и од Заповедта бр. 1015 од 10.12.1946 година, се дознава дека првите наставни кадри на факултетот биле назначувани од министерот за народна просвета на НРМ. За прв декан на факултетот бил назначен проф. д-р Михаил Петрушевски (1946-1949), а за продекан проф. д-р Фран Петре.

---

[47] Вера Весковиќ - Вангели, *Историските исходишта на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Универзитет "Св. Кирил и Методиј"* Скопје 1949-1999, Скопје, 1999, 75.
[48] Нада Јурукова, *Културно-просветни* ..., 120.
[49] Истото,,, 120-121.

Значајна улога во создавањето високостручни кадри имаат и новоформираните Медицински и Земјоделско-шумарски факултет, основани 1947 година со слична културно-просветна детерминираност и намена.[50]

Филозофскиот, Медицинскиот и Земјоделско-шумарскиот факултет го сочинуваа првиот Универзитет во Македонија, што официјално бил формиран со Законот за Универзитетот во Скопје, донесен на 26 јануари 1949 година од Народното собрание на НР Македонија.[51]

Според Законот за универзитет во Скопје од 26 јануари 1949 година се утврдуваат и највисоките универзитетски органи на управување. Тие беа: Универзитетско собрание, Универзитетски совет и ректор. Во составот на Универзитетскиот совет влегувале: ректорот, проректорот, деканите и продеканите на факултетите. Ректорот бил и претседател на Универзитетскиот совет. На Првото универзитетско собрание за прв ректор на Универзитетот во Скопје бил избран д-р Кирил Миљовски, редовен професор на Земјоделско-шумарскиот факултет.[52]

## 1.2. Форми на народно просветување

Во повоените години еден од главните проблеми со кои се соочила државата, е неписменоста. Големиот број неписмени лица и недоволниот број на високообразовани кадри, се наметнуваат како еден од основните проблеми во образовниот процес. Затоа, веднаш по ослободувањето во Македонија започнуваат да се организираат аналфабетските курсеви, кои имаат за цел да го описменат населението. Тие се одржувале скоро во сите населени места, во кои постоеле услови за нивно одржување. Курсевите ги посетувале сите лица кои сакале да се описменат. а кои претходно тоа не го сториле.

---

[50] Истото,,, 121.
[51] Истото,,, 123.
[52] Истото,,, 125.

Народните универзитети како форма на народно просветување, исто како и аналфабетските курсеви, одиграле значајна улога за населението во повоените години. Преку одржување на разните видови предавања, вечерни школи, курсеви и сл., тие го издигнувале просветниот живот на едно повисоко ниво. За оние лица кои биле писмени или во повоените години се описмениле, библиотеките преку најразновидната литература што им ја понудиле на читателите, им овозможиле да ги збогатат своите знаења.

Како резултат на просветната политика на окупаторските режими, според податоците од Пописот од 1931 година во Македонија имало околу 75% неписмени лица над 10 годишна возраст.

На седницата од 2 до 5 септември 1944 година, во манастирот Прохор Пчински, Президиумот на АСНОМ донесе Решение за организирање аналфабетски курсеви. Во член 1 од Решението е констатирано: "Поради подигање на писменоста кај народот, се организираат аналфабетски курсеви".

Во Упатството од 30 септември 1944 година, доставено до Обласните народноослободителни одбори во Македонија, Поверенството укажува на потребата од организирање аналфабетски курсеви.[53]

Упатството за работа врз народното просветување од 8 март 1945 год., како и Упатството за работа со аналфабетските курсеви, кое датира од 11 април 1945 година, издадени од Министерството за просвета на ДФЈ, имаат мошне големо значење за организирањето описменување на возрасните.[54] Кон основните концепции, изнесени во овие два документи, биле должни да се придржуваат Министерствата за просвета при федералните единици, Главните одбори на Единствените синдикати на Југославија, АФЖ, Народната младина, како и повеќе други организации, кои, покрај другото, се занимавале и со народното просветување. За отстранување на неписменоста, во работата на народното просветување биле организирани и разни контролни органи - комисии. Тие биле

[53] Истото,,, 135-136.
[54] Тихомир Продановиќ, *Неколико зайажања о йроблемима народноī йросвечивања, Народна йросвеīа*, Загреб, 1946, 1-2, 22.

создавани при просветните оддели на народните одбори, од месни до републички. Биле хиерархиски поставени, а нивната работа ја контролирал Државниот одбор за ликвидирање на неписменоста.

Видна улога во борбата против неписменоста покажале комисиите за ликвидирање на неписменоста, кои биле организирани на разни нивоа (од месните па се до највисоките органи на власта), потоа евидентна е и дејноста што на тој план ја покажале и Агитпроп-одделенијата, Народниот фронт, АФЖ, младината и синдикатот. Факт е дека, во целокупната работа на народното просветување, во почетокот надостасувало единствено раководство и координирана работа. Носители на работата во борбата против неписменоста биле просветните работници, пред се учителите. Многу помала активност на планот на описменувањето покажале членовите на синдикатот.

Основна форма за описменување на возрасното население се аналфабетските курсеви. Нивното времетраење изнесувало од 1 до 3 месеци. Аналфабетските курсеви биле организирани најчесто за време на зимските и првите пролетни месеци.[55]

Неоспорен е фактот дека само за неколку години, од крајот на 1944 до 1950 година, голем број лица (185.099) стекнале основна писменост. Иако понекогаш имаше и форма на принуда, таа работа создаде основа за културно издигнување на масите. Од 1948/49 година бројот на описменетите лица веќе се намалува. Партијата, (КПМ), по судирот со информбирото, била ангажирана со многубројни и поважни работи, што, секако, не можеше а да не се одрази и врз планот за описменување на возрасното население. Започнува да се намалува интересот на партиските организации за таа работа, спласнува активноста на некои комисии за ликвидирање на неписменоста и слично. Меѓутоа, и покрај сето тоа, работата на описменување на возрасното население продолжува и понатаму. Мерки за описменување на неписменото население сеуште преземаат органите на народната власт.[56]

---

[55] Нада Јурукова, *Културно-просветни* ..., 137.
[56] Истото,,, 150.

Уште во текот на НОАВМ, со цел работата на Народните универзитети да се изедначи, Просветниот оддел при Извршниот одбор на АВНОЈ, во декември 1942 година, изработува Статут на народните универзитети. Во него биле назначени организационите и идејните насоки на културно-просветните установи за воспитување и образование на возрасното население. Нивната цел била "да создаваат прво, општи знаења, и второ со посебни (виши и стручни) курсеви на целиот народ да му ги стават на располагање сите научни знаења од разни области на животот неопходни за неговиот развој."[57]

Формирањето на народните универзитети станувало на основачки конференции, кои обично се одржувале во салите на народните театри, кино салите, во просториите на културните домови, училиштата и слично. На основачките собранија била донесувана и конкретна програма за работата на народните универзитети. Дејноста на народните универзитети била поделена на неколку секции и тоа: прва секција за предавања; втора за пригодни академии и културни филмови; книжевни вечери и сликарски изложби; трета музичка секција за одржување на музички и вокални концерти; и четврта, техничка секција.[58]

Во еден статистички извештај, кој датира од крајот на јуни 1945 година, се говори дека од ослободувањето па се до крајот на јуни 1945 година, во Македонија биле организирани се на се 23 народни универзитети на кои, според истиот извор, биле одржани вкупно 109 предавања. Во периодот од 11 април до крајот на мај 1945 година, Народниот универзитети од Скопје одржал 11 предавања, 2 свечени академии, а биле прикажувани и неколку филмови. Од одржаните 11 предавања, 3 биле од обласна на историјата, 5 од македонската културна историја, а по едно од економијата, политиката и воената историја. Очиглено е дека Народниот универзитет во Скопје посветувал сериозно внимание врз просветувањето на населението. Во предавачката дејност на Народниот универзитет во Скопје активно учество зеле повеќе предавачи

---

[57] Status narodnog univerziteta, decembar 1942, Prvo i drugo zasedanje AVNOJ-a, Sarajevo 1963, 99-100; S.Nesovic I B. Petranovic, AVNOJ I Revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941-1945, Beograd 1983, 289-290.

[58] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 151-152.

од различни профили и наобразба, од кои некои држеле по две и повеќе предавања.[59]

Предавања на Народните универзитетите биле одржани и во следните градови: Тетово, Гостивар, Куманово, Кратово, Радовиш, Струмица, Валандово, Берово, Пехчево, Гевгелија, Велес, Кавадарци, Неготино, Прилеп, Кичево, Крушево, Битола, Охрид и др.

Народните универзитети биле раководени од одбори-управи, во чиј состав влегувале: едно стручно лице - просветен работник, претставник на посетителите на предавањата на Народните универзитети, претставник на органите на народната власт и еден претставник на општествено-политичките организации.

Вистинска димензија, местото и актуелноста на Народните универзитети условија при Министерството за просвета на НРМ на 1 декември 1949 година да се формира Централна управа на народните универзитети во Македонија.

Во јануари 1950 година, Централната управа на народните универзитети донесе Упатство за работа. Упатството било доставено до обласните, околиските и градските поверенства за просвета.[60]

Кон крајот на 1944 година, Президиумот на АСНОМ-Поверенство за просвета, покренува иницијатива за заштита на книжевниот фонд и за развој на библиотекарството, која почнува да се реализира во 1945 година. Тогаш во Македонија се создаваат и неопходните услови за организирање на библиотечната дејност.[61]

Президиумот на АСНОМ-Поверенство за народна просвета, на 23 ноември 1944 година донел одлука за основање Народна библиотека во Скопје.[62]

Во 1945 година народни библиотеки биле формирани во Битола, Гевгелија, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Куманово, Охрид,

---

[59] Истото„ 152-153.
[60] Истото„ 162.
[61] Истото„ 164-165.
[62] *Библиотекарска искра*, Скопје, 1969, бр.13,15.

Прилеп, Ресен, Свети Николе, Скопје, Струга и Тетово; во 1946 година во Берово, Струмица, Велес и Штип; во 1949 година во Пробиштип итн.[63]

Анализата на положбата на библиотеките на Македонија претставува своевиден показател на културното ниво во поедини средини. Во Македонија во 1945 година биле формирани 82 народни библиотеки, со приближно 230.000 единици книжевен фонд. За релативно кратко време, активностите за развој на библиотечната дејност се се поинтензивни и земаат се поголем замав, од што резултира перманентното зголемување на бројот на новоотворени библиотеки. Бројната состојба на библиотеките од 1946 до 1949 година се гледа од следните статистички податоци.[64]

Во Македонија, во 1946 година имало вкупно 488 библиотеки со вкупно 29.295 членови, кои прочитале околу 26.043 книги; во 1947 година биле регистрирани 917 библиотеки со 119.357 членови, кои прочитале 125.288 книги; во 1948 година имало 1.137 библиотеки со 270.618 членови, кои прочитале 186.352 книги; а во 1949 година имало околу 1.195 народни библиотеки во градски, приградски и селски населби. Само за 6 месеци од оваа година евидентирани се 192.389 читатели кои прочитале вкупно 118.756 книги.[65]

Народната библиотека од Скопје била организатор на повеќе курсеви и семинари за оспособување на библиотечни работници. Тие претставувале погодна форма за стручно издигнување на библиотечниот кадар. Во Скопје, од 21 ноември до 1 декември 1946 година е одржан првиот десетдневен библиотекарски курс, на кој учествувале 30 лица, претставници на повеќе библиотеки од Македонија. Вториот библиотекарски курс е одржан пак во Скопје, од 15 до 30 април 1947 година.[66]

Друштвото на библиотекари на Македонија било формирано на 16 септември 1949 година во Скопје, во просториите на Средната музичка

---

[63] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 2003, 168.

[64] Ѓорѓи Киселинов, *Библиотекарството во минатото во Мекадонија*, Библиотекарска искра, Скопје, 1956, бр. 5 и 6.

[65] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 168-169.

[66] Истото,,, 169.

школа. Формирано е на иницијатива на Министерството за просвета на НРМ и со помош пред се на Народната библиотека (денес НУБ "Климент Охридски"-Скопје). На основачкото собрание присуствувале 49 библиотекари - претставници на градските библиотеки од Македонија. На основачкото собрание бил избран Управен одбор, а за претседател на Друштвото бил избран проф. Епаминонда Попандонов од Гевгелија. Исто така, биле избрани и делегати за Првиот конгрес на Сојузот на државните библиотеки на ФНРЈ кој се одржал од 23 септември 1949 година во Љубљана.[67]

На 19 Ноември 1950 година во Скопје, е одржано второто годишно собрание на Македонското библиотекарско друштво. За претседател на Друштвото одново бил избран Епаминонда Попандонов.

Третото годишно собрание Друштвото го одржа на 24 февруари 1952 година, а за претседател е избран Митко Зафировски директор на Народната библиотека во Скопје.[68]

## 1.3. Културата и уметничкото творештво

Културната историја, како една од гранките на историјата, е таков вид на историја, во која, скоро секогаш се зборува за убави и позитивни настани, односно за нејзиниот позитивен развој и напредок. Корените на културата во Македонија треба да ги бараме неколку векови наназад, а нејзиниот вистински развој започнува веднаш по Втората светска војна. Тогаш, веќе започнува поорганизирана дејност во сите свери на културата и уметничкото творештво, а голема заслуга за тоа имаат институциите, како места кои ги овозможуваат неопходните услови за нивниот непречен развој. Кината и останатите институции се местата на најголемите културни збиднувања, заедно со останатите институции.

На следните страници накратко ќе проговориме за развојот на културата и уметничкото творештво во повоените години во Македонија, преку литературното творештво, театарот, операта, балетот, печатот,

[67] Истото„ 172.
[68] Истото„ 173.

радиото, филмот, музичката дејност, ликовното творештво, науката, издавачката и музејската дејност.

Во атмосфера на забрана на македонското име во сите три дела на распарчена Македонија, со крвави пресии над секого што се чувствувал како Македонец, и кој се залагал за правото на македонскиот јазик на егзистенција, тешко можело да се пројави нешто како македонска литература. Во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, која тогаш се наоѓала во составот на новото Кралство на СХС, под своевидни околности, и покрај сите забрани на изразување, започнал еден литературен процес на македонски јазик. Лево ориентирани весници и списанија, по цена и на забрана на поедини броеви, како на пример, скопски "Луч", објавуваат текстови од македонски автори, од Радослав Петковски (1916-1955) Воислав И. Илиќ-Најмладиот (1916-1988), Цеко Стефанов(иќ) Попиванов (1907-1944), Богдан Сираков(иќ) (1902-1969), Јован Костиќ (1907-1980), Христо Попсимов(иќ) (1916-1980) и други. Меѓутоа, факт е дека тежиштето на македонската литература во периодот меѓу двете светски војни го сочинува македонската драма, во основа означена како битова, со самото тоа и социјална од една страна, како и поезијата на Рацин, Неделковски, Венко Марковски и други автори.[69]

Васил Иљовски (1902-1995), со драмскиот текст "Ленче Кумановче" напишан на кумановски дијалект, ќе ја отвори "серијата драмски реализации на македонски јазик од 1928 до 1941 година преку скопската театарска сцена. Се покажало дека драмата ги подгрева националните емоции кај македонската публика".[70] В. Иљоски е автор и на комедијата "Чорбаџи Теодос", играна на сцената на театарот во Скопје во 1937 година, под наслов "Нагазио човек".

Антон Панов (1906-1976) е автор на драмската пиеса со социјален мотив "Печалбари", изведена на скопската театарска сцена во 1936 година, а објавена на македонски јазик во самата дворска печатница. Пред војната Панов напишал и други текстови, како што се: "Роденденот на Серјожа Јегоркин" (1928), "Тимка" (1930), "Го јаделе болви" (1930) -

---

[69] Истото,,, 187-188.
[70] Ѓорѓи Сталев, *Последниве сто години македонска книжевност*, Скопје, 1994, 14.

раскази. Автор е и на “Стега” - драма на идеи, како што ја нарекувал К. Рацин, подоцна преработена под наслов “Вероника”(1939).[71]

Третиот претставник на драмската литература е стружанецот Ристо Крле (1900-1975). Ги напишал драмите “Парите се отепувачка” (1938), “Антица” (1939) и “Милиони маченици” (1940).[72]

Рацин е еден од вистинските основоположници на современата македонска литература.[73]

За Рацин е познато дека првите песни ги напишал уште 1929 година. Десет години подоцна, пак, во 1939 година, во Самобор ја издаде првата збирка песни “Бели мугри”. Иако објави само една стихозбирка, споменатите “Бели мугри”, “тој ќе стане горододомничка фигура и не само во сопственото време”.[74]

Во редакција на Кочо Рацин, што поетот ја извршил непосредно пред својата смрт, во средината на 1943 година, се појави првата збирка “Македонски народноослободителни песни” печатена во партизанската печатница “Гоце Делчев” на планината Лопушник, на местото на Рациновата погибија. Збирката содржи 20 песни создадени во тоа време. Значајна е и втората стихозбирка под ист наслов, печатена во селото Битуше истата година. во месец јули-август. Содржи 11, главно народни песни. Во нив има и неколку песни од стружанецот Владо Малески, кој составил песни - маршови за партизанските единици. Една од нив, како што е познато, подоцна стана химна на Република Македонија. Тоа е песната “Денес над Македонија”. Потоа следат песните на Мирче Ацев, Страшо Пинџур, Цветан Димов, на македонските партизани и други. А некои од песните кои се објавени во првата и втората книга на мошне популарните Македонски народноослободителни песни, се создадени од Дојчинов, Илија Топаловски Аврам и други.

Првата партизанска песна во Македонија е “За смрт сите спремни сме” - колективна творба, составена од 7-мина автори, главно во вид на

[71] Нада Јурукова, *Кулшурно-йросвешни* ..., 188-189.
[72] Ѓорѓи Сталев, *Последниве сшо години* ..., 15.
[73] Нада Јурукова, *Кулшурно-йросвешни* ..., 189.
[74] Ѓорѓи Сталев, *Последниве сшо години* ..., 16.

декларација, прокламација, агитација, повик за борба, со цврста верба во сопствените чекори.[75]

Коле Неделковски (1912-1941) е идеен приврзаник на Рацин, уште повеќе и на Македонскиот литературен кружок во Софија под раководство на Вапцаров. Авторот на стиховите: "М'скавици" (1940) и "Пеш по светот" (1941) е еден од оние революционер-патриоти, кои го дадоа својот живот за да не паднат во рацете на фашистичката бугарска полиција. За него идејата беше поскапа од неговиот живот. Тоа се случи и со младиот поет Мите Богоевски (1919-1942) од кого ни останаа само неколку песни, од кои една стана антологиска "Спроти Илинден".

Рампо Левката (1909-1942), автор е на поемата "Бабуна", објавена во прилепскиот билтен "Народен глас".

Најобемен квантум во текот на НОАВМ има создадено Венко Марковски (1915-1987), околу 20.000 стихови. Едно е јасно, дека Марковски бил поет со неисцрпна енергија, дека пишувал стихови со грандоманска амбиција да создаде "епохални спевови" и романи во стихови.[76]

Најчест мотив во оваа поезија е маченичката смрт на младите, но во борбите веќе прекалени борци Мирче Ацев, Страшо Пинџур, Цветан Димов. Забележливо е дека има многу груб натурализам во сликите на тортурата што е вршена над погоре именуваните херои.[77]

Додека уште се воделе борби за Срем и за северозападните делови на Југославија, излегла од печат првата во повоена Македонија, стихозбирка "Песни" (1944) од поетот Ацо Шопов (1923-1981), со тематика од НОБ. Оваа збирка била издание на "млади борац" од Белград, со посвета "Братској македонској омладини за њен II конгрес-Антифашистичка омладина Србије". Стихозбирката има се на се девет песни. Од овој период подолго време се задржува песната "Партизанска пролет", а особено песната "Очи" која успеала да се пробие во антологиите.[78]

---

[75] Нада Јурукова, *Културно-просветни* ..., 191.
[76] Истото,,, 191-192.
[77] Ѓорѓи Сталев, *Последниве сто години* ..., 21.
[78] Нада Јурукова, *Културно-просветни* ..., 193.

Литературата од периодот на НОАВМ претставува суштински предуслов "за идниот слободен и богат творечки развој на македонската литература".[79]

Со своето жанровски разновидно книжевно и научно дело, во текот на НОАВМ или веднаш по неа ќе се афирмираат поголем број писатели и поети меѓу кои: Блаже Конески, Димитар Митрев, Ванчо Николески, Васил Куновски, Ѓорѓи Абаџиев, Стале Попов, Иван Точко, Гого Ивановски, Лазо Каровски, Александар Спасов и многу други, како и драматурзите од предвоениот период: Васил Иљоски, Антон Панов и Ристо Крле. Сите тие дадоа своевиден придонес за развојот на македонското литературно дело.[80] Историјата на литературата и на уметноста воопшто, секогаш продолжува во еден правец - како што би рекол Фриц Мартин - таа секогаш е историја на патот на уметноста.[81]

Друштвото на писатели на Македонија се издвоило од Друштвото на уметници, научници и журналисти и на 17 февруари 1946 година го одржало неговото основачко собрание. Биле избрани управа, пленум, надзорен одбор и суд на честа.[82]

На 13 февруари 1947 година, Друштвото го одржало своето годишно собрание. Управата на Друштвото на писатели на Македонија, во 1947 и 1948 година ја сочинувале: Блаже Конески, претседател; Димитар Митрев, секретар; и Славко Јаневски, член.[83]

Од писателите кои во првите години по војната со своето книжевно творештво се истакнале: Стале Попов (1900-1965), по годините на раѓањето најстариот претставник во новоената македонска литература. За кратко време, помеѓу 1951 и 1953 година објавил повеќе раскази, за во 1953 година да го објави романот "Крпен живот".[84]

Ѓорѓи Абаџиев (1910-1963) литературната работа во Македонија ја започнал со расказот "Двајцата другари", што е објавен во зборникот

---

[79] Историја на македонскиот народ, кн.3, Скопје, 1969, 471.
[80] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 193.
[81] Фриц Мартин, *Историја немачке књижевности*, изд. "Неолит", Београд, 1971, 674.
[82] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 196.
[83] *Zivot udruzenja knjizevnika*, "Knjizevne novine",organ saveza knjizevnika Jugoslavije, br. 10, I, Beograd, 1948, 4.
[84] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 198.

"Илинден" (Скопје, 1984). Расказот "Ножот" првпат го објавува во списанието "Нов ден" (бр. 1-2, 1949), а по него и други раскази, фрагменти од романи објавува во разни списанија. Автор е на книгите: "Изгрев" (раскази, 1950); "Епопејата на Ножот" (брошура, 1951); "Последната средба" (раскази, 1953).[85]

Иван Точко (1914-1973), развил забележителна творечка активност. На страниците на првиот број на списанието "Нов ден" го објавил расказот "Јон" (1946). Првата книга раскази, "Бојана" (1953), ја напишал со тематика од минатото.[86]

Радослав Петковски (1916-1955), раскажувач и драмски писател, напишал две зирки раскази, "Рашанец" (1950) и "Рибарот Климе" (1953), како и драмата "Збогум татко" (1951).[87]

Владо Малески (1919-1984), покрај реализираната поезија во текот на НОАВМ, по ослободувањето ќе настапи и како прозаист, објавувајќи ги своите први раскази "Селанката од копачка", "Прва вечер", "Фиданка" и други. Потоа ќе ја публикува и првата збирка раскази, "Ѓурѓина алова" (1950), насловена според истоимениот расказ, а по неа и книгата раскази "Бранувања" (1953).[88]

Димитар Митрев е автор на делата: "Пиринска Македонија во борбата за национално ослободување" (1950), "Антологија на македонската лирика", со Блаже Конески (1951), "Вапцаров" (1953) и други.

Со големи амбиции се јавува и Јордан Леов (1920-1998), личен пријател на К. Рацин. Леов е автор на следните дела: "Борците од два Илиндена" (1945), пиеските "Првиот копач" (1948), "Свети Илија и светото магаре" (1949), "Три шајки" (1950), објавена и на албански јазик, "Посилни од смртта" (раскази, 1952), "Длабока рана" (раскази, 1953).[89]

---

[85] Јован Бошковски, "*Историската белетристика на Ѓорѓи Абаџиев*", предговор, "Избор" на Ѓорѓи Абаџиев, изд. "Кочо Рацин", Скопје, 1964, 5-6.
[86] Миодраг Друговац, *Повоени македонски писатели*, I, Скопје, 1986, 110-114.
[87] Истото.
[88] Истото,, 145-181.
[89] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 199.

Јован Бошковки (1920-1968), е автор на првата книга раскази на македонски јазик "Растрел" (1947). Автор е и на делата "Бегалци" (1949) и "Блокада" (1950).[90]

Славко Јаневски (1920-2000), претставува исклучителна појава и личност во современата македонска литература. Автор е на книгите: "Крвава низа" (1945), "Пруга на младоста" со Ацо Шопов (1946), "Пионери, пионерки, бубачки, и шумски ѕверки" (1946), "Распеани букви" (1946), "Милиони џинови" (1948), "Егејска барутна бајка" (1949), "Песни" (1950), "Лирика" (1951), "Село зад седумте јасени" (1952), "Шеќерна приказна" (1952).[91]

Коле Чашуле (1921), дебитирал како поет, но особено се афирмирал со неговата драмска литература. Првите раскази и првата драма, "Задруга", со својата ориентација му припаѓаат на т.н. соц. Реализам, со сите одлики на една ангажирана литература, но и едно почетништво. Чашуле е автор на следните дела: "Една вечер" (драма, 1948), "Последните гаврани" (драма, 1950), "Задруга" (драма, 1950), "Првите дни" (раскази, 1950), "Народен херој Страшо Пинџур" (монографија, 1950), "Раскази" (1953) и други.[92]

Блаже Конески (1921-1993) е поет, есеист, раскажувач, преведувач на поезија и изразита творечка личност во подрачјето на македонистиката. Учествувал во составувањето на правописот на македонскиот литературен јазик (1945). Конески е автор на делата: "Земјата и љубовта" (поезија, 1948), "Македонски правопис со правописен речник" со Крум Тошев (1950), "Граматика на македонскиот литературен јазик" прв дел (1952), "За македонскиот литературен јазик" (1952), "Песни" (1953) и други.[93]

Раната литературна дејност на Ацо Шопов (1923-1982), резултира од неговото учество во партизанското движење.

По револуционерната фаза ќе ги објави уште и следните поетски книги: "Песни" (1944), "Пруга на младоста", со Славко Јаневски (1947),

---

[90] Истото,,, 341-364.
[91] Истото,,, 216-312.
[92] Истото,,, 365-399.
[93] Ѓорѓи Сталев, *Последниве сто години* ..., 35-36.

"На Грамос" (1950), "Со наши раце" (1950), "Стихови за маката и радоста" (1952).[94]

Во првите повоени години и писателите за деца го создаваа и развиваа своето творештво и стекнаа литературна слава. Најпознати повоени писатели за деца се: Ванчо Николески, Борис Бојаџиски, Волче Наумовски, Васил Куновски, Гого Ивановски, Лазо Каровски, Србо Ивановски, Гане Тодоровски.

Македонскиот народен театар е востановен како прв професионален театар во Македонија со законски акт на Президиумот на АСНОМ од 31 јануари 1945 година, заведен под број 581/45.[95]

Во почетното јадро на МНТ биле: Димитар Ќостаров, Илија Милчин, Петре Прличко, Тодор Николовски, Крум Стојанов, Василие Поповиќ - Цицо, Тома Владимирски, Блаже Конески, како и имињата на Коле Чашуле, Илија Џувалековски, Милена Година, Мери Бошкова, Трајко Чоревски и др. [96]

Имало големо интересирање од страна на гледачите за одржување на пиесата "Платон Кречет" од Александар Корнејчук, советски автор, со која целовечерна драмска претстава на 3 април 1945 година и официјално бил отворен Македонскиот народен театар.[97]

Во почетниот период на конституирањето на Македонскиот народен театар, за да постигнат голем успех артистите работеле деноноќно. Освен со театарска дејност, голем дел од нив биле ангажирани и со ред други работи од општествено-економскиот и политичкиот живот на земјата. Во врска со тоа мошне е интересна изјавата на артистката Кондова: "Одевме да работиме во 8 часот наутро, а се враќавме на полноќ, водев скоевска група, аналфабетски курсеви, раководев со младината, ја проучував историјата на Партијата во дебатни кружоци...; тогаш сето тоа беше нормално, природно...".[98]

---

[94] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 201.
[95] Истото,, 203.
[96] Истото,, 204.
[97] Истото,, 205.
[98] Коле Чашуле, МНТ - *од почетоците кон сегашноста*, "*40 години на Македонскиот народен театар, 1945-1985*" (Зборник на теми од Симпозиумот."*40 години на Македонскиот народен театар, 1945-1985*"), Скопје, 1986, 3.

Во почетната фаза, кога МНТ ја започнала својата работа, персоналот се состоел од околу 40 лица.[99]

Со изведбата на драмата "Платон Кречет" од Александар Корнејчук, на 3 април 1945 година во Скопје почна континуирано да работи МНТ, со физиономија на комплетен репертоарски театар. Почетоците на театарот не се без традиција. Во изведбата на првата целовечерна театарска претстава на скопската публика и се претставиле артисти што на еден или друг начин, во еден или друг театарски центар, веќе имале допир со театарот. Такви се доајените на мекадонската театарска уметност:[100] Димитар Ќостаров, Илија Милчин, Тодор Николовски, Петре Прличко, Крум Стојанов, Илија Џувалековски, Милена Година, Трајко Чоревски.

Втора претстава била "Народен пратеник", дело од богатиот опус на комедиографот Бранислав Нушиќ, кој во МНТ станал, како што е речено, "куќен автор", Премиерната изведба на 5 мај 1945 година, во режија на Тодор Николовски.[101]

Голема заслуга за водењето на уметничката политика, аналогно на тоа и во изборот на репертоарот, имаат раководните лица на МНТ и тоа пред се: Димитар Ќостаров (управител на МНТ од 1945 до 1948 и директор на Драмата од 1945 до 1957 година), Коле Чашуле (од 1948 до 1950 година) и Перо Коробар (управител на МНТ од 1950 до 1957 година).

На чело на режисерската гарнитура во ова време се наоѓа Димитар Ќостаров, кој од вкупно 37 претстави, колку што се одиграни на сцената на МНТ од 1945 до крајот на 1952 година, 21 драмска претстава се во негова режија, а две претстави режира заедно со други.

Второто режисерско име од тие години е популурниот артист Петре Прличко, кој самостојно има режирано 6 драми и 2 заедно со Тодор Николовски. Од 1949 година на сцената на МНТ како режисерско име се појавува и луцидниот Илија Милчин, кој со својот нов естетски режисерски израз значеше освежување во театарот. Во овој период

---

[99] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 208.
[100] Истото,,, 210.
[101] Истото,,, 211-212.

Милчин има режирано самостојно 4 драмски претстави и една заедно со друг.[102]

Според анализите на репертоарот на МНТ во првите години по ослободувањето, односно од 1945 до 1953 година, на сцената се прикажани 5 дела на Бранислав Нушиќ. Тоа се: "Народен пратеник" (1945 година), режија Т. Николовски, сценографија Т. Владимировски; "Сомнително лице" и "Власт" (1945 година), режија Д. Ќостаров, сценографија В. Поповиќ-Цицо; "Ужалена фамилија" (1951 година), режија П. Прличко, сценографија Т. Владимирски; "Госпоѓа министерка" (1952 година), режија Д. Ќостаров и П. Прличко, сценографија Б. Костовски.[103]

Една година по основањето и по изведбата на првите претстави од 27 мај до 3 јуни 1946 година МНТ ја издаде својата прва поголема турнеја. Гостуваше во Белград.[104]

Во наредните години МНТ ќе гостува и во други центри низ Југославија. Така, во почетокот на 1948 година ансамблот на МНТ ќе ја реализира првата поголема турнеја низ Југославија. Артистите на МНТ настапиле на театарските сцени во Ниш, Нови Сад, Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Цетиње и други градови.[105]

Во 1946 година ансамблот на МНТ, ќе направи турнеја низ Пиринска Македонија: во Банско, Јакоруда, Горна Џумаја, Неврокоп, Разлог и Свети Врач.

Во текот на 1946 година ансамблот на МНТ ќе гостува и во Софија (НР Бугарија).[106]

Вистински Иницијатори и реализатори на идејата за создавање куклена секција при МНТ биле артисти Петре Прличко и Светлана Малажхова.

Значаен датум во хронологијата на културните настани на македонската историја од областа на театарската дејност е 21 април 1946 година, ден кога при Македонскиот народен театар дошло до формирање

[102] Истото,,, 221.
[103] Истото,,, 223.
[104] Истото,,, 223.
[105] Истото,,, 229.
[106] Истото,,, 229.

куклена сцена, извонредно значаен и неопходен сегмент во театарското творештво. На 21 април 1946 година во Скопје е изведена првата премиерна куклена претстава. Тоа е претставата "Силјан Штркот", успешен избор од македонското народно творештво собрано од Марко Цепенков-луциден собирач на македонскиот фолклор.[107]

Куклениот театар на 2 февруари 1947 година дал втора премиерна претстава. Тоа е "Шумска дружба" каде што куклите, како и во првата претстава, биле изработени од Светлана Милахова. Автор на поетскиот текст во "Шумска дружба", е Славко Јаневски, кој "на успешен и вешт начин, зафаќа еден момент од актуелната реалност на нашите пионери - стремежот за учествување во изградбата е даден во рамките на една Шумска бајка и со средствата и елементите на басната".[108]

Народните театри со подолга традиција, како што е случај со театрите во Битола, Куманово, Струмица, Штип, Прилеп, Велес, Охрид и други градови, играат видна улога во афирмацијата на македонската национална култура. Со осведочена активност во текот на нивното постоење, во годините по ослободувањето тие се потврдија како важни сценски институции.[109]

Врз основа на Решението на Извршниот одбор на Градскиот НОО Скопје, заведено под бр. 4579 од 1950 година, бил основан Театарот на малцинствата во Македонија со име "Малцински народен театар" - Скопје. За прв директор бил именуван Абудуш Хусеин, активен општествено-политички и културен работник, кој бил произлезен од Државната театарска школа во Скопје. За помошен директор на Театарот бил назначен Бехаедин Красниќи.[110]

Редовната работа театарот ја започнал во јануари 1950 година. Неговиот состав го сочинувале турската и албанската театарска група. Првата претстава на албанката група на Театарот е "Женачка" од Гогољ, а на турската "Сомнително лице" од Нушиќ.

---

[107] Истото,,, 232.
[108] Види: "Нова Македонија", од 2 февруари 1947 година, напис: Денес ќе се играе премиерата на Куклен театар за деца "Шумска дружба".
[109] Нада Јурукова, *Кулшурно-ӣросвеШни* ..., 237.
[110] Истото,,, 252.

Основното јадро на уметничкиот ансамбал било составено од актери-членови на КУД "Јени Јол" и "Емин Дураку". Во театарот биле ангажирани и лица од драмските секции на КУД "Џеладин Зекири" од гимназијата во Тетово, како и од КУД "Братство-Единство" од Дебар.[111]

До основањето на Државната опера во Македонија не може да се зборува за посистематска работа во доменот на музичкото творештво. Идејата за реализација на оперски творби дале неколку големи љубители на музичката сценска уметност, основоположници на Друштвото пријатели на музиката, основано 1936 година во Скопје.

"Друштвото пријатели на музиката" од 1936 до 1940 година, пред скопската публика се претставило со две целовечерни претстави, "Трубадур" од Верди, и "Кавалерија рустикана" од Маскањи, како и со оперски фрагменти (понекогаш и цели дејства) од "Фауст" на Гунов, од "Кармен" на Бизе од "Еврејка" на Хелер итн.[112]

На 8 декември 1944 година, во зградата на МНТ, организирано е свечено чествување со богата културно-уметничка програма, по повод денот на Св. Климент Охридски. Во оваа прослава учествувале и Хорот на женската гимназија од Скопје, диригент Стефан Гајдов, и Радио-оркестарот со диригент Трајко Прокопиев.[113]

Интерес за формирање на Операта пројавила една група македонски музичари ентузијасти: Тодор Скаловски, Петре Богданов-Кочко, Трајко Прокопиев, Живко Фирфов, Стефан Гајдов и други. Тие дале поддршка на иницијативата на создавање опера во Македонија, која би ги одразувала во прв ред потребите на достигнатиот степен во развојот на музиката во Македонија, а од друга страна се имале предвид и потребите на населението.[114]

Во зградата на МНТ започнало интензивно да се работи на подготвувањето на изведбата на првото оперско дело "Кавалерија Рустикана". Имајќи го предвид историското значење на изведбата на операта, пијанистката Лилјана Костиќ, корепетитор, во еден напис

[111] Истото,,, 253-254.
[112] Истото,,, 255.
[113] Истото,,, 256.
[114] Истото,,, 259.

пишува: “со нечуен и невиден ентузијазам, во зградата на МНТ, дење и ноќе работиме на подготвувањето за изведба на првото оперско дело”.[115]

По извршените подготовки, на 9 мај 1947 година, во зградата на МНТ во Скопје е изведена премиерата на првата опера во Македонија “Кавалерија Рустикана” од Пјетро Маскањи; режисер Бранко Поморишац, диригент Тодор Скаловски.[116]

Првото гостување во операта “Кавалерија Рустикана” организирано е на 21 ноември 1947 година, кога Крста Ивиќ од Белград, пред македонската публика ќе се претстави во улогата на Туриду. На 12 декември 1947 година, како гости во главните улоги од операта “Кавалерија Рустикана” скопската публика, ќе ги забележи Елена Томиќ, Симона Крста Ивиќ Павле Колтков.[117]

Во текот на истата година, уште седумнаесет пати била изведена “Кавалерија Рустикана” со несмален успех. Ова кратко, но значајно искуство, претставува широко поле за размислување на изведби на нови оперски дела. Се очекувало официјално решение на Владата на НРМ, со кое Македонија ќе добие Државна опера. Во август 1947 година бил основан Комитетот-раководно тело со задача да раководи и да ги изврши сите неопходно подготовки за основањето на Операта. Во составот на Комитетот влегле Стефан Гајдов, Петре Богданов-Кочко, Трајко Прокопиев и Димитар Ќостаров.[118]

Како резултат на активноста на Комитетот за организационо оформување на Операта, на 1 јануари 1948 година, со Решение на Владата на НР Македонија, во Скопје се основа Државна опера на НР Македонија. Дотогашниот диригент на симфонискиот оркестар на Радио Скопје, Тодор Скаловски, е наименуван за прв директор на Македонската опера.[119]

Со основањето на Операта, се јавува и потреба за основање балет при МНТ. Во 1949 година Мекадонскиот народен театар ја доби својата

---

[115] Лилјана Костиќ, *Подготовки за изведбата на првата опера во Македонија*, "Нова Македонија", двобој од 1 и 2 мај 1947 година, 14.
[116] Нада Јурукова, *Културно-просветни* ..., 260.
[117] Истото,,, 261.
[118] Види: "Нова Македомнија", 31 август 1947, 6.
[119] Нада Јурукова, *Културно-просветни* ..., 261.

конечна организациона и уметничка физиономија: Драма, Опера со хор и оркестар, и Балет (самостоен по 1979 година).[120]

"Травијата" од Ѓузепе Верди била изведена на 29 ноември 1949 година. Тоа е дело што станало најгледано на оперската сцена. Во "Травијата" има бележити балетски сцени, затоа со изведбата на оваа опера може да се рече дека практично започнала работата на Балетот при МНТ.

На 27 јануари 1949 година, Балетот на МНТ ја прикажа својата прва премиера со балетот "Валпургиска ноќ", од операта "Фауст" на Шарл Гуно балет во една слика. Кореограф бил Ѓорѓи Македонски, диригент Трајко Прокопиев, сценограф Василие Поповиќ-Цицо, костимограф Милица Бабиќ-Јовановиќ, корепетитори Јуриј Тростјански и Ладислав Палфи.

Во втората половина на 1949 година, балетскиот колектив при МНТ го сочинувале 25 постојани балетски играчи и 16 хонорарни.[121]

Во првите години на НОАВМ, условите биле такви што не дозволуваа да дојде до покренување централен весник. Во тоа време печатот има карактер на повремени гласила. Се појавувале "Билтен", "Народен билтен", "Весник" (Скопје), "Востаник" (Тетово) и други гласила кои се под директно раководство на Партијата.[122]

Списанието "Илинденски пат" орган на НОФ, може да се смета за вистински почеток на современиот македонски печат. Било покренато по иницијатива на ЦК на КПМ и Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија. При крајот на март 1944 година бил објавен првиот број на "Илинденски пат", како тробој 1-2-3, за јануари, февруари и март 1944 година, отпечатен во Дебарца, број 4 и двобојот 5-6 во с. Ехловец-Кичевско, а двобојот 7-8 во Штип.[123]

Во исто време, во март 1944 година, се појавил и весникот "Млад борец", орган на народната младина на Македонија, за чие основање било

---

[120] Истото,,, 263.
[121] Истото,,, 264-265.
[122] Истото,,, 268.
[123] Боро Мокров, Томе Груевски, *Преглед на македонскиот печат* 1885-1912, Скопје 1993, 125.

одлучено на Првиот конгрес на НОМСМ (уште во декември 1943 година). Печатењето на “Млад борец” започнало во март 1944 година, кога излегол неговиот прв број.[124]

Непосредно по Првото заседание на АСНОМ се појавува и повремениот информативен весник “Наша хроника” - орган на Поверенството за пропаганда на Президиумот на АСНОМ. Излегува од 30 септември до 20 октомври 1944 година во с. Горно Врановци. Излегле 11 броја, од број 9 па натаму е печатен во новоформираната печатница “Гоце Делчев”, - Скопје. “Наша хроника” практично, ја пополнува празнината што требало да ја надоместува евентуален дневник и таа, на некој начин, е претходник на весникот “Нова Македонија”.[125] Атифашистичкиот фронт на жените на Македонија, од ноември 1944 година започнува да го издава списанието “Македонка”, подоцна преименувано во “Просветна жена”, а денес излегува како ревија “Жена”.[126]

Весникот “Нова Македонија” е орган на народноослободителниот фронт на Македонија. Првиот број на весникот е печатен во Печатницата “Гоце Делчев” во Горно Врановци. Излезе на 29 октомври 1944 година во 3.000 примероци. Број два е печатен во Печатницата “Браќа Пили” во Битола, а од број 3, со датум од 22 ноември 1944 година, излегува во Скопје. Од број 7, со датум 5 декември 1944 година, излегува дневно. Весникот бил раководен директно од ЦК КПМ и од неговата Агитационо-пропагандна комисија. Прв редактор бил Васил Ивановски, (на број 1 од 29 октомври 1944 година), потоа главни и одговорни уредници на весникот (од 1945-1952 година) биле Мито Хаџивасилев-Јасмин, Боро Миљовски, Тошо Шкартов, Веселика Малинска и Лазо Мојсов.[127]

Се појавил и весникот: “BIRLIK” (“Единство”) - орган на Народноослободителниот фронт на Македонија (бр. 1 се појавил на 23 декември 1944). Излегува на турски јазик и наменет е за турското национално малцинство во Македонија. Главен уредник на првиот број

---

[124] Истото,,, 270.
[125] Верољуб Андоновски, *Печатот на времето, печатот на Нова Македонија, 50 години*, Скопје 1944, 23.
[126] Нада Јурукова, *Културно-просветни* ..., 271.
[127] Истото,,, 273.

бил Нурети Даут, потоа Шукри Рамо, Мустафа Карахасан и др. Првите броеви на "Бирлик" претставуваат прв буквар на турски јазик и еден вид наставна материја за учениците во училиштата на турски наставен јазик во Македонија.

Весникот "Flaka e vellazerimit" ("Пламен во братството") е орган на Народноослободителниот фронт во Скопје. Тоа е прво гласило на албански јазик во Македонија. Започнала са излегува во 1945 година (бр. 1 излезе на 4 април 1945). Ги афирмирал успесите на албанското национално малцинство во Македонија.[128]

Во 1945 година излезе и хумористично-сатиричниот весник "Остен", (1 јануари 1945 година). Главен уредник на овој весник бил Владо Малески.[129]

На 28 декември 1944 година, во зградата на Народното Собрание на Македонија, во штотуку ослободено Скопје, се одржало второто заседание на АСНОМ, од каде што за прв пат низ етерот била разнесена изјавата "Зборуе радио Скопје" изговорена од Владо Малески, првиот директор на Радио Скопје. Преносот бил извршен со радиопредавател од американско потекло, од фирмата "СЦП", со јачина од 20 вати, приспособен за таа намена. Тоа, всушност, преставувало трофејна воена радиостаница на кратки бранови, чиј опсег е нешто зголемен (околу 49 метри бранова должина, 6.200 кхц) и на тој начин било овозможено да се слуша и од обичните радио приемници на подрачјето на Радио Скопје.

На 21 јануари 1945 годипа, со преработувањсто на првиот професионален предавател во јачина од 200W, на Скопскиот аеродром започна редовната работа на првото македонско радио, Радио Скопје. Во текот на 1945 година среднобрановиот предавател бил сместен во една приспособена радио-предавателна зграда во Маџари.[130]

Целокупната прва програма на Радио Скопје, во 1945 и 1946 година траела од седум до осум часа дневно, во неделите десетипол часа, а ја опслужувале околу 30-тина програмски и технички соработници.

---

[128] Истото,,, 274

[129] Боро Мокров, Томе Груевски, *Преглед* ..., 275.

[130] Нада Јурукова, *Културно-просветни* ..., 276.

Емисиите на првата говорна програма на Радиото, подготвувана од малуброен новинарски состав, изнесувала околу 3,5 часа дневно.[131]

Во Битола (1950), Радио Скопје го пушти во редовна работа 2 KW среднобрановен предавател.

Во исто време, во Прилеп, група радиоаматери успеале да состават емисии на постројка од трофејни материјали и на краткобраново подрачје започнале да емитуваат сопствена програма. Општинското Собрание во февруари 1952 година носи одлука за формирање локална Радиостаница во Прилеп.[132]

Врз основа на решението од 9 август 1946 година, Владата на НРМ формира претпријатие за распределба, преглед и поправка на филмови - РАСФИЛМ, кое се наоѓало под надлежност на Министерство за просвета.

Во 1946 година во Македонија постоеле 17 кина, врз кои била извршена национализација и преминале во државна сопственост. Во 1947 година, претпријатието "Расфилм" било расформирано во Претпријатие за распределба на филмови "Филмско", со седиште во Скопје. За развојот на филмската дејност во Македонија, важна е и Уредбата на Владата на НРМ од 2 јули 1947 година за формирање Владина комисија за кинематографија. Со Решението на Владата на НРМ од 21 август 1947 година дошло до формирање на новото Претпријатие за производство на филмови "Вардар Филм".[133]

На 12 март 1950 година во Скопје бил формиран Сојузот на фото и киноаматерите на Македонија. Па сепак, за развојот на филмската дејност големо значење има новоснованото Друштво на филмски работници во Македонија, структурна општествена организација на сите профили филмски работници. Друштвото било основано на 21 мај 1950 година, во просториите на Народниот театар во Скопје. За прв претседател на Друштвото бил избран Јован Бошковски, познат писател и филмски критичар, а за почесен член на Друштвото бил избран Милтон Манаки, првиот снимател на Балканот.

---

[131] Истото,,, 277-278.
[132] Истото,,, 279.
[133] Истото,,, 281.

Комисијата за кинематографија при Владата на НРМ, во мај 1951 година го формира Државниот филмски архив во состав на “Вардар филм”. Со решение од 30 јуни 1952 година Владата на НРМ го формирала претпријатието за дистрибуција на филмови “Македонија филм”.

Но развојот на филмската дејност во Македонија вистински може да се следи според снимените филмови во Македонија во првите повоени години. Во 1944 година, Кирил Миновски ги снимил филмовите “Митинг во Прилеп”, “Во градина” и “Велигденски адети во Варош“.[134]

Во 1947 година се снимани првите македонски документарни филмови во производство на “Филмско Скопје”. Тоа се: “Жито за народот”, по сценарио на Јован Бошковски, во режија на Трајче Попов и “Во избори за нови победи”, по сценарио на Коле Чашуле, во режија на Благоја Дрнков.[135]

Во првите години по ослободувањето, во развојот на музичката дејност во Македонија значајни се имињата на повеќе музички творци: Стефан Гајдов, Живко Фирфов, Тодор Скаловски, Трајко Прокопиев и Петре Богданов Кочко.

Историски датум за развојот на музичката уметност и култура во Македонија претставува 2 февруари 1945 година. На тој ден започна со работа Музичкото средно училиште во Скопје. Средното музичко училиште одржало повеќе концерти. Еден од нив е концертот од 16 март 1947 година во Скопје, на кој во рамките на т.н. “музикална продукција”, од поталентираните ученици биле исполнети пократки творби-концерти, сонати, соло песни, оперски арии, на пијано, виолина, флејта и други инструменти.[136]

Во годините по ослободувањето во Македонија работат и делуваат основните музички училишта во Штип, Битола, Скопје и други градови.

Значајна улога за развојот на музичката дејност во Македонија има Друштвото на продуктивни и репродуктивни музичари на НР Македонија, формирано на 19 јануари 1947 година. Основачкото собрание го отворил Васил Гаконовски-Шпато, најстар музичар во Македонија, а во името на

---

[134] Истото,,, 282.
[135] Истото,,, 283.
[136] Истото,,, 288-289.

Музичката академија од Белград, Собранието го поздравил професорот Станојло Рајчиќ. Реферат на тема "Македонските музичари за време на бившите ненародни режими и денеска", пак поднесол Петре Богданов-Кочко. На седницата бил донесен Уставот на Друштвото, а едногласно била избрана и управа.[137]

За развојот на музичката дејност во Македонија од особено значење е основањето на Државната филхармонија на Македонија (јуни 1950 година, Скопје).

Македонската филхармонија прв редовен концерт одржала на 6 ноември 1950 година во салонот на МНТ. Со концертот диригирал Тодор Скаловски.[138]

Многумина од првата предвоена генерација на нашите сликарски мајстори, ликовното образование го стекнале во ликовните училишта и академии во повеќе европски центри: Белград, Букурешт, Софија, Прага, Париз и други. Тоа беше препознатливата генерација: Димитар Пандилов, Никола Мартиноски, Лазар Личеноски, Михајло Шојлев, Тома Владимирски, Борка Лазески, Љубомир Белогаски, Вангел Коџоман, Василие Поповиќ-Цицо, Киро Караџа, вајарот Димо Тодоровски и др. За развојот на ликовната уметност во периодот меѓу двете светски војни значајни се особено првите самостојни изложби на Димитар Пандилов Аврамоски и на Лазар Личеноски во 1927, како и на Никола Мартиноски и на Лазар Личеноски во 1929 година. Почнувајќи од 1930 година, во Македонија е забележана поголема активност во обласата на ликовниот живот. Особено е значајна активноста на Друштвото пријатели на уметноста "Ефтимија" (Скопје, 1930).[139]

Особено место и улога за развитокот на ликовната уметност во Македонија имаат Уметничката школа, односно Училиштето за применета уметност, Друштвото на ликовните уметници, како и Уметничката галерија.

Од 1945 година ДЛУМ се јавува во улога на организатор на ликовниот живот. Прв пишан податок за новосоздаденото друштво на

---

[137] Истото,,, 289.
[138] Истото,,, 290-291.
[139] Истото,,, 292.

ликовни уметници на Македонија наоѓаме во весникот "Нова Македонија" бр. 2 од 14 ноември 1944 година каде што на втората страница, под општиот наслов "По селата и градовите насекаде се работи за фронтот, насекаде се создава млада Македонска држава", поместена е и една информација дека во Македонија е основано Здружение на Македонски ликовни уметници. Од содржината на информацијата се дознава дека на 10 ноември 1944 година во Прилеп, е основано Здружението на македонските ликовни уметници.

Од големо значење за развојот на ликовниот живот во Македонија е создавањето на Картината (сликарска) галерија (1948) преименувана во Уметничка галерија (1950), која била сместена во Даут-пашиниот амам (објект од 15 век), скромно адаптиран за галериска дејност.[140]

Друштвото на ликовни уметници на Македонија (формално основано во јануари 1946 година), ја приреди првата повоена изложба на македонските уметници. Таа беше одржана во просториите на основното училиште "Гоце Делчев", во Скопје, од 13 ноември до 16 декември 1945 година.[141]

Прва реализирана изложба во Уметничката галерија е "Македонската ликовна уметност и архитектура од X до XIX век", (1949), која послужи како основа за изложбата "Културната преобразба на НРМ" што се одржа во времето на "Деновите на националната култура" (почеток на јули 1950 година, Охрид), како и за изложбата "Средновековна уметност на народите на Југославија"), Загреб, пролетта 1951 година). Поставката на изложбата "Современа македонска ликовна уметност" пак, била презентирана во адаптирана џамија, која се наоѓала на плоштадот покрај кејот на Охридското Езеро (подоцна урната), за време на свеченостите по повод "Неделата на националната култура" (јули 1950). Вилим Свекњак, познат хрватски ликовен уметник, по повод организирањето на изложбата "Современа Македонска ликовна уметност", на едно место ќе запише: "Ретроспективите на Личеноски, Мартиноски, Пандилов, Коџоман и други македонски сликари, со кои беа

---

[140] Истото,,, 294-295.
[141] Истото,,, 299.

прикажани формите на пробив на модерната уметност во Македонија, ни покажаа квалитетни дела на надарени, зрели и афирмирани уметници, кои се со високо реноме на современата ликовна уметност на Македонија".[142]

Без да се осврнуваме на се она што е постигнато во областа на науката во одделни научни дисциплини, можеме да тврдиме дека Универзитетот во Скопје, во првите повоени години, стекна значајно место во општата наука и култура. Со тоа тој стана значаен културен фактор во македонското општество. Во рамките на својата научна и наставна работа, универзитетските професори се ангажирале за ширење и организирање на научната работа преку формирање научни и стручни друштва на Универзитетот. Работеле на популаризирање на науката, на подигање на културното ниво на населението, на проширување кругот на корисниците на духовните вредности, на будење интерес меѓу населението за интензивен културен живот и друго. Во таа смисла, тие држеле разновидни предавања, пишувале популарни брошури, новинарски фељтони, прилози и сл.[143]

Паралелно со остварување на наставно-образовната дејност, на постојните факултети се остварува и научната работа, која уште со конституирањето на Универзитетот почна да се развива и во ново-формираните научни институции. Така, на 20 јули 1948 година, Владата на НР Македонија го донесе првиот законски акт за основање Научен институт за национална историја на македонскиот народ.[144]

Во периодот од 1948 до 1953 година со Институтот раководеле: Митко Зафировски (1. VIII 1948 - 1. IX 1949), Методија Соколоски (1. IX 1949 - 1. IV 1950), Данчо Зографски (1. IV 1950 - 1. X 1950), Ѓорѓи Абаџиев (1. XI 1950 - 1. IV 1952) и Љубен Лапе (1. IV 1952 - 1. VIII 1956).[145]

Во првите години по војната во Македонија ќе се појавуваат и првите научни трудови од областа на историската наука меѓу кои: "Документи за создавањето и развитокот на НРМ 1944-1946" од Љубен Лапе со коавтори, Скопје, 1949, "Домашни извори за македонската

---

[142] Вилим Свечњак, *Охридски свечености*, "Културен живот", Скопје, 1950, 4.
[143] Нада Јурукова, *Културно-просветни ...*, 302-303.
[144] Истото,,, 303-304.
[145] Истото,,, 304-305.

историја" од Љ. Лапе, Скопје, 1951, "Одбрани четива за историјата на македонскиот народ, дел I", од Љ. Лапе, Скопје, 1951, "Егејска Македонија во нашата национална историја" од Ѓорѓи Абаџиев Скопје, 1951; "За работничкото движење во Македонија до Балканските војни" од Данчо Зографски, Скопје, 1950, "Егејска Македонија во нашата историја" од Данчо Зографски со коавтори, Скопје, 1951; "Најамнина у старој Југославији-Прилог проучавања плата радника у периоду 1918-1941" од Методија Соколовски, Београд, 1951 и други дела со историска проблематика.

Согледувајќи ја потребата од развојот на научната дејност, владата на Македонија презеде мерки за создавање и на други научни институти. Така, во 1949 година бил формиран Институтот за фолклор, а во 1952 година Економскиот институт.[146]

Издавачката дејност во Југославија, аналогно на тоа и во нејзините федерални републики, во првите години по војната е регулирана врз основа на "Закон за печат", донесен есента 1945 година во Белград. Поради важноста на материјата што ја третира, овој Закон неколкупати претрпува извесни корекции и дополнувања. Во член 3 од Законот за печат се вели: "За печатење книги, уметнички дела итн. не се потребни никакви пријави или одобрувања од државните органи".[147]

Издавачката дејност во Југославија, аналогно на тоа и во Македонија, во годините по ослободувањето бележи постојан пораст. И покрај тешките материјални услови, како што биле недостигот од хартија, нејзиното големо штедење и слични проблеми, голем број книги доживеале по неколку изданија. Но, и покрај ваквите услови за работа, издавачката дејност како во Југославија, така и во Македонија посебно, бележи евидентни резултати. Според расположивите статистички податоци, во 1946 година во ФНРЈ биле, отпечатени 1.070 книги и брошури, во 1947 година 2,376 книги и брошури, во целокупен тираж од 21. 600.000 примероци, во 1948 година бројот на објавени книги брошури

[146] Истото,,, 305.
[147] Закон о потврди и изменама, Закон о штампи, "Службен лист на ФНРЈ", 56/64, 641; Закон о штампи, "Службен лист на ФНРЈ", 65/45, 633.

изнесува околу 3.412, во тираж од 30.739.150 примероци. Во ФНРЈ по ослободувањето, заклучно со крајот на 1948 година, биле отпечатени вкупно околу 80.000.000 примероци.[148]

Во Македонија во годините пред војната не било дозволувано печатење дела на Македонски јазик. Затоа, не случајно во првите години по ослободувањето, на издавачката дејност и се посветува посебно внимание. Се создадоа услови за објавување дела на мајчин македонски јазик. Плодна издавачка дејност развиле Државното издавачко претпријатие на Македонија "Просветно дело" Издавачко претпријатие на ЦК КП на Македонија "Култура", Издавачкото претпријатие на ЦК на НМ на Македонија "Ново поколение" и издавачкото претпријатие на Главниот одбор на ССМ "Трудбеник", сите од Скопје.[149]

Една од поголемите издавачки куќи во Македонија, која има големо значење и улога во културното издигнување и просветување на народните маси, секако е издавачкото претпријатие "Култура" од Скопје, основано во 1945 година.

Државното издавачко претпријатие "Просветно дело", од Скопје е основано 1945 година и, веднаш по основањето, развило богата издавачка дејност. Се смета дека во текот на 1945 година ова издавачко претпријатие објавило повеќе книги. Меѓу најпопуларните биле: збирката "Македонски народни песни", во редакција на Блаже Конески и "Букварот на македонски јазик", кој излегол од печат кон крајот на јануари 1946 година.[150]

"Ново поколение" е специјализирано младинско издавачко претпријатие. Основано е во Скопје, во ноември 1947 година од страна на Главниот одбор на НММ. Прва негова објавена книга е "Жива азбука" од С. Маршак, советски автор. Печатена била во тираж од 13.000 примероци.[151]

Во македонската културна историја на музејската дејност и припаѓа едно од посебните места. Македонија е земја со традиција во развојот на

---

148 Нада Јурукова, *Културно-просветни* ..., 309.
149 Истото,,, 310-311.
150 Истото,,, 311.
151 Истото,,, 312.

музеите. Активности на тој план особено се забележани во годините меѓу двете светски војни. Со отворањето на Филозофскиот факултет во Скопје (2 февруари 1920 година), се преземаат активности и за основање на Народен музеј во Скопје. Тој е основан на 1 април 1924 година, под име “Музеј Јужне Србије”, културно-научна институција под раководство на деканот на Филозофскиот факултет од Скопје, проф. д-р Радослав М. Груиќ, кој се смета за основоположник на Скопскиот народен музеј. Овој научник, голем љубител на културно-историските антиквитети со музејска вредност, често патувал низ Македонија, па успеал да прибере доста предмети од археолошка, историска и етнолошка вредност. Од нив била формирана една музејска збирка, која била сместена во просториите на зградата на Филозофскиот факултет во Скопје и претставува "ембрион за отворање на музеј од комплексен тип".[152]

За време на Втората светска војна големи штети биле направени и во музејската област. Речиси наполно биле уништени најголемиот дел од музејските предмети што се наоѓале како во Етнографскиот, така и во Црковниот музеј во Скопје.[153]

На 20 февруари 1945 година, Националниот комитет на ослободување на Југославија донесол “Одлука за заштита и чување на културните споменици и старини”, со која сите уметнички и музејски предмети се ставени под заштита на државата.[154]

На 24 мај 1945 година, Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Југославија донело Закон за собирање, чување и распределба на книги и други културно-научни и уметнички предмети кои, согласно Одлуката донесена од АВНОЈ на 21 ноември 1944 година, станале државна спственост. Со овој Закон, во надлежност на Министерството за просвета на ДФЈ, покрај другото, се наоѓаат и музејските предмети кои станале државна сопственост.[155]

---

[152] Ѓорѓе Миљковиќ, *Прилог кон историјата на музејското дело на територијата на Социјалистичка Република Македонија*, Скопје, 1982, 39-48.
[153] Нада Јурукова, *Културно-просветни* ..., 314.
[154] "Службен лист ДФЈ", бр. 10/45.
[155] "Службен лист на ДФЈ", бр. 36/45.

Со законот за заштита на спомениците на културата и природните реткости на ДФЈ, од 23 јули 1945 година,[156] и со Правилникот за извршување на Законот за заштита на спомениците на културата и природните реткости во ДФЈ од 7 ноември 1945 година,[157] целосно е решено прашањето за заштита на музејските предмети.[158]

Во рамките на усогласувањето на прописите со Уставот на ФНРЈ од 31 јануари 1946 година, Президиумот на народното собрание на ФНРЈ, на 4. XI 1946 година прогласил нов Општ закон за заштита на спомениците на културата и природните реткости.[159]

Во почетокот на 1945 година, Президиумот на АСНОМ донесува Одлука за формирање Народен музеј во Скопје. Народниот музеј претставува државна јавна културна институција која има за цел да прибира, да чува и научно да обработува предмети од Културното наследство на Македонија.[160]

Во почетокот на 1945 година ја продолжил својата работа и вториот музеј-Природнонаучниот. Со голема љубов и ентузијазам, Петар Икономанов, по професија биолог, започнал со несебично собирање музејски материјали од флората и фауната на Македонија. Биле оспособувани стурчни кадри, се уредувало изложби, а имало и други активности. Постепено дошло до формирање на три нови одделенија: хидробиолошко, ботаничко и палеонтолошко, а подоцна ентомолошко.[161]

Свеченото отворање на Народниот музеј е извршено на 1 мај 1946 година. Со својата организациона структура Музејот имал три одделенија: етнографско, археолошко и средновековно.[162]

Во првите години по ослободувањето, и во другите градови на Македонија биле покренати иницијативи и дошло до формирање на музеи. Така, во Охрид, уште во 1945 година е покрената иницијатива за формирање музеј. Иницијативата ја дал Димче Маленко. На 1 мај 1950

---

[156] "Службен лист на ДФЈ", бр. 54/45.
[157] "Службен лист на ДФЈ", бр. 88/45.
[158] Нада Јурукова, *Кулūурно-ūросвеūни* ..., 315.
[159] "Службен лист на ДФЈ", бр. 81/46.
[160] Нада Јурукова, *Кулūурно-ūросвеūни* ..., 316.
[161] Ѓорѓе Миљковиќ, *Прилоī кон исūоријаūа* ..., 111-116.
[162] Нада Јурукова, *Кулūурно-ūросвеūни* ..., 318.

година Музејот бил свечено отворен, а како градска институција бил основан во јули истата година.

Во Битола својата дејност ја продолжил Градскиот музеј, чии зачетоци датираат од годините пред Втората светска војна. Во 1950 година тој ја имал следната физиономија: археолошко, етнолошко и одделение за НОБ.

Во Велес исто така, биле покренати иницијативи за формирање градски музеј. Иницијатор бил Ѓорѓи Милошев, наставник по литература при велешката гимназија. Во јули 1950 година, во куќата на поетот Коста Солев Рацин бил отворен Меморијален музеј.

По иницијатива на населението од Струга и Струшко, тогашниот мал број биолози на Македонија бил отворен Струшкиот природнонаучен музеј.

Во Галичник, на 9 јули 1950 година, родната куќа на Ѓорѓи Пулевски, македонски учебникар од втората половина на XIX век, станала Меморијален музеј.[163]

[163] Истото,,, 319-320.

# ГЛАВА ВТОРА

# 2. ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПРОБИШТИПСКО-ЗЛЕТОВСКАТА ОБЛАСТ

## 2.1. Основните училишта

Образованието во Пробиштипско-злетовската област своите корени ги влече уште од времето на Кратовско-лесновската книжевна школа и постоењето на старовремското училиште во с.Лесново. Еве што запишал за Лесновскиот манастир големиот преродбеник на македонската литература и јазик, Јордан Хаџи Константинов-Џинот, во “Цариградски весник” од 15 јануари 1855 година.

“*Во манастирот, наречен Лесново, храм на светиот преподобен отец Гаврил Лесновски и светиот Архангел Гаврил, пред 400 години било најславното славјанско училиште, во кое имало повеќе од 50 товари ракописи, прекрасни богословски и историски ракописи. Манастирот е најпрвото огледало на нашето славјанство*”.[164]

Нема податоци кога прв пат е отворено ова училиште, но слободно може да се каже дека тоа е најстаро или едно од најстарите, со оглед на тоа дека било сврзано непосредно со Лесновскиот манастир Св. Архангел Гаврило во кој просветата и книжевната работа, речиси, никогаш не згаснала.[165]

Во периодот по Втората светска војна до 1975 година во голем дел од селата во Пробиштипско-злетовската област, имало училишта. Условите за одвивање на наставата во училиштата биле на многу ниско ниво, а во некои села наставата се одвивала во објекти кои не биле за таа намена. Сиромаштијата во повоените години не дозволувала подобри услови за работа, но ентузијазмот кај учителите бил на едно големо ниво, и со нивното големо залагање работите во наредните години се движеле

---

[164] Стојан Стефановски-Лесновски, *1000 години Лесново,* Лесново, 2003, 25.

[165] Александар Апостолов, Тодор Кондев, Апостол Керамидчиев, Коста Балабанов , *Злетовска област,* Скопје, 1974, 258.

во позитивна насока. До учебната 1951/52 година податоците за училиштата се многу оскудни, но затоа пак од учебната 1951/52 година до учебната 1958/59 година, имаме статистички податоци со кои може да се прикаже состојбата со бројот на учениците и учителите во училиштата.

Двете најголеми основни училишта по ослободувањето во Пробиштипско-злетовската област, биле основните училишта "Браќа Миладиновци" од Пробиштип и основното училиште "Маршал Тито" од Злетово. Како најголеми училишта тие претставувале стожер на образованието во овој крај и на почетокот на педесетите години прераснале во осумгодишни училишта (осмолетки). За нив има најмногу што да се каже, но нетреба да се заборави дека и другите училишта имале своја скромна историја.

Учебната 1947/48 година претставува еден нов почеток на просветната дејност во Пробиштипско-злетовскиот крај, бидејќи во дотогашното постојано четиригодишно училиште во Пробиштип започнуваат да работат и т.н. виши одделенија (или како тогаш се викало - први клас гимназија). Бројот на учениците брзо се зголемувал и веќе во учебната 1950/51 година во ова училиште, од петто до седмо одделение, биле запишани вкупно 190 ученици во четири паралелки (петто и шесто по две и во седмо одделение една паралелка).[166]

Во учебната 1950/51 година започнува и проширувањето на четиригодишното основно училиште во Злетово, со наставата во петто одделение, за да во учебната 1954/55 година се формира и осмолетката во Злетово, која го добила името "Маршал Тито". Третото осумгодишно училиште, на подрачјето на општина Пробиштип, под името "Иво Лола Рибар", било отворено во селото Трооло во учебната 1958/59 година.[167]

Злетовското училиште првпат е отворено во 1831 година[168], а прв учител бил Ѓорѓи Мицков.[169] По Втората светска војна за прв директор бил назначен Ванчо Дубровски, а по него следувале: Тошо Симов

---

[166] Стојан Стефановски-Лесновски, *Општина Пробиштип*, Пробиштип, 2005, 205.
[167] Истото.
[168] Александар Апостолов, Тодор Кондев, Апостол Керамидчиев, Коста Балабанов , *Злетовска област* ..., 258.
[169] Стојан Стефановски-Лесновски , *Општина Пробиштип* ..., 205.

директор од учебната 1951/52 година, Димитар Василев директор од учебната 1954/55 година, Благој Михајлов, Јован Ризински од 1968 до 1972 година и Драган Кузманов од 1972 година. За работата на училиштето од ослободувањето па до 1975 година, најмногу дознаваме од нивните сеќавања.

Ванчо Дубровски се сеќава: “Беше тоа веднаш по ослободувањето, добро се сеќавам по барање на Трајко Наков, околиски секретар на народноослободителниот одбор и одговорните другари од окружниот народноослободителниот одбор од Штип, добив задача да одам во Злетово, во улога на инспектор по просвета. Тоа беше мое прво доаѓање во Злетово, а основната задача беше веднаш да отпочне акција за отворање на нови училишта на наш мајчин, македонски јазик, во сите села во тогашната Злетовска околија. Треба да се истакне дека тогаш училиштето во Злетово беше еден вид педагошки центар за училиштата од околината. Тука се одржуваа советувања, семинари и синдикални конференции на наставниот кадар. Особено внимание му се посветуваше на развојот и усвојувањето на Македонскиот јазик, а особени напори вложуваа оние ученици кои пред војната го прекинале школувањето и сега мораа да учат и преку летото за да го надополнат испуштеното.

Условите за работа во тоа време беа мошне тешки, но учителите заедно со учениците се трудеа да ги совладаат тие тешкотии. Да ја истакнам големата улога што тогаш ја имаше училиштето со својот наставен кадар во преобразбата на тогашното наше село. Учителите тогаш навистина, можам слободно да речам, беа се во селото во се им помагаа на луѓето и заеднички училиштата и селата соработуваа во најразлични активности за разубавување на животот.

На крајот би сакал да истакнам нешто што тогаш тука во Злетово, во училиштето посебно ме импресионира. Иако условите за работа на наставниот кадар беа особено тешки, кај сите тогашни учители преовладуваше еден посебен ентузијазам и желба за работа во

благородната цел за образување и воспитување на генерацијата што растеше, обновуваше и создаваше".[170]

Тошо Симов се сеќава: "Во Злетово дојдов како млад наставник во почетокот на учебната 1951/52 година. Бев назначен за директор на училиштето, а истовремено предавав историја и географија. Добро се сеќавам дека по моето доаѓање за прв пат отпочна наставата за шесто одделение, во учебната 1952/53 година за седмо, додека во наредната година отпочна наставата и за осмо одделение, со што целосно училиштето се оформи во осумгодишно, и за прв пат на крајот на учебната година осмоодделенците полагаа полуматурски испит.

Иако од моето заминување од Злетово изминаа 26 години, кај мене сеуште се свежи сеќавањата за тогашните мои ученици, вредни момчиња и девојчиња, не само од Злетово туку и од околните села Турско Рудари, Бунеш, Ратавица, Лесново и други кои иако со часови пешачеа и по лоши временски услови, сепак секогаш навреме доаѓаа на училиште и подготвени беа за сите часови.

Покрај желбата на учениците за учење и добриот успех што го остваруваа, посебно сакам да истакнам дека и наставниците кои тогаш работевме во училиштето, се истакнуваа со посебен работен ентузијазам, како во наставата, така и во организирањето на слободните активности и соработка со општествено-политичките организации во Злетово. Во училиштето организиравме исхрана за учениците, се спроведуваа разни собири, акции, државните празници се одбележуваа со подготвување на културно забавни програми од страна на учениците, а секоја година организирано се дочекуваше пролетта заедно со учениците од Пробиштип при што се организираа и спортски натпревари помеѓу учениците и наставниците.

Посебен акцент во моето сеќавање за престојот во училиштето во Злетово како наставник, сакам да дадам еден пример кој сеуште не го заборавам, е примерот со натпросечните ученици кои за една година завршуваа по две виши одделенија и точно се сеќавам на името на еден од тие ученици Штерјо од Ратавица.

---

[170] Сеќавања на поранешните директори на училиштата, "Злетово", 11 јуни 1981, 6.

За учениците како и за населението од Злетово за време на мојот тригодишен престој имам само најубави спомени и сеќавања, кои ги сметам како најдобар период на моето службување како просветен работник".[171]

Димитар Василев се сеќава: "По завршувањето на студиите на вишата педагошка школа, советот за просвета при тогашната кочанска околија ме распореди на работа во учебната 1954/55 година во основното училиште 'Маршал Тито' во селото Злетово, каде покрај изведувањето на наставата бев назначен и за директор на училиштето.

Во текот на учебната година кога дојде време да се свика средба со родителите на учениците, колегите и некои родители ме убедуваа дека тука не е можно да се одржуваат родителски средби, бидејќи родителите не доаѓаат на нив. Сепак јас останав настојчив и закажав општо родителско среќавање на кое пред родителите зборував за потребата од родителски средби, за проблемите за наставно-воспитната работа со учениците, како и по неколку други прашања од педагошки аспект интересни и важни за родителите. Ефектот беше мошне добар и после оваа средба многу родители на учениците ме среќаваа и постојано се интересираа и прашуваа кога повторно ќе има родителска средба.

Покрај успехот во наставата би сакал да истакнам дека особено резултати училиштето имаше и на план на вон наставните активности и културно-забавниот живот во селото. Така се сеќавам на една од првите приредби која се организираше во чест на еден празник, кога пред жителите од селото настапивме со драмска претстава во која улогите ги толкуваа заедно учениците и наставниците.

Во оваа учебна година за прв пат организиравме и настава за образование за возрасни која со успех ја заврши повеќе од 40 возрасни жители на Злетово и околните села.

Сакам да го истакнам и тоа дека во текот на оваа учебна година беше формирано и спортското друштво 'Младост', а за прв пат беше организирана на крајот на учебната година екскурзија низ Југославија, па

---

[171] Истото.

учениците имаа можност да ги посетат Загреб, Белград, Скопје, Блед, Постоина и други места”.[172]

Благој Михајлов: Директор на училиштето повеќе години. Период исполнет со големи успеси и изградба на нова училишна зграда. Неговиот лик и работа кај многу генерации на наставници и ученици ќе остане во вечен спомен.[173]

Јован Ризински се сеќава: “Мојата работа како директор во Централното училиште ‘Маршал Тито’ во Злетово е сврзана со постигнувањето на значајни резултати во воспитно образовната дејност во целиот злетовски регион. Јас како директор на училиштето работев од 1968 до 1972 година. Мошне карактеристично е тоа што во тој период нашето училиште се всели во нови работни простории. Старите простории беа заменети со нови светли и современи училници кои создаваа многу подобри услови за работа. Исто така во овој период училиштето започна да работи со пет дневна работна недела, што беше особена новина.

Во прво време се чинеше дека пет дневната надела тешко се прифаќаше, а сепак ваквиот начин на работа бргу беше прифатен и даде одредени разултати, особено во слободните активности. Литературната, фолклорната драмската и другите секции доживеаја полна афирмација”.[174]

Драган Кузманов се сеќава: “Како директор на Централното основно училиште ‘Маршал Тито’ бев назначен во 1972 година. Овој период се карактеризираше со тоа што по подолго време беше направен поголем чекор во правец на збогатување на расположливите средства на училиштето, при што беа набавени нови наставни помагала и опрема кои овозможуваа подобри услови за изведување на наставата, а со тоа и постигнување на поуспешни резултати. Во истиот период како новина беше и воведувањето на петдневната работна недела”.[175]

Пробиштипското училиште “Браќа Миладиновци” за прв пат е споменато во 1906 година. Точната година кога започнало со работа ова училиште неможе да се утврди, но се смета дека е 1906 година, бидејќи

---

[172] Истото,,, 6-7.
[173] Истото,,, 7.
[174] Истото,,, 7.
[175] Истото,,, 7.

повесниците не помнат да имало училиште во Пробиштип пред 1906 година. Работата во училишната зграда започнала есента 1906 година, а во училиштето се запишале околу 50 ученика.[176] Сите ученици од ова училиште биле запишани во прво одделение иако нивната возраст била од 7 до 17 години, а првиот учител во ова училиште бил Мијалче Димитров.[177]

За прв пат учители по ослободувањето се назначени Павлина Глигорова и Мизми Исмаилов и двете од Кратово. Тие останале само два месеца. Покасно нивната работа поради немање на учители ја продолжиле учениците, Вера Фетих родум од Словенија и Драган Анастасов од Пробиштип.[178] Како учители тие останале до крајот на учебната 1944/45 година. Во наредната 1945/46 учебна година, учителствувала Надка Бендовска, родум од Скопје. Во почетокот на учебната 1946/47 година во училиштето бил назначен Никола М. Павлов, постар и опитен учител од Кратово, а пред крајот на учебната година била назначена за учителка Славка Миладинова. После оваа година, учителствувале во годините 1947/48 учителките Марија Димитрова (Утевска) и Донка Вељанова, 1948/49 година учителите Светомир Илиевски, Марија Димитрова и Стојка Џикостова, а во годината 1949/50 учителите Ѓорѓи Топуков од Кратово, Марија Димитрова, Донка Вељанова и Радојка Догазанска од Берово.[179]

Есента 1947 година во училиштето се отвориле виши одделенија. Во тогашното петто одделение биле запишани околу 30 ученика. Ова одделение послужило како основа за понатамошното развивање и прераснување на училиштето во осмолетка[180]

Во овој период училиштето бележело брз развој, така што веќе во учебната 1950/51 година во вишите одделенија од петто до седмо имало запишано околу 190 ученика. Учениците биле разделени во 4 паралелки при што во шесто и седмо одделение имале по една, а во петто одделение имале две паралелки. Во оваа учебна година наставната работа во вишите

---

176 Архив на основното училиште "Браќа Миладиновци" од Пробиштип, Летописна книга.
177 Стојан Стефановски-Лесновски, *Ойшийина Пробишйий*, ..., 205.
178 Историски развој на основното училиште, "Злетово", Септември, 1962.
179 Архив на основното училиште "Браќа Миладиновци" од Пробиштип, Летописна книга.
180 Истото.

одделенија ја воделе, Никола Н. Наков кој бил и раководител на осмолетката, Марија Димитрова (Утевска), Ѓорѓи Топуков и Радојка Догазанска, додека, за учители во нижите одделенија биле одредени, Славка Д. Миладинова, Донка Т. Вељанова и Ружа Ристевска.[181]

Никола Н. Наков, попознат меѓу народот како Коле Наков, како раководител во училиштето во Пробиштип доаѓа во септември 1950 година, во времето кога во училиштето се прават напори за оформување на училиштето во полно осумгодишно училиште, за што Наков ќе одигра голема улога. Никола Наков започнал да ја подготвува и Летописната книга за училиштето, од каде и денес се црпат значајни податоци за севкупниот живот на училиштето. Како раководител на училиштето, Наков презема многубројни активности, како во правец на обезбедување на условите за изведување на наставата на учениците, но внимание посветува и во наоѓање на кадри, учители и наставници, како и нивно понатамошно устручување. За таа цел се организираат бројни семинари за кадрите, а за учениците кои од година во година се побројни, се организираат низа форми за збогатување на нивните знаења. Посебно внимание се посветува на организирањето на вон школските активности, организирање на приредби по разни настани, се изведуваат научни екскурзии, а учениците од погорните класови го посетуваат и Скопје, што е голем настан за учениците. Од декември 1953 година, училиштето кое дотогаш работело само во две училници се преселило во адаптираната зграда и со повеќе ученици, во Задружниот дом. Карактеристика на тој период, додека Никола (Коле) Наков бил раководител на училиштето, е што покрај наставата за децата се организирала и настава за возрасните, кои со успех ги совладувале наставните програми. На учителската конференција за сите учители од Пробиштип и Кратово, на учителите кои постигнале забележителни резултати во просветната дејност на 12 февруари 1952 година, им биле врачени пофалници, а раководителот Никола Наков е одликуван со Орден на трудот, многу значајно признание

[181] Историски приказ на образованието, "90 години образование", Март, 1997, 6.

што зборува за неговиот сестран придонес во областа на образовниот процес во овој регион.[182]

Лазар Арсениевски за директор на училиштето е назначен во 1959 година како наставник со положен стручен испит историско географска група на Вишата педагошка школа.

Како директор Арсениевски посветувал посебно внимание за унапредување на наставно воспитниот процес, при што посебно грижа се водело за дисциплината и успехот на учениците и наставниците. Во тој контекст се превземале мерки за воведување и на дополнителна настава во училиштето. Големо внимание се посветувало и на слободните активности на учениците при што се вршела посебна анализа на Наставничкиот совет. Се изведувале еднодневни научни екскурзии во околината и пошироко. Се посетувале рудничките јами во Добрево, земјоделското стопанство и друго. Посебна атракција преставувало изведувањето на маскенбал, кој се организирал по повод 25-мај "Денот на младоста" на тема "Нешето место некогаш, денес и утре", каде учениците облечени во разни носии, со алати и друго дефилирале низ тогашната рударска населба, а кои со бурен аплауз биле поздравувани од граѓаните. По повод "Денот на младоста" се организирале и разни спортски натпревари.

Во рамките на слободните активности се изведувале повеќе акции за пошумување, а карактеристичен е и моментот кога на 15.02.1961 година организирано наставниците и учениците го следеле замрачувањето на сонцето.

Значајно за овој период е што на 09.09 1961 година во училиштето е извршен свечен прием по повод пуштањето во употреба на новоизградената зграда, поточно на денешното училиште "Браќа Миладиновци."

Во однос на активностите во овој период посебно внимание се посветувало во одбележувањето на Денот на востанието 11-ти октомври, како и денот на ЈНА. Инаку Арсениевски е познат во училиштето како

---

182 Втемелувачи и креатори на образованието и просветата, "90 години образование", Март, 1997, 10.

свесен и активен директор, но и како активен општествено-политички работник во општината.[183]

Таска Шапкалиска се сеќава: "Мојот престој и работа во Пробиштип засекогаш ќе ми останат во пријатни сеќавања во мојот живот. Таму ги доживаев најубавите мигови. Во септември 1961 година осумгодишното училиште 'Браќа Миладиновци' каде се вработив како наставник по македонски јазик, својата работа ја започнав во нова училишна зграда, со целосно нова опрема. И денес по толку години се сеќавам на радоста на учениците, но и на нас наставниците. Зарем имаше поубав подарок отколку да учиш, но и да работиш во ново училиште. Јас бев млада, полна со енергија за докажување и со огромна љубов се трудев она што го знаев да го пренесам на младата генерација од Пробиштип. Работев со преголема љубов кон наставата. Тоа беше време во кое сета своја младост ја посветив на училиштето и образованието на учениците. Почнав да предавам македонски јазик на повисоките одделенија. Работата со нив беше прекрасна. Освен секојдневната работа во училишните клупи со тие генерации на ученици го организиравме целокупниот живот во градот.

Кога во јануари 1963 година, тогашниот директор Лазар Арсениевски замина на повисока функција во Општината, вршејќи ја функцијата в.д. директор на осугодишното училиште, бев и директор на гимназијата 'Наум Наумовски-Борче.' Организиравме бројни свечености за време на сите државни празници, но во сеќавање ми е организирањето на свеченоста по повод 1.100 годишнината од настапувањето на словенската писменост, а со учениците организиравме карневал пред месното население. Сепак најголемо внимание посветивме на успехот на учениците во воспитно-образовниот процес".[184]

Радмила Димитровска се сеќава: "Во шеесетите години, по дипломирањето на Филозофскиот факултет се вработив во осумгодишното училиште 'Браќа Миладиновци.' Во есента 1962 година бев именувана за директор на училиштето што беше признание за мојата

---

[183] Истото.
[184] Истото,,, 11.

дотогашна работа во училиштето. Тогаш во училиштето поголем дел од наставниот кадар главно беа наставници пред се со завршена учителска школа кои предаваа предметна настава со подолг стаж и подолго искуство. Некои од нив имаа и по 15 годишно искуство и со нивниот самопрегор покажуваа видни резултати во својата работа, при што учениците добиваа солидни знаења. Во тоа време многу наставници успеаја покрај работата да го добијат потребното образование. Меѓутоа животниот пат на луѓето е непредвидлив, а јас морав да заминам од училиштето, но со моето заминување од Пробиштип не престанав да се интересирам за моето училиште, напротив секогаш го следев развојот и резултатите на училиштето за што и денес посебно сум горда".[185]

Крум Стојанов во училиштето "Браќа Миладиновци" е вработен од 01.10.1954 година како наставник по биологија. Во тој период избран е и за претседател на Училишниот одбор. На 12.03.1965 година Стојанов назначен е за в.д. директор, а на 31.08. истата година избран е за директор на училиштето. На оваа функција останува се до 1969 година. Карактеристично за овој период е што во 1965 година воведено е работничко самоуправување, односно за првпат избрани се органи на Работничко самоуправување.

Како директор Стојанов посебно се залагал за квалитетно изведување на наставата за што биле формирани комисии кои ја оценувале работата на Наставниот кадар. Посебна грижа се водело и за подобрување на условите за работа, а организирале и работни акции.

Во текот на овој период Училишниот совет донесува одлука за отворање установа за предшколско воспитување на децата.

Со оглед на тоа што бројот на учениците постојано се зголемувал, просторот во училиштето се повеќе се стеснувал, па затоа во тој период во училишната зграда наставата за учениците од осмолетката се изведувала претпладне, додека за учениците од средните училишта попладне.[186]

Томе Јованов се сеќава: "Во осумгодишното училиште 'Браќа Миладиновци' се вработив како наставник по македонски јазик во 1964

---

[185] Истото.
[186] Истото.

година, а за директор бев избран на 1 септември 1969 година. Во тој период главните активности беа насочени пред се во организирањето на образовниот и воспитниот процес на учениците.

Во овој период од особено значење е изградбата и уредувањето на училишниот двор и изградбата на неколку спортски терени. Тогаш покренавме иницијатива за изградба на спортска сала која подоцна беше реализирана.

Уште тогаш директорот имаше задача да врши и педагошко-консултативна работа и педагошки надзор над наставниот кадар, меѓу кои имаше и наставници со неоформено образование, па поголем дел во тој период го оформуваа во Педагошката академија во Штип. Училиштето 'Браќа Миладиновци' во Пробиштип го напуштив на 01.12.1971 година, но со својата работа многупати бев присутен и го помагав училиштето, особено со збогатување на училишната библиотека со книги".[187]

Павле Наневски се сеќава: "За директор на ЦОУ 'Браќа Миладиновци' бев назначен на 04.02.1972 година и на оваа функција работев четири години.

Како директор се залагав пред се за остварување на целите и задачите во наставно-образовниот и воспитниот процес, предвидени во наставниот план и програма. Спроведував активност за работа со секциите и слободните ученички активности, како и за изведување на дополнителна настава. Приоритетна задача ми беше и осовременување на нагледните средства и училишна опрема, како и за уредување на непосредната околина. Во однос на остварувањето на воспитно-образовниот процес посветував посебно внимание, така што кај сите просветни работници присуствував на часови во текот на учебната година, а со цел да се има сознание во методско-педагошката подготвеност на просветните работници при изведувањето и одржувањето на наставниот час.

Сите просветни работници беа опфатени во слободните ученички активности и постигнуваа добри резултати на општинските и републичките натпревари. Големо внимание посветувавме на хигиената и уредувањето на просторот, така што во тој период се озелени и пошуми

---

[187] Истото,,, 12.

просторот околу училиштето со зимзелени садници, кои денес го красат училиштето.

Карактеристично за овој период е и тоа што започна да се гради фискултурната сала, така што со нејзиното изградување се подобрија условите за работа по физичко воспитување, а за подобрување на квалитетот на наставата беа обезбедени повеќе нагледни средства".[188]

Значаен придонес за оформувањето на сликата за образованието во Пробиштипско-злетовската област, даваат и статистичките податоци за бројот на учениците и учителите во училиштата, од учебната 1951/52 година до учебната 1958/59 година.

Во основното училиште "Ленин" во с.Горно Барбарево во учебната 1953/54 година имало вкупно 38 ученици од кои 27 машки и 9 женски,[189] во учебната 1955/56 година вкупно 48 ученици од кои 27 машки и 21 женско, во учебната 1956/57 година вкупно 55 ученици од кои 26 машки и 29 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 55 ученици од кои 29 машки и 26 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 52 ученици.[190]

Во основното училиште "Карпош" во с.Долно Барбарево во учебната 1954/55 година имало вкупно 40 ученици од кои 29 машки и 11 женски,[191] во учебната 1955/56 година вкупно 40 ученици од кои 29 машки и 11 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 42 ученици од кои 28 машки и 14 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 45 ученици од кои 28 машки и 17 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 43 ученици.[192]

Во основното училиште "Цветко Танев" во с.Бунеш во учебната 1951/52 година имало вкупно 57 ученици од кои 31 машко и 26 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 58 ученици од кои 32 машки и 26 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 53 ученици од кои 34 машки и 19

---

[188] Истото,,, 12.

[189] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата на основните училишта при општинскиот НО во Пробиштип во учебната 1951/52-1954/55 година.

[190] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "А-Ј" к.26 а.е. 1-4, Годишен извештај за работата и успехот во училиштата на народниот одбор на општина Пробиштип во учебната 1955/56-1958/59 година.

[191] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[192] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "А-Ј" к.26 а.е. 5-8, Годишен извештај за работата ...

женски, во учебната 1954/55 година вкупно 46 ученици од кои 31 машко и 15 женски,[193] во учебната 1955/56 година вкупно 50 ученици од кои 31 машко и 19 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 50 ученици од кои 27 машки и 23 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 45 ученици од кои 22 машки и 23 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 45 ученици.[194]

Во основното училиште "Боро Арсов" во с.Бучиште во учебната 1952/53 година имало вкупно 21 ученик од кои 8 машки и 13 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 21 ученик од кои 10 машки и 11 женски во учебната 1954/55 година вкупно 19 ученици од кои 9 машки и 10 женски[195] 1955/56 година вкупно 21 ученик од кои 12 машки и 9 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 27 ученици од кои 15 машки и 12 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 28 ученици од кои 19 машки и 9 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 31 ученик од кои 23 машки и 8 женски.[196]

Во основното училиште "Ленин" во с.Гајранци во учебната 1954/55 година имало вкупно 30 ученици од кои 15 машки и 15 женски,[197] во учебната 1955/56 година вкупно 30 ученици од кои 19 машки и 11 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 33 ученици од кои 21 машко и 12 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 34 ученици од кои 22 машки и 12 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 40 ученици.[198]

Во основното училиште "Владо Гацев" во с.Добрево во учебната 1951/52 година имало вкупно 131 ученик од кои 67 машки и 64 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 135 ученици од кои 66 машки и 69 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 72 ученици од кои 37 машки и 35 женски во учебната 1954/55 година вкупно 70 ученици од кои 36 машки и

---

[193] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...
[194] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "A-J" к.26 а.е. 9-12, Годишен извештај за работата ...
[195] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...
[196] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "A-J" к.26 а.е. 13-16, Годишен извештај за работата ...
[197] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...
[198] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "A-J" к.26 а.е. 17-20, Годишен извештај за работата ...

34 женски,[199] во учебната 1955/56 година вкупно 83 ученици од кои 49 машки и 34 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 80 ученици од кои 45 машки и 35 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 72 ученици од кои 38 машки и 34 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 70 ученици.[200]

Во основното училиште "Никола Карев" во с.Древено во учебната 1953/54 година имало вкупно 44 ученици од кои 19 машки и 25 женски, во учебната 1954/55 година вкупно 49 ученици од кои 23 машки и 26 женски,[201] во учебната 1955/56 година вкупно 54 ученици од кои 26 машки и 28 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 50 ученици од кои 26 машки и 24 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 48 ученици од кои 25 машки и 23 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 49 ученици.[202]

Во основното училиште "Митко Каналиски" во с.Зеленград во учебната 1957/58 година имало вкупно 31 ученик од кои 21 машко и 10 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 34 ученици.[203]

Во основното училиште "Маршал Тито" во с.Злетово во учебната 1951/52 година имало вкупно 241 ученик од кои 135 машки и 106 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 236 ученици од кои 122 машки и 114 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 295 ученици од кои 160 машки и 135 женски, во учебната 1954/55 година вкупно 236 ученици од кои 131 машко и 105 женски,[204] во учебната 1955/56 година вкупно 233 ученици од кои 132 машки и 101 женско, во учебната 1956/57 година вкупно 285 ученици од кои 169 машки и 120 женски, во учебната 1957/58 година

---

[199] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[200] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "А-Ј" к.26 а.е. 22-25, Годишен извештај за работата ...

[201] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[202] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "А-Ј" к.26 а.е. 26-29, Годишен извештај за работата ...

[203] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "А-Ј" к.26 а.е. 30-31, Годишен извештај за работата ...

[204] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

вкупно 291 ученик од кои 168 машки и 123 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 345 ученици.[205]

Во основното училиште "Маршал Тито" во с.Јамиште во учебната 1955/56 година имало вкупно 36 ученици од кои 16 машки и 20 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 35 ученици од кои 13 машки и 22 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 31 ученик од кои 12 машки и 19 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 32 ученици.[206]

Во основното училиште "Ѓорче Петров" во с.Калниште во учебната 1951/52 година имало вкупно 61 ученик од кои 28 машки и 33 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 67 ученици од кои 27 машки и 40 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 69 ученици од кои 32 машки и 37 женски во учебната 1954/55 година вкупно 63 ученици од кои 32 машки и 31 женско,[207] во учебната 1955/56 година вкупно 69 ученици од кои 32 машки и 37 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 69 ученици од кои 36 машки и 33 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 72 ученици од кои 42 машки и 30 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 74 ученици.[208]

Во основното училиште "Јане Сандански" во с.Куково во учебната 1952/53 година вкупно 35 ученици од кои 22 машки и 13 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 28 ученици од кои 17 машки и 11 женски во учебната 1954/55 година вкупно 26 ученици од кои 16 машки и 10 женски,[209] во учебната 1955/56 година вкупно 26 ученици од кои 17 машки и 9 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 26 ученици од кои 14 машки и 12 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 28 ученици од кои 13 машки и 15 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 32 ученици.[210]

---

[205] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "А-Ј" к.26 а.е. 32-35, Годишен извештај за работата ...

[206] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "Ј-Пе" к.27 а.е. 1-4, Годишен извештај за работата ...

[207] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[208] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "Ј-Пе" к.27 а.е. 5-8, Годишен извештај за работата ...

[209] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[210] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "Ј-Пе" к.27 а.е. 9-12, Годишен извештај за работата и успехот во училиштата на народниот одбор на општина Пробиштип во учебната 1955/56-1958/59 година.

Во основното училиште “Даме Груев” во с.Кундино во учебната 1951/52 година имало вкупно 65 ученици од кои 32 машки и 33 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 66 ученици од кои 21 машко и 35 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 68 ученици од кои 28 машки и 40 женски во учебната 1954/55 година вкупно 58 ученици од кои 24 машки и 34 женски,[211] во учебната 1955/56 година вкупно 61 ученик од кои 26 машки и 35 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 56 ученици од кои 29 машки и 27 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 66 ученици од кои 37 машки и 29 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 71 ученик.[212]

Во основното училиште “Лазар Колишевски” во с.Лезово во учебната 1952/53 година имало вкупно 31 ученик од кои 14 машки и 17 женски во учебната 1953/54 година вкупно 30 ученици од кои 13 машки и 17 женски во учебната 1954/55 година вкупно 32 ученици од кои 12 машки и 20 женски,[213] во учебната 1955/56 година вкупно 39 ученици од кои 15 машки и 24 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 45 ученици од кои 20 машки и 25 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 53 ученици од кои 20 машки и 33 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 54 ученици.[214]

Во основното училиште “Климент Охридски” во с.Лесново во учебната 1951/52 година имало вкупно 53 ученици од кои 25 машки и 28 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 56 ученици од кои 28 машки и 28 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 57 ученици од кои 29 машки и 28 женски, во учебната 1954/55 година вкупно 52 ученици од кои 30 машки и 22 женски,[215] во учебната 1955/56 година вкупно 49 ученици од кои 32 машки и 17 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 49 ученици од кои 27 машки и 22 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 48 ученици

---

[211] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[212] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) “Ј-Пе” к.27 а.е. 13-16, Годишен извештај за работата ...

[213] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[214] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) “Ј-Пе” к.27 а.е. 17-20, Годишен извештај за работата ...

[215] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

од кои 24 машки и 24 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 60 ученици.[216]

Во основното училиште “Страхил Досев” во с.Марчино во учебната 1951/52 година имало вкупно 36 ученици од кои 21 машко и 15 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 33 ученици од кои 23 машки и 10 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 31 ученик од кои 22 машки и 9 женски, во учебната 1954/55 година вкупно 32 ученици од кои 22 машки и 10 женски,[217] во учебната 1955/56 година вкупно 35 ученици од кои 22 машки и 13 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 40 ученици од кои 26 машки и 14 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 35 ученици од кои 17 машки и 18 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 33 ученици.[218]

Во основното училиште “Гоце Делчев” во с.Неокази во учебната 1951/52 година имало вкупно 41 ученик од кои 25 машки и 16 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 36 ученици од кои 18 машки и 18 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 31 ученик од кои 16 машки и 15 женски во учебната 1954/55 година вкупно 25 ученици од кои 12 машки и 13 женски,[219] во учебната 1955/56 година вкупно 22 ученици од кои 13 машки и 9 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 20 ученици од кои 12 машки и 8 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 19 ученици од кои 12 машки и 7 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 18 ученици.[220]

Во основното училиште “Гоце Делчев” во с.Пестришино во учебната 1953/54 година имало вкупно 26 ученици од кои 10 машки и 16 женски и во учебната 1954/55 година вкупно 21 ученици од кои 7 машки и 14 женски.[221]

---

[216] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) “Ј-Пе” к.27 а.е. 21-24, Годишен извештај за работата ...

[217] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[218] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) “Ј-Пе” к.27 а.е. 25-28, Годишен извештај за работата ...

[219] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[220] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) “Ј-Пе” к.27 а.е. 29-32, Годишен извештај за работата ...

[221] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

Во основното училиште “Славко Боев” во с.Петршино во учебната 1951/52 година имало вкупно 60 ученици од кои 42 машки и 18 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 53 ученици од кои 34 машки и 19 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 47 ученици од кои 25 машки и 22 женски во учебната 1954/55 година вкупно 51 ученик од кои 27 машки и 24 женски,[222] во учебната 1955/56 година вкупно 54 ученици од кои 23 машки и 31 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 52 ученици од кои 22 машки и 30 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 62 ученици од кои 26 машки и 36 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 18 ученици.[223]

Во основното училиште “Тодор Арсов” во с.Пишица во учебната 1952/53 година имало вкупно 67 ученици од кои 42 машки и 25 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 65 ученици од кои 36 машки и 29 женски во учебната 1954/55 година вкупно 64 ученици од кои 35 машки и 29 женски,[224] во учебната 1955/56 година вкупно 67 ученици од кои 37 машки и 30 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 65 ученици од кои 35 машки и 30 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 67 ученици од кои 38 машки и 29 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 73 ученици.[225]

Во основното училиште “Јаким Димов” во с.Плешенци во учебната 1951/52 година имало вкупно 106 ученици од кои 51 машко и 55 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 109 ученици од кои 52 машки и 57 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 101 ученик од кои 48 машки и 53 женски, во учебната 1954/55 година вкупно 94 ученици од кои 51 машко и 43 женски,[226] во учебната 1955/56 година вкупно 92 ученици од кои 52 машки и 40 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 99 ученици од

[222] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...
[223] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) “Ј-Пе” к.27 а.е. 33-36, Годишен извештај за работата ...
[224] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...
[225] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) “Пи-Ш” к.28 а.е. 1-4, Годишен извештај за работата ...
[226] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

кои 51 машки и 48 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 105 ученици од кои 54 машки и 51 женско.[227]

Во основното училиште "Брака Миладиновци" во Пробиштип во учебната 1951/52 година имало вкупно 223 ученици од кои 115 машки и 108 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 256 ученици од кои 149 машки и 107 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 290 ученици од кои 155 машки и 135 женски, во учебната 1954/55 година вкупно 311 ученици од кои 174 машки и 137 женски,[228] во учебната 1955/56 година вкупно 373 ученици од кои 224 машки и 149 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 423 ученици од кои 251 машки и 172 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 450 ученици од кои 259 машки и 191 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 598 ученици.[229]

Во основното училиште "Кирил и Методи" во с.Пуздерци во учебната 1953/54 година имало вкупно 39 ученици од кои 22 машки и 17 женски, а за учебната 1954/55 година податокот со сигурност неможе да се земе за веродостоен, но се претпоставува дека имало 39 ученици,[230] во учебната 1955/56 година имало вкупно 37 ученици од кои 20 машки и 17 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 41 ученик од кои 23 машки и 18 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 38 ученици од кои 18 машки и 20 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 41 ученик.[231]

Во основното училиште "Јане Сандански" во с.Ратавица во учебната 1953/54 година имало вкупно 29 ученици од кои 16 машки и 13 женски, во учебната 1954/55 година вкупно 39 ученици од кои 24 машки и 15 женски,[232] во учебната 1955/56 година вкупно 37 ученици од кои 24 машки и 13 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 33 ученици од кои 18 машки и 15 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 33 ученици од

---

[227] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "Пи-Ш" к.28 а.е. 5-8, Годишен извештај за работата ...

[228] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[229] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "Пи-Ш" к.28 а.е. 9-12, Годишен извештај за работата ...

[230] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[231] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "Пи-Ш" к.28 а.е. 13-16, Годишен извештај за работата ...

[232] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

кои 20 машки и 13 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 30 ученици.[233]

Во основното училиште "Гоце Делчев" во с.Стрисовци во учебната 1952/53 година имало вкупно 60 ученици од кои 37 машки и 23 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 56 ученици од кои 32 машки и 24 женски,[234] во учебната 1955/56 година вкупно 43 ученици од кои 24 машки и 19 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 39 ученици од кои 18 машки и 21 женско, во учебната 1957/58 година вкупно 39 ученици од кои 18 машки и 21 женско и во учебната 1958/59 година вкупно 42 ученици.[235]

Во основното училиште "Гоце Пазавански" во с.Стрмош во учебната 1951/52 година имало вкупно 40 ученици од кои 17 машки и 23 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 34 ученици од кои 14 машки и 20 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 35 ученици од кои 17 машки и 18 женски, во учебната 1954/55 година вкупно 31 ученик од кои 16 машки и 15 женски,[236] во учебната 1955/56 година вкупно 40 ученици од кои 18 машки и 22 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 46 ученици од кои 20 машки и 26 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 51 ученик од кои 21 машко и 30 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 47 ученици.[237]

Во основното училиште "Страшо Пинџур" во с.Горни Стубол во учебната 1951/52 година имало вкупно 35 ученици од кои 15 машки и 20 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 35 ученици од кои 16 машки и 19 женски во учебната 1953/54 година вкупно 32 ученици од кои 17 машки и 15 женски во учебната 1954/55 година вкупно 29 ученици од кои 20 машки и 9 женски,[238] во учебната 1955/56 година вкупно 36 ученици од кои

---

[233] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "Пи-Ш" к.28 а.е. 17-20, Годишен извештај за работата ...

[234] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[235] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "Пи-Ш" к.28 а.е. 21-24, Годишен извештај за работата ...

[236] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[237] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "Пи-Ш" к.28 а.е. 25-28, Годишен извештај за работата ...

[238] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата на основните училишта при општинскиот НО во Пробиштип во учебната 1951/52-1954/55 година.

26 машки и 10 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 39 ученици од кои 22 машки и 17 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 47 ученици од кои 31 машко и 16 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 47 ученици.[239]

Во основното училиште "Дамјан Груев" во с.Трипатанци во учебната 1951/52 година имало вкупно 44 ученици од кои 25 машки и 19 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 43 ученици од кои 20 машки и 23 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 41 ученик од кои 20 машки и 21 женско во учебната 1954/55 година вкупно 28 ученици од кои 7 машки и 21 женско,[240] во учебната 1955/56 година вкупно 32 ученици од кои 8 машки и 24 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 35 ученици од кои 10 машки и 25 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 30 ученици од кои 10 машки и 20 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 30 ученици.[241]

Во основното училиште "Иво Рибар Лола" во с.Троoло во учебната 1952/53 година имало вкупно 65 ученици од кои 28 машки и 37 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 36 ученици од кои 18 машки и 18 женски во учебната 1954/55 година вкупно 38 ученици од кои 19 машки и 19 женски,[242] во учебната 1955/56 година вкупно 39 ученици од кои 17 машки и 22 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 101 ученици од кои 55 машки и 46 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 102 ученици од кои 58 машки и 44 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 129 ученици.[243]

Во основното училиште "Павле Солтиров" во с.Турско Рудари во учебната 1951/52 година имало вкупно 40 ученици од кои 18 машки и 22 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 33 ученици од кои 16 машки и 17 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 26 ученици од кои 13 машки и 13 женски во учебната 1954/55 година вкупно 34 ученици од кои 13

---

[239] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "Пи-Ш" к.28 а.е. 29-32, Годишен извештај за работата ...

[240] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[241] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "Пи-Ш" к.28 а.е. 33-36, Годишен извештај за работата ...

[242] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...

[243] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "Пи-Ш" к.28 а.е. 37-40, Годишен извештај за работата ...

машки и 21 женско,[244] во учебната 1956/57 година вкупно 46 ученици од кои 21 машко и 25 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 54 ученици од кои 23 машки и 31 женско и во учебната 1958/59 година вкупно 44 ученици.[245]

Во основното училиште "Христијан Т. Карпош" во с.Шталковица во учебната 1951/52 година имало вкупно 48 ученици од кои 22 машки и 26 женски, во учебната 1952/53 година вкупно 49 ученици од кои 24 машки и 25 женски, во учебната 1953/54 година вкупно 47 ученици од кои 22 машки и 25 женски во учебната 1954/55 година вкупно 36 ученици од кои 17 машки и 19 женски,[246] во учебната 1955/56 година вкупно 40 ученици од кои 23 машки и 17 женски, во учебната 1956/57 година вкупно 33 ученици од кои 17 машки и 16 женски, во учебната 1957/58 година вкупно 33 ученици од кои 17 машки и 16 женски и во учебната 1958/59 година вкупно 34 ученици.[247]

Во основното училиште "Брака Миладиновци" во Пробиштип во учебната 1951/52 и учебната 1952/53 година предавале вкупно 8 учители, во учебната 1953/54 година вкупно 9 учители во 1954/55 и 1955/56 година вкупно 11 учители,[248] во учебната 1956/57 вкупно 16 учители, за учебната 1957/58 година нема податоци, во учебната 1958/59 година вкупно 17 учители, и во 1959/60 година вкупно 20 учители.[249]

Во основното училиште "Маршал Тито" во с.Злетово во учебната 1951/52 година предавале вкупно 7 учители, во учебната 1952/53 година вкупно 9 учители, во учебната 1953/54 година вкупно 9 учители во 1954/55 година вкупно 9 учители,[250] во учебната 1955/56 година вкупно 9 учители,

---

[244] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...
[245] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "Пи-Ш" к.28 а.е. 41-44, Годишен извештај за работата ...
[246] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...
[247] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1955/56-1958/59) "Пи-Ш" к.28 а.е. 45-48, Годишен извештај за работата ...
[248] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата на ...
[249] Архив на основното училиште "Браќа Миладиновци" од Пробиштип, Летописна книга.
[250] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата на основните училишта при општинскиот НО во Пробиштип во учебната 1951/52-1954/55 година.

во учебната 1956/57 година вкупно 10 учители, во учебната 1957/58 година вкупно 13 учители и во 1958/59 година вкупно 14 учители.[251]

Во учебните 1951/52, 1952/53, 1953/54 и 1954/55 година во селата Добрево и Плешенци предавале по два учители.[252]

По еден учител предавал во останатите основни училишта во селата: Г.Барбарево, Д.Барбарево, Бунеш, Бучиште, Гајранци, Древено, Зеленград, Јамиште, Калниште, Кундино, Куково, Лезово, Лесново, Марчино, Неокази, Пестришино, Петршино, Пишица, Пуздерци, Ратавица, Стрмош, Г.Стубол, Стрисовци, Трипатанци, Трооло, Турско Рудари и Шталковица.[253]

Во учебната 1960/61 година на територијата на општина Пробиштип вкупниот број на училишта изнесуваше 30. Од тие 27 училишта се четиригодишни основни училишта, а три се осумгодишни основни училишта, со вкупно 2707 ученици. До полугодие на учебната 1960/61 година во основните училишта работеа вкупно 77 учители, наставници и професори, а додека на крајот од учебната година работеа вкупно 79 учители, наставници и професори.[254]

Статистички податоци или годишни извештаи по учебната 1960/61 година авторот не успеа да пронајде, па тие 15-тина години до 1975 година остануваат како една голема празнина за која авторот не дојде до никакви податоци. Како се одвивал образовниот процес во тие години дознаваме само за училиштата во Пробиштип и Злетово единствено преку сеќавањата на директорите на училиштата.

Карактеристично за овој период е да се напомене и тоа дека, во почетокот на 70-тите години по прогласувањето на Пробиштип за град во 1971 година, Пробиштипско-злетовската област е зафатена од голем бран миграции село-град што доведува до драстично намалување на бројот на учениците во селата. Тој бран на миграции во годините што следат

---

[251] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1959/60-1962/63) к.25 а.е. 96, Годишен извештај за работата на училиштата од прв степен од територијата од општина Пробиштип во учебната 1960/61 година.
[252] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата на основните училишта ...
[253] Истото.
[254] ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1959/60-1962/63) к.25 а.е. 96, Годишен извештај за работата на училиштата од прв степен ...

постепено доведува и до затворање на голем број на училишта во Пробиштипско-злетовските села.

## 2.2. Предучилишното воспитание

За разлика од основното и средното образование, предучилишното воспитание во Пробиштипско-злетовската област започнало многу подоцна, дури две и пол децении по ослободувањето во 1974 година. Поради доцното појавување на предучилишното воспитание, нема многу што да се пишува за него, бидејќи периодот кој го обработува авторот е до 1975 година, па затоа може накратко само да се опишат почетоците на овој вид воспитание, односно само една година од работата на градинката во Пробиштип. Во недостатокот на архивска документација со која се соочи авторот при неговото истражување, тој беше принуден да побара усни сведоштва од првите вработени во предучилишната установа, а патот го однесе кај првата директорка на градинката "Гоце Делчев" во Пробиштип, Иванка Барљамова. Нејзините сведоштва најмногу му помогнаа на авторот за да дознае какви биле почетоците на предучилишното воспитание во Пробиштип.

Почетоците на градинката "Гоце Делчев" датираат од февруари 1974 година кога е формирана на ул. "Гоце Делчев" бб, со 8 вработени и две групи со 16 деца од 2-7 години.[255] Средства за изградба на предучилишната установа или детска градинка "Гоце Делчев" биле обезбедени од фондот за непосредна детска заштита при општина Пробиштип, а изведувач и проектант било градежното претпријатие "Маврово".[256] Вработени до крајот на 1974 година биле следниве лица:

- Иванка Барљамова (Ангелова) - директорка,
- Иванка Стојановска - воспитувачка,
- Милка Атанасова - воспитувачка,
- Ленче Петрушева - воспитувачка,

---

[255] Марјонка Станојковска, *30 години детска градинка "Гоце Делчев" - Пробиштип*, Пробиштип, 2004, 4.

[256] Сеќавања на Милена Стојановиќ, родена 1933 година во Драгоцвет - Србија, а живее во Пробиштип. Интервју водено на 30.07.2010.

- Зорица Весковиќ - негователка,
- Станка Димитрова - книговодител,
- Мијалче Стојановски - домакин,
- Малинка Димитрова - хигиеничар,
- Тривчо Тасев - готвач,
- Јулијана Илиевска - готвач и
- Деса Мицева - садоперачка.[257]

Условите за работа во градинката во почетната 1974 година биле доста тешки и неповолни, слично како во основното и средното образование. За условите во кои се работело во првата година во градинката, дознаваме од сеќавањата на првиот директор Иванка Барљамова.

"Работата во градинката на почетокот се одвиваше во прилично тешки услови. Немаше ниту еден реквизит (лулашки и сл.), градинката не беше заградена, немаше ниту една играчка, единствено имаше доволно простории прилагодени за престој на децата. На почетокот започнавме да работиме со 5-6 дечиња од предучилишна возраст, а до крајот на годината веќе имавме над 40 дечиња. Со забавачињата исто така се работеше во градинката, а нивниот број до крајот на годината достигна над 50 дечиња. Слабиот одзив на дечиња на почетокот се должеше на тоа што родителите имаа навика децата да ги чуваат дома и ретко се одлучуваа да ги пуштат во градинка. Подоцна работите се одвиваа во позитивна насока и градинката ја добиваше вистинската функција за која беше наменета. Играчки почнавме да купуваме од сергиите, а некои од играчките самоиницијативно ги изработуваа и воспитувачките. Желбата кај нив за работа со дечињата беше голема. Такви беа условите за работа на почетокот во 1974 година во градинката 'Гоце Делчев' во Пробиштип".[258]

---

[257] Сеќавања на Иванка Барљамова, родена 1947 година во Струмица, а живее во Провиштип. Интерју водено на 30.07.2010.
[258] Истото.

# 3.Средното образование

Потребата од средно образование во Пробиштип се јавува веднаш по ослободувањето, а е врзана со потребата од стручно квалификувани лица за работа со машини во Рудниците “Злетово”. Со обновувањето и проширувањето на работите во Рудниците “Злетово”, со постепено воведување на посовремен начин и зголемен обем на експлоатација на рудните лежишта се наметнува потребата од поквалитетно и помеханизирано работење, а со тоа и поголемо производство. Со пронаоѓањето на нови резерви на оловно-цинковна руда, се отвораат нови видици и перспективи за развој на Рудниците “Злетово”, а со тоа развојот и растежот и на новонастаната рударско-индустриска населба Пробиштип. За новосоздадените услови за работење и наметнатите потреби на вклучување на посовремени машини и опрема во рударските јами и придружните неопходни помошни погони, машинската и електро работилница, како и тогашното работење на термоцентралата во Пробиштип, неопходно било создавање на стручни кадри оспособени за ракување со машините и опремата.[259] Рудниците за олово и цинк “Злетово”, оваа важна задача правилно ја разбраа и уште при крајот на 1945 година, на 1 декември го отворија првиот 18 месечен технички курс од општомашински смер со електротехнички отсек. На курсот се запишале 23 слушатели од редовите на напредните млади работници од електричната централа, машинската и електричната работилница, а се предавале следните предмети: Аритметика со геометрија, Техничко цртање со машински елементи, Физика, Електротехника и како главен предмет Топлотехника.[260] Иницијатор, главен организатор и реализатор на тој Курс бил инжинерот Петар Зотов, руски емигрант, тогашен раководител на машинските постројки во Рудниците “Злетово”. Во текот на траењето на Курсот дошло до осипување на првобитниот број на слушатели и на спроведениот завршен испит, на почетокот на учебната

---

[259] Стојан Стефановски, *50 години средно образование во Пробиштип*, Пробиштип, 1998.
[260] ДАРМ, Штип фонд: Индустриска рударска школа (1948-1951), Летопис на индустриското рударско школо при Рудниците за олово и цинк “Злетово”.

1947/48 година биле допуштени вкупно 19 кандидати, од кои завршниот испит успешно го положиле 11 слушатели на Курсот.[261] Испитите се полагале на 26 јуни од 14 и 30 до 19 часот и на 27 јуни од 7 до 11 часот.[262]

Во тој период настануваат и нови моменти кои го наговестуваат почетокот на развојот на Средното образование во Пробиштип. Имено, според тогашните законски одредби и поставеност на надлежните органи, било донесено решение од страна на Генералната дирекција на рудниците и топилниците на Југославија, со кое на Рудниците "Злетово" од Пробиштип им се дозволува отворање на Индустриско училиште со машинска насока. Така во учебната 1948/49 година на рударството во Македонија му ги стави на располагање првите завршени ученици со редовно школување.[263]

Условите за запишување на учениците во Рударската индустриска школа биле следните:

а) да не се помлади од 14 ниту постари од 17 години.

б) обавезно да имаат успешно завршено основно образование.

в) да се телесно и душевно здрави.

г) да се морално и политички исправни.

д) успешно да го положиле приемниот и психотехничкиот испит[264]

На почетокот на своето школување овие ученици се среќавале со низа проблеми. Наставата се одржувала во импровизирани простории, со несоодветен наставен кадар, а учениците биле организирани на интернатски начин на живеење и учење. Наставата во првите години се одржувала во зградата, сега позната како "стара амбуланта", или попозната во Пробиштип како "вила".[265]

Во почетокот на учебната 1948/49 година новото училиште го добило и првиот наставен план и програма за предметите: Енциклопедија на машините, Механичка технологија и Машински елементи, додека наставната програма за останатите предмети тогаш не била уште

---

[261] Стојан Стефановски, *50 години средно образование...*

[262] ДАРМ, Штип фонд: Индустриска рударска школа (1948-1951), Летопис на индустриското рударско школо при Рудниците за олово и цинк "Злетово".

[263] Стојан Стефановски, *50 години средно образование во Пробиштип*, Пробиштип, 1998.

[264] ДАРМ, Штип, фонд: Индустриска рударска школа (1948-1951). Uslovi za prijem ucanike.

[265] Стојан Стефановски, *50 години средно образование...*

изготвена. Еден дел од завршените ученици веднаш се вклучиле во производниот процес во Рудниците “Злетово”, а еден дел го продолжиле образованието на тогашните технички училишта (“техникуми”) во Бор и Трепча во Србија. По успешното завршување на “техникумите” тие се вратиле како завршени техничари по одделни струки, а за тогашни услови, како врвни стручњаци во своите струки, неопходни во секојдневното работење на Рудниците “Злетово” во Пробиштип, но и во други претпријатија во Македонија.[266]

Наставата во учебната 1950/51 година започнала да се одвива во просториите на една цврсто ѕидана барака, а во наредната 1951/52 година теоретската настава се реализирала во новоизградената училишна зграда, која навистина и одговарала на својата цел.[267]

Новосоздадените поволни, пред се просторни услови за училишна дејност, биле најверојатно и основната причина, на 19.09.1951 година, Главната дирекција за металургија на Владата на НРМ да донесе Решение за укинување на двете дотогашни училишта во Пробиштип (Рударско-индустриското и Училиштето за ученици во стопанството), како и на Индустриското училиште во рудникот Радуша” кај Скопје, а за формирање на ново единствено училиште од овој вид за цела Македонија, под име Индустриско-Рударско Школо.

Во ова ново училиште со седиште во Пробиштип (познато под тогаш популарното име “ИРШ“), биле префрлени и сите тогашни ученици од Радуша, со што бил формиран и машинскиот оддел.[268]

Во учебната 1951/52 година беше завршена и дадена во употреба новата, а за тогашни услови, мошне модерна функционална училишна зграда. Тоа овозможи одржување на настава во новите простори на шесте светли училници од по 54 метри квадратни, најнеопходните три кабинети, пространа сала за физичко воспитување и за одржување на културно-забавни приредби со површина од 176 метри квадратни, наставничка канцеларија и две помали помошни канцеларии. Во подрумскиот простор

---

266 Истото.

267 ДАРМ, Штип, фонд: Индустриска рударска школа (1948-1951), Летопис на индустриското рударско школо...

268 Стојан Стефановски, *50 години средно образование...*

биле сместени интернатската кујна и трпезарија, училишната библиотека и просторија, за учење и играње шах. Со вакви просторни услови, новата училишна зграда целосно одговарала за современо училиште за 200 ученици. Практичниот дел од наставата и натаму продолжил да се одржува во соодветните работилници на Рудниците "Злетово".[269]

Прв директор на новоформираното ИРШ бил Петар Зотов, истакнат инжинер во Рудниците "Злетово", инаку истакнат руски емигрант, кој освен со стручноста, особено се истакнувал со особини на мошне добар наставник и успешен педагог. Наставната работа во почетокот ја извршувале 4 редовни и 13 хонорарни наставници по одделни предмети.

Во почетокот на 1954 година структурата на наставниот кадар во ИРШ осетно се подобрува, а од 4.11.1954 година, по заминувањето на Петар Зотов од Пробиштип, за втор директор на ИРШ бил назначен Милан Милошевски, а за помошник директор бил назначен Павле Ѓоргиев, дотогашен управник на интернатот.

Индустриско-рударското школо (ИРШ) всушност продолжува да работи во тоа својство се до учебната 1966/67 година, кога и практично било укинато.

Во целокупниот период на постоење и работење на ИРШ во Пробиштип, заклучно со учебната 1966/67 година, го завршиле вкупно 924 ученици од следните струки:

- металска насока, вкупно 463 ученици,
- рударска насока, вкупно 443 ученици и
- ВКВ рудари, вкупно 18 ученици.[270]

Иницијативата за формирање на Гимназија била опредметена преку активноста на тогашната Општинска конференција на ССРНМ на Пробиштип, која на почетокот на 1961 година избрала Иницијативен одбор со задача да изврши подготовки за отворање на ново средно училиште. Добро организираните и успешно спроведени подготовки вродиле со плод и веќе пред почетокот на есента 1961 година, во

[269] Истото.
[270] Истото.

согласност со надлежните Републички и општински органи од областа на образовниот систем и со подршка на стопанските претпријатија од општина Пробиштип, отпочнаа со работа Првите две паралелки со 73 ученици на новото средно училиште Гимназија “Наум Наумовски-Борче” - Пробиштип, со почеток на учебната 1961/62 година.

Во почетокот на своето работење Гимназијата работи во мошне тешки услови, како од аспект на користењето на наставниот простор така и поради недостигот на соодветен наставен кадар за изведување на настава во Средните училишта. Во главно наставата ја изведува, во првите неколку години, наставниот кадар од Осмогодишното училиште “Браќа Миладиновци”, а наставата се држи во втората смена. Во почетокот Гимназијата се среќава и со проблемот од недостиг на материјално-финансиски средства за набавка на неопходните наставни и нагледни средства и опрема, во што голаме улога имаше и помошта од стопанските организации од општината а особено несебичната и честа помош која ја даваа Рудниците “Злетово”. Ваквите проблеми осетно се смалија во почетокот на учебната 1969/1970 година. Имено, оттогаш Гимназијата се всели во новоизградената училишна зграда, изградена со средствата на самопродинес на граѓаните на Пробиштип. Новиот училишен простор наполно ги задоволуваше критериумите, за тогашните услови, на мошне современа образовно-воспитна установа, која располагаше со богато опремени кабинети со неопходните наставни и негледни средства и помагала, со осетно подобрена квалификациона структура на наставниот кадар по сите застапени предмети од наставната програма. Тоа набргу придонесе за осетно подобрување на квалитетот на наставата и резултатите во воннаставните и вонучилишните активности, поради што Гимназијата “Наум Наумовски-Борче” од Пробиштип, во тие неколку следни години се здоби со авторитет на училиште за пример, не само на планот на основната дејност, успех во учењето, туку и со активно учество и постогањата во целокупниот општествен и културно-просветен живот во општината Пробиштип и бројните успеси на спортските екипи и

поединци со учеството и постигањата на врвни резултати и освојување на бројни високи признанија, пехари и медалји.[271]

Рударското-геолошко техничко училиште (РГТУ) официјално е формирано со Решение донесено од претседателот на Индустриската комора на Македонија на 7 јули 1961 година. Ваквото Решение беше донесено врз основа на член.24 ст.2 т.5 од статутот на Републичката индустриска комора и според член 18 и 112 ст.2 од Општиот закон за школство ("Сл. лист на ФНРЈ" бр.28/58), а во врска со Заклучокот на Управниот одбор на Републичката индустриска комора.

Официјално почнува со настава на 01.10.1961 година во Скопје во училишната зграда на ГУЦ "Здравко Цветковски" со вкупно запишани 38 ученици, во две паралелки, рударска и геолошка, по 19 ученици. Следната учебна година училиштето се преселува во сопствени простории во Центарот за кадри во замјоделството.

После катастрофалниот земјотрес во Скопје на 26 јули 1963 година, при што била оштетена и училишната зграда на РГТУ, но и поради останатите суштински причини за приближување на теоријата и практиката, а тогаш Пробиштип со Рудниците "Злетово" бил најголем и најзначаен рударски центар во Македонија, било донесено решение за преместување на РГТУ од Скопје во Пробиштип.

Со почетокот на учебната 1963/64 година започнува и работата на РГТУ во Пробиштип, а наставата се одржува во зградата на постојното Индустриско-рударско-училиште, а учениците беа сместени во новоизградената зграда на Ученичкиот дом "Доне Божинов".

Во првите години на работење на РГТУ во Пробиштип, тоа работи заеднички и паралелно со Индустриско-рударското училиште, користејки не само заеднички простор, туку и наставнички кадар, негледни наставни средства и кабинети. По укинувањето на Индустриско-рударското училиште, популарно викано "ИРШ", заклучно со учебната 1966/67 година, РГТУ продолжува да работи самостојно, со постојано зголемување на бројот на учениците, кои доаѓаат од сите краеви на Македонија.[272]

---

[271] Истото.

[272] Истото.

Од отворањето на училиштето во 1961 година па до 1975 година, раководната функција на училиштето ја извршувале двајца директори. Прв директор бил Лазар Арсениевски од 01.10.1961 до 28.021965 година, а по него директор бил и Петар Анастасов од 29.02.1965 година.

По завршувањето на Втората светска војна па до 1975 во Пробиштип работеле вкупно три средни училишта: Индустриската-рударска школа (ИРШ), Гимназијата Наум Наумовски-Борче и Рударското-геолошко средно училиште (РГТУ).

## 2.4. Ученички дом

Со појавата на средното образование во Пробиштип, веднаш се наложува и потребата од сместување на учениците дојдени од другите населени места во Пробиштип. Иако на почетокот условите за интернатското сместување не биле многу поволни и идеални, сепак тие ги задоволувале основните потреби на учениците. Интернатското сместување во Пробиштип започнало веднаш по ослободувањето, односно паралелно со отпочнувањето на работа на познатиот осумнаесет месечен курс за оспособување на најразновидни профили на занаети и струки, кој имал голем одзив со масовно пријавување на голем број слушатели.

Со почетокот на учебната 1946/47 година веќе се организираат и првите форми на интернатско сместување и учење на учениците од Рударското-индустриско училиште чиј покровител биле Рудниците "Злетово". Првиот интернат во Пробиштип бил денешната т.н. зграда "бункери", каде триесетина ученици имале комплетно сместување и исхрана. Подоцна сместувањето на учениците било во т.н. "бор бараки" на денес виканото место "Лиса гара", а исхраната останала во просториите на зградата "бункери". По изградбата на новата зграда на ИРШ, која била дадена во употреба во почетокот на учебната 1951/52 година. Интернатот од "бор бараки" бил преместен до денес виканата зграда "колективна", наспроти Киното Рудар, а мензата за исхрана во подрумските простории на новата зграда на ИРШ. Интернатската менза подоцна, 1958 година, се преместува во новоизградената зграда специјално за таа намена. Сепак за

вистинско комплетно и квалитетно домско сместување на учениците од ИРШ во Пробиштип, чиј број од година во година постојано се зголемувал, може да се зборува дури за периодот по изградбата и давање во употреба на новата, и за тоа време мошне функционална зграда, во која учениците се вселиле во текот на 1960 година.[273]

Зградата на ученичкиот дом во Пробиштип е изградена со средства на поранешниот Републички сојузен фонд за кадрови во стопанство и намена за смештај и исхрана на учениците од индустриското училиште, со практична обука за кадри од рударска и машинска струка.

Зградата е дадена во употреба во 1950 година, а за нејзината целосна изградба се вложени 90.000.000 стари динари од кои 20.000.000 се потрошени за изградба на станови за наставно-воспитниот персонал за потребите на Ученичкиот дом (Интернат) и училиштето.[274]

Од почетокот на делувањето на интернатот, од крајот на четириесетите и почетните педесети години, практично бил во составот на рударското училиште и под негова управа. Меѓу првите управници на Интернатот во Пробиштип биле Станка Гичева, Драги Филовски, потоа долго време управник на Интернатот, а воедно и помошник директор на ИРШ бил Павле Ѓоргиев, кој на оваа должност останал некаде до крајот на 1955 година, потоа управници но на пократко време биле неколку лица, а подолго се задржале Атанас Кимов, Павле Наневски, а најдолго Богдан Спасовски кој бил управник на Интернатот (Ученичкиот дом) од 1965 година.[275]

За работата на интернатот во годините по ослободувањетно дознаваме и од сеќавањата на Павле Ѓоргиев, управник на интернатот при Рударско-индустриското училиште од 1951 година, а од 01.11.1954 година истовремено и управник на интернатот и помошник директор на ИРШ.

За управник на интернатот бев поставен во есента 1951 година по налог на партискиот форум во општината. Учениците од интернатот беа сместени во зградата наспроти киното, денес викана “колективна”, а еден

---

273 Истото.

274 Архив на Ученичкиот дом “Доне Божинов” во Пробиштип. Републичка заедница на образованието.

275 Стојан Стефановски, *50 години средно образование...*

помал дел и во т.н. "Бор бараки" во месноста "Лиса Гара". Вкупниот број на ученици со интернатско сместување изнесуваше 260 и беа сместени во споменатите згради, а мензата за исхрана на учениците беше во подрумските простории на новата училишна зграда на ИРШ. Беа тоа ученици од сите краеви на Македонија но имаше и од другите југословенски републики. Интернатскиот живот беше всушност строга војничка дисциплина, со редовна раноутринска гимнастика, заедничко во строј заминување на појадок, а потоа сите ученици од сите струки од ИРШ, освен учениците од рударска струка, од 7 до 12 часот. Секојдневно одеа на практична работа во помошните погони и работилници на Рудниците "Злетово". После ручекот од 14 часот започнуваше теоретската настава во училиштето, а по вечерата редовно секојдневно беше вечерното организирано учење. Со целиот број од 260 ученици организациско воспитната работа со учениците ја обавуваа освен мене уште три-четворица воспитувачи, но сепак редот и дисциплината беа на највисоко можно ниво. Поради мојата позната строгост не бев многу омилен меѓу учениците во интернатот, но затоа пак бев многу респектиран и ценет. Но и во услови на "железна" дисциплина во интернатот, сепак ние редовно и активно се вклучуваме во културно-забавниот живот, преку играорната, рецитаторската и спортската секција. Најголеми успеси остваруваше спортската секција фудбалската екипа на интернатот, која во еден период беше всушност и комплетната екипа на ФК Рудар, која со голем успех учествуваше во тогаш многу популарните првенства на рударските екипи од Македонија и тогашна Југославија. Инаку мојата строгост и барање на дисциплина беа и причина во 1954/55 година да бидам ангажиран и како помошник директор во ИРШ.[276]

Бројот на учениците сместени во Ученичкиот дом, порано Интернатот варирал во зависност од бројот на учениците во ИРШ, а подоцна РГТУ.[277] Во 1962 година во Домот имало околу 70 ученици.[278] Најмногу бројот на учениците во Домот се смалува по укинувањето на

---

[276] Истото.
[277] Истото.
[278] Сеќавања на Богдан Спасовски, роден 1926 година во Горна Црцорија - Крива Паланка, а живее во Пробиштип. Интервју водено на 09.07.2010.

ИРШ во учебната 1966/67 година, а најголем број на ученици се бележат во учебните 1964/65 и 1965/66 година, кога иако капацитетот на Домот е вкупно за 168 ученици, тогаш тука биле сместени 320 ученици од кои 260 во зградата на Ученичкиот дом, а 60 ученици биле сместени по приватните куќи, а се хранеле во мензата на Ученичкиот дом. Во тој период по скопскиот земјотрес и преселувањето на РГТУ во Пробиштип, Ученичкиот дом во Пробиштип доби поголема количина на нова и квалитетна опрема со што условите за исхрана и сместување во Домот осетно се подобрија, во што голем удел имале средствата од мегународна помош.[279] Тогаш биле донирани 220 нови душеци, голем број ќебиња и нови клупи и столчиња.[280] После тоа настапува период на неколкугодишна стагнација на условите на работењето во Домот, пред се поради намалувањето на бројот на учениците но и поради измените во начинот на финансирањето на ученичките домови, особено во текот на 1967 година кога Домот беше по финансирање на општината, кога дојде и до големо осипување на бројот на вработените и кога воспитниот кадар во Домот се сведе само на тројца воспитувачи. Во почетокот на седумдесетите години со новите форми на финансирање условите во Домот во следните неколку години се подобруваат, како за вработените, така и за учениците кои престојуваат во Домот. На поголемиот третман на Домовите во Македонија свое насомнено влијание имаше и формирањето на Републичката домска заедница, а особено со формирањето на Републичката заедница за финансирање на Домовите, во текот на 1972 година.[281]

---

[279] Стојан Стефановски, *50 години средно образование...*
[280] Сеќавања на Богдан Спасовски ...
[281] Стојан Стефановски, *50 години средно образование...*

# ГЛАВА ТРЕТА

# 3. ФОРМИ НА НАРОДНО ПРОСВЕТУВАЊЕ ВО ПРОБИШТИПСКО-ЗЛЕТОВСКАТА ОБЛАСТ

## 3.1. Аналфабетски курсеви

Во првите повоени години еден од најголемите проблеми со кои се соочувало населението од Пробиштипско-злетовската област, бил неписменоста. Колкав бил бројот на неписмени лица неможе да се каже, но потребата од описменување на населението, била голема. Затоа уште при крајот на четириесетите и почетокот на педесетите години започнуваат да се организираат првите аналфабетски курсеви за описменување на населението. Според она што е запишано во годишните извештаи за работата и успехот на основните училишта, а и според сеќавањата и кажувањата на Александра Алексовска-Цана, аналфабетските курсеви во секое село ги одржувале учителите што предавале во самото село. Тие наутро ја одржувале редовната настава со учениците, а во попладневните часови или навечер, одржувале аналфабетски курсеви. Како се одвивал аналфабетскиот курс во с.Турско Рудари, ни раскажа Александра Алексовска-Цана.

"Аналфабетскиот курс во с.Турско Рудари го одржуваше селскиот учител Предраг Менов. Во тоа време учителот во селото беше се. Тој го организираше и водеше културно-забавниот живот, ги учеше младите деца, а ги описменуваше и повозрасните. Предавањата се одржуваа во една селска куќа. На курсот во почетните години доаѓаа да се описменат лица не постари од 25 години. Повозрасните беа зафатени со работа, па затоа не го посетуваа курсот".[282]

Во врска со организирањето и одржувањето на аналфабетските курсеви, за имињата на личностите кои ги одржувале овие курсеви, за

---

[282] Сеќавања на Александра Алексовска-Цана, по потекло од с.Турско Рудари, живее во Злетово. Интервју водено на 16.04.2010 година.

бројот на лицата кои ги посетувале и за дејноста на Агиптроп-одделенијата, Народниот фронт, АФЖ, младината и синдикатот, не можеме да зборуваме, но со сигурност можеме да тврдиме дека описменување на населението, односно одржување на аналфабетски курсеви во Пробиштипско-злетовската област имало.

## 3.2. Народен (Работнички) универзитет

Основањето и работата на Народниот универзитет во Пробиштип, е неразделно поврзан со работата на Рудниците "Злетово". Уште во првите години по 1945 година, со особен успех евидентни се резултатите на Народниот универзитет, кој имаше задача да воспостави процес на воспитување и образование, а со тоа се создаваа услови за остручување на многу потребни и неооходни кадри за потребите на Рудниците.[283]

На 1.12.1945 година со обновата на работата во Рудникот "Злетово" во организација на Народниот универзитет, започнал да работи првиот курс за оспособување на стручни работници, а во 1947 година и следните неколку години работел и Курсот за описменување на работниците.[284] Со тек на времето, како организациска единица на Народниот универзитет во рамките на Рудниците "Злетово", мошне активно и успешно работи и Центарот за стручно оспособување и усовршување на работниците.[285] Во 1947 година е забележана активност на Народниот универзитет под закрилата на Рудниците "Злетово" организирање на паралелки за описменување на неписмените. Организирани се неколку паралелки преку кои неписмените работници ги посетувале курсевите, и за кратко време биле описменети. Особено внимание се посветувало на младите генерации кои не можеле да бидат опфатени во штотуку формираното осумгодишно училиште. Паралелно со организирањето на курсевите за описменување, уште во 1948 и 1949

---

[283]Слободан Петрески, *45 години Работнички универзитет во Пробиштип (1954-1999)*, Пробиштип, 1999, 13.
[284]Стојан Стефановски-Лесновски, *50 години општина Пробиштип* ..., 208.
[285] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето*..., Пробиштип, 2000, 53.

година се формирани паралелки за оспособување и стручно усовршување на многубројни кадри, особено од областа на рударството, градежништвото, електро-машинството, како и други струки, многу потребни за работењето во Рудниците "Злетово". Карактеристично е тоа што се јавила потреба, и во склоп на Рудниците се организирале курсеви за здобивање бројни квалификации и на вработените во рудниците. Речиси и нема вработен меѓу злетовските рудари и останатите вработени кој не посетувал и не бил опфатен со некакво образование и достручување, а овие кадри подоцна придонеле Рудниците да постигнуваат се позабележителни и позитивни резултати во делувањето. Во периодот од 1947 до 1954 година работењето и активностите на Народниот универзитет било повремено, но сепак, според кажувањата на луѓето од тоа време, биле опфатени повеќе од 1.000 луѓе. Оттука и констатацијата дека темелите на Работничкиот (Народниот) универзитет во Пробиштип се поставени уште во 1947 година, иако во подоцнежниот период своите активносто ги одвивал повремено и по потреба. Условите за спроведување на активностите на Народниот универзитет во тие години биле навистина тешки. Посетителите на курсевите во претпладневните и попладневните часови морале да ги извршуваат своите работни задачи, а во вечерните задачи во несоодветни услови морале да го здобиваат своето стручно усовршување. Но ентузијазмот, самопрегорот и вербата во поубаво утре, биле посилни и во тешки услови во тој период се постигнувани завидни образовни и работни резултати.[286]

Со тек на времето, како организациска единица на Народниот универзитет, во рамките на Рудниците "Злетово", подолг период мошне активно и успешно работи и Центарот за сручно оспособување и усовршување на работниците, од 1954 година.[287] Основна цел за формирањето на Центарот за стручно образование и усовршување на работниците во Рудниците "Злетово" пред се, е усовршување и оквалификување на работници и нивно вклучување за работа во

---

[286] Слободан Петрески, *45 години Работнички универзитет...*, 13-14.
[287] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 53.

претпријатието.[288] На почетокот на шеесетите години Народниот универзитет се преименува во Работнички универзитет.[289]

Евидентиран е податокот дека во 1963 година 494 работници посетувале разни курсеви и се здобиле со некаков вид стручно образование. Тие веднаш се вклучени во производниот процес на Рудниците. За описменување на работниците биле организирани курсеви и биле описменети 207 неписмени работници.[290]

Во периодот од 1954 година со Центарот за стручно усовршување на работниците при Рудниците "Злетово" раководела Оливера Чони, а во 1960-1961 година, раководител на Работничкиот универзитет во Пробиштип бил Коле Наков. Следните две години раководел Томе Јованов, а од 1962 до 1964 година управник на Работничкиот универзитет бил Савчо Петковски. Љубе Спасовски повеќе години бил раководител за практично остручување и обучување на квалификуваните рудари во јама, додека најчесто високостручните кадри во Рудниците "Злетово" биле вклучени како предавачи на повеќе организирани курсеви и семинари.[291]

Иницијативата за формирање и дејствување на Работничкиот универзитет во Пробиштип уште во почетокот на 1968 година ја дава тогашното раководство на Рудниците "Злетово", на чело со директорот Јонче Котески. Тие го согледуваат значењето и улогата на Работничкиот универзитет и од март 1968 година го ангажираа Лазар Арсениевски, со задача целосно да се посвети на организирањето на бројни дејности што му пропагале на Работничкиот универзитет. Истата година се подготвуваат и самоуправните акти, изготвен е Статутот на Работничкиот универзитет.[292] По изготвувањето на Статутот и самоуправните акти на Работничкиот универзитет, директорот во основање Ѓорѓи Топуков, во ноември 1968 година доставува барање до Окружниот стопански суд во Штип за регистрирање на Работничкиот универзитет, а во состав на барањето било и Решението на Собранието на општина Пробиштип за

---

[288] Слободан Петрески, *45 години Работнички универзитет...*, 13-14.
[289] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 53.
[290] Слободан Петрески, *45 години Работнички универзитет ...*, 16.
[291] Истото,,, 17.
[292] Истото,,, 19.

формирање на новата институција, Работнички универзитет Пробиштип.[293] На 01.02.1969 година во Пробиштип е формирана како самостојна организација, Работничкиот универзитет, иако во тоа време работи во крајно неадекватни услова за работа.[294] Новата институција бргу ја афирмира својата активност и во текот на 1969 година Работничкиот универзитет од Пробиштип е и редовен член на Сојузот на работничките и народните универзитети на Македонија.[295] Прв директор на овој работнички универзитет бил Драган Анастасов, а основната дејност на Работничкиот универзитет во Пробиштип била, реализирање на најразличните форми на образование на возрасните, пред се работниците, а за нивно стручно оспособување или преквалификување преку овие форми на стручно образование и преквалификување биле оспособени поголем број на работници, не само од општина Пробиштип, туку и од соседната општина Кратово.[296] Иако во тој почетен период на работење, Работничкиот универзитет се сретнува со многу проблеми од материјално-финансиски и просторен карактер, сепак во текот на учебната 1968/69 година преку Работничкиот универзитет 70 работници се здобиле со квалификации за различни струки, а 48 лица се стекнале со дипломи за висококвалификувани работници од повеќе струки.[297]

Универзитетот бил организатор на трибини и предавања од истакнати општествено-политички, културни и јавни работници, а за истакнување е предавањето што во преполнетата кино-сала го одржал д-р Вељко Бујан на тема "Појава на криминалитетот и причината за употребата на droги". Исто така и Претседателот на Социјалното осигурување на Македонија одржал предавање на тема "Доградба на пензискиот систем", кое што предизвикало забележителен интерес меѓу жителите во градот. Во текот на 1969 година Универзитетот активно се вклучил во одбележувањето на јубилејната година на АСНОМ, а за таа цел биле организирани две предавања. За признавањето на Македонската

---

[293] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, Пробиштип, 2000, 53.
[294] Слободан Петрески, *45 години Работнички универзитет ...*, 19.
[295] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 53.
[296]Стојан Стефановски-Лесновски, *50 години општина Пробиштип ...*, 208.
[297] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 53-54.

нација говорел д-р Александар Апостолов, додека академик Михајло Апостолски пред многубројните посетители зборувал за значењето на Одлуките на Првото заседание на АСНОМ.[298]

Квалитативно подобрување во делувањето на Работничкиот универзитет се забележува во периодот по 1973 година, кога за директор доаѓа Станко Трајановски. Во рамките на редовната активност на Работничкиот универзитет, продолжуваат дотогашните и се практикуваат нови посовремени форми на образование на возрасните и преквалификација на работниците, при што освен за потребите на општината Пробиштип, во текот на 1973 година се остручени и 30 работници за потребите на фирми од општината Кратово, а истата година започнаа со работа и две паралелки за средно образование на возрасни, една од економска и една од управна насока, како истурени паралелки на Економското училиште "Борис Кидрич" од Скопје. Во истиот тој период работат и паралелките за основно образование на возрасни, во кои основното образование во учебната 1973/74 година го оформиле 61 ученик. Успешните резултати и наметнатите потреби на времето за заокружување на основното образование, налагаше потреба за формирање и на сопствени центри за редовно работење и сопствен кадар. Така беше формиран и Центарот за основно образование, преку кој во наредните две години со свидетелства за завршено основно образование се стекнале околу 2. 000 лица не само од општина Пробиштип, туку и од сите краеви на Македонија.[299]

Во 1974 година се создаваат и услови за современа фоно лабораторија и со други нагледни средства, а е основан и Центарот за странски јазици со кандидати за изучување англиски и германски јазик.[300]

Работничкиот (Народниот) универзитет одиграл значајна улога во животот на жителите во Пробиштипско-злетовската област. Благодарение на него многу генерации се стекнале со најразлични дипломи, посетувале различни курсеви, се описменувале, присуствувале на

---

[298] Слободан Петрески, *45 години Работнички универзитет* ..., 22.
[299] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето*..., 54.
[300] Слободан Петрески, *45 години Работнички универзитет* ....,25.

голем број трибини и предавања. Неговото непрекинато опстојување низ годините доволно говори за потребата од ваквиот вид на универзитет.

## 3.3. Библиотекарство

Значајна улога врз подигањето на културно-образовното ниво на населението во новосоздадената рударска населба, и на младите работници во Рудниците "Злетово", несомнено дека има постоењето и работата на првата Библиотека во Пробиштип, која започнала со работа уште во 1946/47 година.[301] Библиотеката како форма и можност за непосредно културно-просветно издигнување на населението во Пробиштип, била присутна уште на почетокот на неговото создавање, во годините на ослободувањето, кога со растежот и развојот на Рудниците "Злетово", се раѓаше и создаваше новата рударска населба Пробиштип. Во првите години, кога Пробиштип бил место каде постојано, како работници или стручен кадар, доаѓале голем број на млади луѓе од сите краеви на Македонија, библиотечната дејност била спонтана и пропагандна, со цел да се развие љубовта кон книгата и навиката кон читање. Таквата библиотекарско-пропагандна активност во тие први години на Пробиштип, ја спроведувала мошне успешно Сијка Петровска службеничка во Рудникот, по потекло од Кавадарци. Првото поорганизирано поставување на библиотеката било во текот на 1949 година, кога прв библиотекар бил Лука Врмашевиќ,[302] а библиотеката работела со скромен број на книги и во адаптирани простории, во зградата наречена "Вила", а од 1951 година, во специјална просторија, во тогаш изградениот нов прекрасен објект на Домот на културата (киното "Рудар").[303] Библиотеката која располагаше со скромен фонд на книги, во првите години на формирањето била сместена во просториите на т.н. зграда "Вила". Популаризацијата на книгата, тогаш, се вршела со испишување на пароли на видни маста, на кои пишувало: - Библиотека -

---

[301] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 21.
[302] Истото,„ 103.
[303]Стојан Стефановски-Лесновски, *50 години општина Пробиштип*, 215.

зема ли книга? Книгите за домашно читање на заинтересираните им се издавале само во вечерниот термин кога и работела библиотеката.

Особен квалитет во подобрувањето на функционирањето и работата на Библиотеката е периодот по најзиното преселување од објектот “Вила”, во просториите на новиот Дом на културата (тоа денес е просторот на кафе-барот “Кул”), кога осетно бил збогатен фондот на книги во библиотеката со најразновидна стручна литература и балетристика, кога библиотекар бил Стојан Манев. Тогаш практично библиотеката беше поставена и организирана на потребното стручно ниво на библиотечно работење, со воведување на каталог и нумерација за сите книги. Во тој период во Библиотеката работеше Маре Даневска, која мошне стручно и квалитетно ја извршуваше својата одговорна задача.

Интересен е да се одбележи еден фрагмент од сеќавањето на Љупчо Исјановски, сврзан со Библиотеката. Имено, во текот на 1948 година, по прекинот на односите на Југославија и Советскиот сојуз и создавањето на клима на анти-руско расположение, со нечија одлука и партиска директива било решено да се уништат сите книги од руски автори и книги во кои се пишувало за големата и единствена улога на Советската држава. Можноста да се направи вакво непромислено дело и да се уништат многуте книги на најпознатите руски класици, во последен момент, благодарение на својата култура и разум, ја спречил Трајко Ников од Злетово, дипломиран правник и еден од првите интелектуалци од овој крај.

Работата на Библиотеката во Пробиштип, продолжила со редовна работа и во текот на педесетите години, а повремено нејзиниот фонд на книги се зголемувал, особено со набавката на книги потребни како лектири за учениците од градот, но и друг вид на литература, меѓу која и стручна, од областа на рударството. Во средината на педесетите години Библиотеката уште еднаш се преселува, во истата зграда на Киното Рудар, но од спротивната страна, каде била организирана и читална, каде граѓаните на Пробиштип можеле секојдневно да читаат дневен печат и други и списанија и весници. Во тој период, од 1957 до 1964 година во Градската библиотека во Пробиштип работи Станојка Стојановска, од

1964 до 1967 година Поликсена (Цена) Трајковска, а од 1967 во Библиотеката се вработува Нада Величкова (Трајчева). Повремено во библиотеката работеле и Вида Коцева, Руса Савева и Драган Јаневски.[304] Библиотеката се до 1974 година работела во составот на Работничката културно просветна заедница (РКПЗ), кога се издвојува како посебен правен субјект, под името матична библиотека "Јане Сандански", во чиј состав работела и подрачната библиотека во село Добрево.[305]

Фондот на книги на Библиотеката во Пробиштип од почетниот период на нејзиното официјално библиотечно организирање, во 1949 година, секогаш бил релативно богат и разновиден, а со текот на времето постојано се зголемувал. Така од почетниот број од околу 1.500 книги, во 1965 година тој број достигнува до 2.705, за да после една година пообемна набавка на книги, веќе во 1967 година, фондот на книги во Библиотеката изнесувал 4.770.[306]

Покрај оваа најголема Библиотека во Пробиштипско-злетовската област, голем дел и од училиштата имале свои библиотеки. Во кои училишта имало библиотеки и колкав бил бројот на книгите со кои располагале се гледа од следните статистички податоци:

Во учебната 1951/52 година во училишната библиотека во с.Злетово имало 256 книги, во с.Добрево 49 книги, во с.Калниште 100 книги, во с.Лесново 415 книги, во с.Марчино 25 книги, во с.Плешенци 198 книги, во с.Стрмош 78 книги, во с.Горни Стубол 78 книги и во с.Шталковица 48 книги.[307]

Во учебната 1952/53 година во училишната библиотека во с.Злетово имало 380 книги, во с.Бунеш 138 книги, во с.Бучиште 180 книги, во с.Калниште 100 книги, во с.Кундино 147 книги, во с.Лесново 65 книги, во с.Марчино 77 книги, во с.Плешенци 102 книги и во с.Шталковица 64 книги.[308]

---

[304] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 21-22.
[305] Стојан Стефановски-Лесновски, *50 години општина Пробиштип*, 215.
[306] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 22.
[307] ДАРМ, Штип, фонд: Општински НО - Просветен оддел -Пробиштип (1952-1955) к.2, а.е. 1-102, Годишен извештај за работата ...
[308] Истото.

Во учебната 1953/54 година во училишната библиотека во с.Злетово имало 400 книги, во с.Долно Барбарево 110 книги, во с.Бунеш 130 книги, во с.Добрево 43 книги, во с.Калниште 100 книги, во с.Кундино 153 книги, во с.Марчино 77 книги, во с.Плешенци 111, во с.Трипатанци 76 книги и во с.Шталковица 64 книги.[309]

Во учебната 1954/55 година во училишната библиотека во с.Злетово имало 346 книги, во с.Кундино 231 книги, во с.Марчино 74 книги, во с.Плешенци 112 и во с.Шталковица 64 книги.[310]

Во учебната 1955/56 година во училишната библиотека во с.Злетово имало 450 книги, во с.Долно Барбарево 112 книги, во с.Добрево 38 книги, во с.Јамиште 120 книги, во с.Кундино 144 книги, во с.Пишица 80 книги, во с.Плешенци 117 книги, во с.Стрмош 162 книги, во с.Трооло 262 книги и во с.Шталковица 53 книги.[311]

Во учебната 1956/57 година во училишната библиотека во с.Добрево 56 книги, во с.Јамиште 30 книги, во с.Лесново 260 книги, во с.Пишица 54 книги, во с.Плешенци 252 книги, во с.Трооло 280 книги и во с.Шталковица 63 книги.[312]

Во учебната 1957/58 година во училишната библиотека во с.Злетово имало 400 книги, во с.Долно Барбарево 116 книги, во с.Добрево 54 книги, во с.Јамиште 30 книги, во с.Лесново 260 книги, во с.Плешенци 252 книги и во с.Шталковица 53 книги.[313]

Во учебната 1958/59 година во училишната библиотека во с.Злетово имало 521 книга, во с.Долно Барбарево 116 книги, во с.Јамиште 30 книги, во с.Куково 78 книги, во с.Кундино 50 книги, во с.Пишица 50 книги, во Пробиштип 966 книги, во с.Стрмош 53 книги, во с.Трипатанци и во с.Шталковица 72 книги.[314]

Училишни библиотеки имало и во голем дел од останатите училишта, но за нив немаме податоци.

---

309 Истото.
310 Истото.
311 ДАРМ, Штип, фонд: Народен одбор на општина Пробиштип (1959/60-1962/63) к.25 а.е. 96, Годишен извештај за работата на училиштата од прв степен ...
312 Истото.
313 Истото.
314 Истото.

Во годините по ослободувањето во приватна куќа во Злетово работела градска библиотека, но и за неа податоци авторот на успеа да пронајде.

# ГЛАВА ЧЕТВРТА

# 4. КУЛТУРНИТЕ ДЕЈНОСТИ И УМЕТНИЧКОТО ТВОРЕШТВО ВО ПРОБИШТИПСКО-ЗЛЕТОВСКАТА ОБЛАСТ

## 4.1. Драма

На културно поле драмата заземала едно од најзначајните места во културно-забавниот живот на населението од Пробиштипско-злетовската област по ослободувањето. Формирањето на Драмската аматерска секција при КУД "Рудар" од Пробиштип, била најорганизираната секција во околијата која активно делувала, но своја активна улога во селата имале и драмските секции при основните училишта, составени од ученици. За почетоците на драмскиот аматеризам податоците се прилично оскудни, но во истовреме и многу значајни, бидејќи преку нив имаме можност да ги согледаме корените на драмската дејност во овој крај.

Најзаслужен за квалитетното работење и брзиот подем на драмските аматери од Пробиштип бил театарскиот инструктор Мирко Стефановски, кој со директива на Министерството за култура бил испратен во Пробиштип да формира театарска група. Покрај Мирко Стефановски, кој дошол од Народниот театар од Битола, во работата на драмските аматери од Пробиштип, повремено, како актери и режисери, се вклучувале и професионалните актери на Народниот театар од Скопје, Кирил Ќортошев и Димче Трајковски. Во недостиг на поофицијални и пишувани податоци за тој период од работата на драмските аматери од Пробиштип, го регистриравме сеќавањето на Љупчо Исјановски кој работи во Пробиштип од почетокот на 1947 година, а во периодот 1950-1955 година бил и секретар на КУД "Злетовски рудар". Според сеќавањата на д-р Љупчо Исјановски, драмските аматери од Пробиштип, во првите години по формирањето на драмската амтерска група ги подготвувале и ги прикажувале следните драмски претстави: "Парите се

отепувачка" од Ристо Крле, а во режија на Мирко Стефановски, која првпат била изведена на отворено, на фудбалското игралиште кое се наоѓало на просторот спроти термоцентралата, покрај патот за Кратово. Во режија на Димче Трајковски била изведена комедијата "Сомнително лице" од Бранислав Нушиќ, а во режија на Кирил Ќортошев драмата "Чорбаџи Теодос" од Васил Иљовски. Подоцна, во наредните неколку години драмските аматери од Пробиштип се претставиле и со "Народен пратеник" од Нушик, "Госпоѓа министерка" во која главната улога ја играла Милка Димитровска, потоа и "Печалбари" со Живка Арсовска во главната улога на Симка. Најпознати атристи-аматери од Пробиштип од тој период биле: Тофка Пешевска, Живка Арсовска, Вона Атанасова, Павлина (Лала) Накова, Станко Стоилков (Ризов), Стојана Стоилкова (Ризова), Драги Миладинов, Милан Милашевски, Милка Димитровска, подоцна и Оливера Протуѓерова-Чони, Менде Мајковски, Никола Грчевски, Сречко Митрушевски, Анка Митрушевска, Ѓоре Исјановски, Вите Исјановски, Ристо Андонов (слаткарот), Стојка Панова, Владо Стојановски, Јашко Монев, Миле Лазаревски, Саво Стојановски, Мара Пешевска, Драѓи Арсов (Мицајката) и други.[315]

Успесите на драмските аматери започнуваат уште во 1949 година, кога со претставата "Сомнително лице" во режија на Мирко Стефановски, драмската аматерска група од Рудниците "Злетово" како најдобра во Македонија, учествува и на Сојузната смотра на драмските аматери на републичките театри од цела Југославија.[316] Улогите на претставата "Сомнителни лице" која се играше во Домот на синдикатите во Белград, ги толкуваа: Станко Стоилков, Саво Стојановски, Драги Миладинов, Мара Пашевска, Милан Милошевски и други.[317]

Според Станков Стоилков (Ризов), работата на Драмската секција при Рудниците "Злетово" започнала уште во почетокот на 1947 година, но формирањето на КУД "Злетовски рудар", во чиј состав влегла и Драмската секција, официјално е кон крајот на 1949 година, а главен

---

315 Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 18-19.
316Стојан Стефановски-Лесновски, *50 години општина Пробиштип*, 215.
317 Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 19.

иницијатор за неговото формирање и поорганизирано работење бил Никудин Исјановски, а реализатор на идејата за формирањето и работата на Драмската секција бил Мирко Стефановски, кој по државна и партиска линија, специјално бил испратен во Пробиштип за да формира Драмска аматерска група. Според сеќавањата на Станко Стоилков (Ризов) првата претстава која ја подготвиле дваесетина млади ентузијасти од Пробиштип, била едночинката "Мечка" од Чехов. Со оваа претстава драмските аматери учествувале и на тогаш популарните Републички синдикални смотри, кои се одржувале во Скопје, 1949 година. Според, истото сеќавање, веќе следната 1950 година драмските аматери од Пробиштип, со комедијата "Сомнително лице" од Бранислав Нушиќ учествуваат на Сојузните синдикални смотри од Белград, а режисер на претставата бил Мирко Стефановски. Од овие смотри драмските аматери од Пробиштип се вратиле со две награди за улогата на Јеротија, која ја играл Станко Стоилков (Ризов) и Драги Миладинов за улогата на Жика. Ова всушност се првите награди за остварени улоги на драмските аматери во историјата на драмскиот аматеризам во Пробиштип. Покрај споменатите претстави, во неколкуте следни години на репертоарот на КУД "Злетовски рудар", Драмската секција ги прикажала и следните театарски претстави: "Бегалка", "Чорбаџи Теодос", "Власт", "Зона Замфирова", "Протекција", "Парталковци" и други. Интересно е да се забележи од истото сеќавање, дека претставите се играле на ниво на тогашните услови, во импровизирани и пролагодени сали и простории, а најчесто сцената била на камион, а осветлувањето било со рударски карбитни ламби. Таков бил почетокот на театарскиот аматеризам во Пробиштип во периодот од крајот на четириесетите и почетокот на педесетите години од 20 век.[318]

Во Битола, од 6 до 12 октомври 1959 година, се одржува Првиот фестивал на аматерски драмски друштва и театри. Во 1961 година, заради официјализирање на ваквиот вид на смотри и ревии на аматерските драмски друштва, комплетната нивна организација ја презема РКПЗ на Македонија. Затоа и одржувањето на Првата аматерска театарска ревија, од 1 до 10 декември 1961 година, се смета и официјално за прва ваква

---

[318] Истото„, 29.

ревија во хронологијата на одржување на театарските смотри, подоцна познати под имињата РАДС, ФААТ и ДАФ.

Посебно е значајно што токму на оваа, Прва аматерска драмска ревија, учествува и КУД "Злетовски рудар" од Пробиштип со пиесата "Два цванцика", од Милован Глишиќ, во режија на Томе Гаговски, артист од Штипскиот театар.[319]

Успесите на драмските аматери од Пробиштип продолжуваат и во 1961 година, кога драмската секција повторно ја претставува Македонија на Фестивалот на аматерски театри на Југославија во Хвар, претставувајќи се мошне успешно со драмата "Александра" од Томе Арсовски,[320] а во режија на Томе Гаговски. Пред да одат на Фестивалот во Хвар, драмските аматери со оваа претстава повеќе пати имаа настапи во Пробиштип и соседните градови. Улогите на претставата "Александра" ги толкуваа следните лица: Асен Михајлов, Зора Данева, Марија Мицева, Владо Андреевски, Богоја Бентовски, Богдан Јаниќ, Стојне Гогев, Сава Данева, Трајче Давитковски, Иван Кузмановски, Станоје Станојевски, (Киро Димитров), Тодорка Алексова, Драгица Стојанова, Добре Петрушев, Ранко Илиев, Мирко Брајковски, Благој Димитров, Петре Иванов и Максим Андов. Во подготовката и реализацијата на претставата, покрај режисерот Томе Гаговски, артист при Народниот театар во Штип, учествуваа и: инспициент-Милутин Раиќ, сценограф-Ранко Илиев, костимограф-Стојне Гогев и суфлер-Тодорка Алексова.[321]

Своe повторно учество на РАДС, КУД "Злетовски рудар" има на осмите по ред РАДС во Битола, кои се одржале од 13 до 21 мај 1972 година. Драмските аматери од Пробиштип, на овие смотри, се претставуваат со драмата "Моите бебиња" од Мејо, во режија на Бранислав Дуковски.

Следната сезона драмските аматери од Пробиштип ја прикажаа претставата "Службен пат", во режија на Бранислав Дуковски.

---

319 Истото, 25.
320 Стојан Стефановски-Лесновски, *50 години општина Пробиштип*, 215.
321 Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 25-27.

Во 1973 година Драмската група при КУД "Злетовски рудар" ја пригоди и прикажа претставата "Протекција" од Б.Нушиќ, а во режија на Бранислав Дуковски.

Следната, 1974 година на репертоарот на драмската група при КУД "Злетовски рудар" беше претставата "Црнила" од Коле Чашуле, а во режија на Бранислав Дуковски. Со оваа претстава драмските аматери од Пробиштип имаа повеќе настапи, не само во Пробиштип туку и во неколку градови во Македонија.[322]

Меѓу плејадата артисти-аматери, кои се појавиле на бројните претстави на аматерската драмска сцена во Пробиштип до 1975 година, само двајца од нив прераснале во професионални драмски актери.

Првиот таков артист-аматер, кој ја започнал својата кариера како член на драмската група при Рудниците "Злетово" во Пробиштип кон крајот на четириесетите години, бил Станко Стоилков (во Пробиштип познат под името Станко Ризов). Станко Стоилков, како успешен актер-аматер уште на почетокот на педесетите години преминува во Битолскиот народен театар, каде го поминува целиот свој работен век.

Следниот врвен македонски актер, чија почетна станица кон професијата драмски актер бил драмскиот аматеризам во Пробиштип, била популарната артистка, Шенка Димитрова (Колозова), која на почетокот на шеесетите години, како петнаесет-годишна ученичка за првпат се појавува како учесник во драмска претстава на драмската аматерска група при КУД "Злетовски рудар" од Пробиштип.[323]

Покрај театарските претстави во Пробиштип, ваков вид на претстави се изведувале и во Злетово и Добрево, а претстави изведувале и драмските секции од основните училишта. Како и каде се одржувале овие претстави, дознаваме од сеќавањата на Александра Алексовска - Цана.

"Во нашето с.Турско Рудари, театарските претстави беа изведувани од страна на учениците, кои имаа формирано драмска секција. Претставите се одржуваа во куќа. Публиката ќе испоседнеше во дворот пред куќата, а претставата се играше на повисокиот дел од куќата каде

[322] Истото,,, 28-29.
[323] Истото,,, 77.

што беше чардакот, кој всушност претставуваше бина. Од едниот до другиот крај на ѕидот се оптегнуваше ортома, а на неа се ставаа убави шарени ќилими, кои служеа како завеси, и се отвораа пред почетокот на претставата. Најмногу се изведуваа следните претстави: “Аналфабет”, “Чест”, “Печалбари”, “Бегалка”, “Една вечер”, “Чорбаџи Теодос”, “Вејка на ветерот” и др. Актери беа следните ученици: Миленка Ѓеоргиева, Стојмир Алексов, Бора Николова, Назли Јускова, Елица Петрова, Љубе Јакимовски, Стојан Петров, Ефто Стојанов и др.[324]

## 4.2. Балет

Помеѓу културно уметничките дејности во Пробиштип и Пробиштипско-злетовската област, свое заслужено место зазема и балетската уметност. Иако неможе де се зборува за некоја поголема, понапредна, поорганизирана и високоразвиена балетска уметност во периодот до 1975 година, сепак, неможе а да не се забележи дека постоела балетска секција која активно делувала и која е дел од културната историја на овој крај.

Во средината на педесетите години во Пробиштип се појавуваат почетоците на балетските активности. Првата балетска група и секција со која се работело посистематски и постручно, била балетската група составени од ученички од Осумгодишното училиште “Браќа Миладиновци” во средината на 1955 година. Меѓу најзаслужните за почетокот на балетската активност била Ирена (Тиквицки), по потекло од Словенија, која била дојдена во Пробиштип со својот маж Ѓезо (Тиквицки), инженер во Рудникот “Злетово”. Балетската секција редовно работеше во една прилагодена просторија во киното “Рудар”, а во неа членуваа девојчиња помеѓу 8 и 15 годишна возраст. Од членовите на балетската секција во 1955 година се забележани имињата на Ленка (Милевска) Кировска, Поликсена-Цена Трајкова, Милка Манева, Анка

[324] Сеќавања на Александра Алексовска-Цана, по потекло од с. Турско Рудари, а живее во Злетово. Интервју водено на 16.04.2010 година.

Филипова, Невенка Митева, Цвета Милевска, Даница Јованова,[325] Родна Димитровска, Велика Величкова и други.[326] Условно, втората генерација на членови на балетската секција, кои вежбале балет во текот на 1957/58 година, биле овие девојчиња: Олга Божовиќ, Поликсена (Цена) Трајковска, Рада Трајкова, Марија Трајкова, Риса Диова, Лоза Јакимова (Левеска), Лозена Иванова (Чеферјановиќ), Цветанка Велкова, Елица Велкова, Јагода Костадинова и Надка Милевска.[327]

Балетската секција ги изведувала следните балетски точки: "Пеперутка", "Маџарска игра", "Циганска игра", и др., а имала настапи и во околните градови Кратово, Крива Паланка и др.[328]

## 4.3. Печат

Печатот како информационо средство играл голема улога во животот на населението. Преку печатот жителите се информирале за сите најглавни случувања во околијата. Појавата на првиот печатен весник во Пробиштип, се случил во првите години по ослободувањето, но претходно постоеле и други информациони средства кои е интересно да се напоменат.

На самиот почеток на настанувањето на Пробиштип, во 1945 и 1946 година, кога со развојот и растежот на Рудниците "Злетово" се раѓа и оформува новата мала рударска населба, во времето на обнова и изградба, кога натпреварувачкиот дух, доброволната работа и фанатичниот работен ентузијазам биле заеднички белег и општо секојдневие, а информирањето, афирмацијата и потикнувањето на творештвото, на ударништвото, на новаторството и рационализаторството и на постигнатите ударнички резултати, се остварувале на особено специфичен начин. Најчесто тоа се правело со испишување и цртање на графикони и симболи на големите огласни табли и паноа во круговите на производните фабрики,

---

[325] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 87-88.
[326] Сеќавања на Милевка Здравковска, родена 1943 година во с.Радибуш-Крива Паланка, а живее во Пробиштип. Интервју водено на 04.08.2010.
[327] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 88.
[328] Сеќавања на Лозена Чеферјановиќ, родена 1944 година во с.Пробиштип. Интервју водено на 21.07.2010.

претпријатија и замјоделски задруги. Такви форми на информирање биле користени и во Рудниците "Злетово", кога во тие први години по ослободувањето, во кругот на Рудникот во Добрево на големи табли и транспаренти, преку симболични знаци и цртежи, но со големи бројки, биле истакнувани и забележувани поединечностите и колективните постигнувања на рударите и работните единици по јами, за остварени дневни, наделни и месечни резултати во количини на ископана руда. Со текот на времето овие форми и начини на јавно информирање биле збогатени и проширени, и со воведувањето на разгласни радио-станици, како во кругот во Добрево, така и во Пробиштип, каде звучните кутии на разгласната станица биле поставени и низ целата рударска населба. Разгласната станица во Пробиштип била сместена во просториите на зградата позната под името "Вила" до 1951 година, кога по изградбата на новиот објект на Домот на културата се преселува во нови посовремени и пофункционални простории.[329]

Особено значаен чекор во насока на поголемо и помасовно информирање на своите вработени во Рудниците "Злетово", е почетокот на издавањето на првиот печатен весник на претпријатието под името "Злетово", чиј прв број се појавил уште во текот на 1947 година. Излегувањето на "Злетово" било меѓу првите вакви нови форми на информирањето на Македонија и со право весникот на Злетовските рудари се смета за предводник на т.н. фабрички печат во Македонија. Овој весник, како јавно пишувано средство за информирање, во почетокот бил со интерен карактер и информирање за работата и настаните во Рудниците "Злетово" и излегувал периодично, месечно, двомесечно или тримесечно, но за тој период сосема ги задоволувал потребите од информирање. Подоцна со здобивањето на поголемо искуство на луѓето кои го подготвувале весникот, тој ја проширува својата информативност и со објавување на текстови и за случувањата и настаните во рударската населба Пробиштип, а подоцна и за Општината во целост.[330]

---

[329] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 35.
[330] Истото.

Кире Атанасовски првиот уредник на весникот “Злетово” за излегувањето на првиот број ќе каже: “Во текот на есента 1947 година ги извршивме сите подготовки за издавање на весник на рударите од Рудниците “Злетово”. Знаевме и бевме свесни дека многумина само ќе го земат и ќе го гледаат, бидејки се неписмени, но подоцна и тоа постепено го разрешувавме. Во ноември 1947 година го отштампавме првиот број на весникот “Злетовки рудар”. Првиот број и сите други се отштампани во печатницата “Просвета” од Куманово, каде имавме големо разбирање од тие луѓе.[331]

Со растежот на Пробиштип, како рударска населба и неговото прераснување во општински центар во 1952 година, а со развојот на културните активности, на страниците на весникот “Злетово” се почесто се појавуваат и информации и извештаи за културните настани во градот и општината. По извесни периоди на нередовно излегување на овој весник, од средината на 1962 година започнува неговото поредовно печатење како информативно средство на Рудниците “Злетово”, но и со задолжителни страници и за настаните и случувањата на ниво на општина Пробиштип. Во тој период следуваат и постојаните рубрики за културата во весникот кои ги уредувал просветниот работник и голем ентузијаст на културата Стојне Гоѓев. Подоцна текстови за културната рубрика пишувале и Киро Димитровски, Љубомир Јакимовски и др.[332]

## 4.4. Филм

Филмот како дел од културните активности е една од првите која се јавила во Пробиштип, уште на самиот почеток на создавањето на новата рударска населба.[333] Како една од формите на разонода и забава на рударите и членовите на нивните семејства во новосоздадената рударска

---

[331] 30 години на Осоговски рудар, “Осоговски рудар”, 28 август 1977.
[332] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 35.
[333] Истото,,, 105.

населба било покажувањето на кино претстави.[334] Почетокот на прикажувањето на првите филмови во Пробиштип е уште во текот на 1946 година, кога тука е донесена за прв пат кино-апаратура, а проекцијата на филмските претстави била во првата кино-сала во Пробиштип, во кругот на објекти т.н. "Нови Београд", кое тогаш било средиште на сите случувања во Пробиштип. Кино-салата се наоѓала во приземната зграда, а капацитетот на зградата бил со 150 постојани седишта и уште 50 дополнителни, што за тоа време за Пробиштип кој имал вкупно само околу 1.000 жители, било сосема доволно.[335] Кино претставите се одржувале секој ден, освен понеделник.[336] Кино-апаратурата за прикажување на филмовите, била донесена од Штип, а ја донел со себе Панче Димитров-Стрмбов, кој всушност ја имал како своја сопственост и ја користел во Штип уште пред Втората светска војна, а по завршувањето на војната, откако му била конфискувана од државните власти, тој како одземена ја става на располагање за потребите на Рудникот "Злетово" во Пробиштип.[337] Иако апаратурата за кино-проекциите била од застарен тип и често била подложена на дефекти и кинење на филмската лента, сепак честите посетители на кино претставите биле задоволни, а особено од репертоарот на филмовите кои им се прикажувале, како и од цената на влезните билети, која изнесувала само два динари и младите често филмовите ги гледале и по двапати. Во периодот до 1948 година најчесто се прикажувале филмови со тематика од НОВ, борбени филмови и во најголем дел филмови од руско производство. Во текот по 1948 година, по познатите политички настани и прекинот на соработката на Југославија со Советскиот Сојуз, доаѓа и до радикална промена на кино репертоарот, при што почнуваат да преовладуваат филмови од американско производство, а пред се т.н. "каубојски" филмови, кои со особено задоволство биле гледани од сите граѓани, а особено од младите од Пробиштип и од околните села.[338] Помеѓу многубројните филмови што се прикажувале во

[334] Истото,,, 19.
[335] Истото,,, 105.
[336] Истото,,, 19.
[337] Истото,,, 105.
[338] Истото,,, 19-20.

киното во Пробиштип, Ранко Илиев се сеќава на следните: “Камени цвет”, “Опсада на Москва”, “Тарас Буљба”, “Солунските атентатори”, “Фросина” и др. Најмногу посетители имало при прикажувањето на филмот “Солунските атентатори”.[339] Меѓу првите кино апаратери, покрај веќе споменатиот Панче Стрмбов од Штип, биле и Ванчо Дубровски, исто така дојден во рудникот од Штип, како и првиот кино апаратер од Пробиштип Стојан Ѓичев, кој всушност бил и првиот стручен кино апаратер кој таа задача ја извршувал редовно и како единствена работа, за разлика од претходните двајца на кои тоа им била дополнителна работа. После Стојан Ѓичев, како кино апаратери работат и Јово Томиќ и Митко, дојден од Крива Паланка, а од февруари 1950 година, најнапред како помошник, а потоа и како самостоен кино-апаратер, оваа функција ја извршува долги години и Ранко Илиев, паралелно со Стојан Ѓичев. Најзначајниот период во осовременувањето на кино-фикцијата во Пробиштип е периодот во есента 1951 година по вселувањето на Киното во новоизградениот објект на Домот на културата во центарот на градот и со набавката на нова современа кино-опрема, која беше во функција и употреба се до 1975 година. Задачата кино-апаратер, се до 1963 година ја извршувал Ранко Илиев, а потоа Иван Илиев.[340]

Во еден период од шеесетите години, кога филмската уметност имаше голем замав, прикажувањето на филмови во Пробиштип беше многу редовно и со мошне голема масовност на посета на филмските проекции. Така, познат е податокот дека во текот на 1961 година во киното “Рудар” биле прикажани 304 филмови, кои ги гледале околу 50 000 посетители. Во текот на седумдесетите години, освен киното “Рудар”, во општината Пробиштип, со повремено прикажување на филмови работеле и кината во село Злетово и селото Добрево, каде како кино-апаратер работел Страшо Арсов.[341]

---

[339] Сеќавања на Ранко Илиев, роден 1934 година во с.Голеш-Босилеград-Србија. Интервју водено на 05.08.2010.
[340] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 20.
[341] Истото,,, 106.

# 4.5. Радио

Со отворањето на локална радио станица во Пробиштип, се внела една новина во секојдневниот живот на жителите во Пробиштипско-злетовската област. Преку брановите на радиото жителите можеле да слушнат многу новини за градот и околијата, а разновидните песни им го разубавувале секојдневниот живот. Со радиото започнал еден нов живот, многу поинаков и поразличен од претходниот.

Иницијативата за отворање на локалната радио станица заеднички ја покренаа претседателот на општина Пробиштип Ампе Арсовски по потекло од Лесново, претседателот на ОК на ССРН Стојан Јанев и директорот на Рудниците "Злетово" Јонче Котевски. Откако беше набавена најнеопходната основна радио-техника (предавател и студиска опрема), локалната радио станица беше сместена во соодветна просторија во зградата на киното "Рудар".[342] Предавателот бил направен од Стево Димовски од Битола а во просторијата пред да биде сместена радио станицата, најпрвин била сместена библиотеката, а потоа гардеробата на драмската секција. Во неа биле сместени новинарите, спикерите и радио-техничарот.[343]

Во почетниот период, пролетта 1966 година, кој се смета за пробен период на работење, работните задачи во Радио Пробиштип, како новинарско-спикерски должности, ги извршувале вработените во Центарот за стручно образование во Рудниците "Злетово". Одговорното лице на центарот Оливера Чони, всушност бил и првиот уредник, заедно со Ѓорѓи Топуков, инаку вработен како референт за просвета во Собранието на општина Пробиштип и кој веќе имаше извесно новинарско искуство како дописник на "Нова Македонија". Првиот спикер, чиј глас се слушна низ етерот на брановите на Радио Пробиштип беше Благородна (Бота) Диовска. Нејзините први зборови, кои го одбележаа моментот на почетокот на емитувањето на програмата на радио Пробиштип беа: - Зборува Радио Пробиштип, зборува Радио Пробиштип. Тоа се случи кон

[342] Истото,,, 36.
[343] Сеќавања на Милевка Здравковска ...

крајот на пролетта 1966 година, во времето на т.н. пробен период на работа на Радио Пробиштип. Според сеќавањата на Бота Диовска, која улогата на спикер на Радио Пробиштип ја извршуваше следните два-три месеци, програмата започнувала во 15 часот и 30 минути, по завршувањето на работното време, бидејќи сите ангажирани во Радиото, претпладне беа на своите работни места. Програмата се состоела од говорен и музички дел, при што секојдневно се емитувале вести, во кои преовладувале информациите за остварените производни резултати во Рудниците "Злетово", но и вести за општествено-политичкиот живот на Општината.[344] Додека се читале вестите, односно се емитувала програмата, сите во просторијата морале да молчат и да не предизвикуваат бучава, зошто дури секој најмал шум или тропот се пренесувал низ брановите на Радио Пробиштип.[345] Сепак, она што со најмногу љубов и волја сакала да го чита првата спикерка на Радио Пробиштип, биле личните творби кои ги пишувале учениците од ОУ "Браќа Миладиновци". Во музичкиот дел од програмата била емитувана народна и забавна музика со помош на грамафони и грамофонски плочи. Техниката во студиото била повеќе од скромна, поради што често се случувале и прекини во емитувањето на програмата, а пред се поради дефекти на предавателната техника. Во тој почетен период на експериментално работење, комплетниот радио тим, покрај спикерката Бота Диовска, уште го сочинуваа и Ѓорѓи Топуков, како уредник и новинар и Ранко Илиев, како радио техничар.

Инаку, веднаш по донесувањето на актот за основање на Радио Пробиштип, официјалниот основач на локалната радио станица, Општинската организација на ССРНМ формира и Уредувачки одбор кој го сочинуваат: Оливера Чони, Миле Стаматовски, Венко Прилепчански, Ѓорѓи Топуков и Стојан Јанев. Уредувачкиот одбор веднаш изготви програмска шема за формите и содржините на работа на Радио Пробиштип, а покрена и иницијатива за набавка на нова предавателна и студиска техника. Таквата иницијатива набргу беше и реализирана со

---

[344] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 36-37.
[345] Сеќавања на Милевка Здравковска ...

обезбедување на радио-предавател од 50 вати, а за потребите на студиската техника за подготвување и емитување на програмата, беа набавени два грамофони, два магнетофони и еден микрофон.[346] Лентата со која се служеле била т.н. пиши-бриши лента на која постојано се снимале нови содржини, а старите се бришеле се во зависност од потребите на вработените.[347]

После неколку месечниот пробен и експериментален период на работа на Радио Пробиштип, со извесни прекини во работењето, пред се поради техничките дефекти, се продолжува повторно со работа, а за официјален почеток на редовно работење на Радио Пробиштип сепак се смета 28 август 1966 година, кога во рамките на одбележувањето на Денот на рударите, била одржана и формална свеченост на почетокот на работа на локалната радио станица Радио Пробиштип. Во меѓувреме спикерската работа едно време ја извршувала Дона Стојановска, во текот на есента 1966 година, како втор спикер во историјата на Радио Пробиштип. Кон крајот на 1966 година, доаѓа до извесни промени во радио-тимот на Радио Пробиштип, кога како спикер-новинар била ангажирана Ленка (Милевка) Здравковска, инаку учителка во село Марчино, уредник на програмата е Ѓорѓи Топуков, а во техниката покрај Ранко Илиев, како негов помошник и повремена замена доаѓа Иван Илиев кој инаку работел како кино-апаратер во киното "Рудар". Комплетната екипа всушност била хонорарно вработена во Радио Пробиштип, бидејќи расположивите финансиски можности не биле доволни за ангажирање на редовно вработени. Сепак, и покрај тоа, со веќе стекнатото извесно искуство во работата, програмата постепено добиваше и квалитет и со времетраење во текот на денот, а преминот помеѓу 1966 и 1967 година, Новогодишната ноќ, била проследена со повеќечасовна Новогодишна програма. Мошне скромната техничка опременост и несоодветниот простор за емитување на програмата, се надминуваше со големиот ентузијазам на ангажираните во Радиото и нивната љубов кон работата. На почетокот на февруари 1967 година од страна на основачот на Радио Пробиштип, ОК ССРНМ, беше

[346] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето*..., 37.
[347] Сеќавања на Милевка Здравковска ...

изнајден начин за вработување на едно лице во редовен работен однос, при што во објавениот оглас беше примена како спикер-новинар Милевка Здравковска, која всушност е официјално првиот редовно вработен во Радио Пробиштип. Со ова се отвори простор и можност за збогатување на програмската шема на Радио Пробиштип, при што покрај многу слушаната информативна емисија Пробиштипска хроника и неколкуте видови на музички емисии, се воведоа и нови емисии, како детска и младинска емисија и емисија за домаќинките, а потоа и редовната и многу популарна емисија, Поздрави и честитки кои во меѓувреме станаа и основен извор на финансирањето на Радио Пробиштип.[348]

Во почетните години на работа на Радио Пробиштип честопати се случувале и непредвидени, случајни и несакани комични ситуации. Таква, една комична ситуација се случила околу 1968 година. "По завршувањето на работното време при напуштањето на работното место, вработените заборавиле за го исклучат микрофонот и го оставиле цела ноќ отворен. Утредента, кога дошле на работното место радио-техничарот Ранко Илиев и спикерката Слободанка Василева, го вклучиле предавателот, без да забележат дека микрофонот е отворен. Пред да започнат со работа, седнале да поразговараат за тоа кој што сонувал претходната ноќ. Започнале меѓусебно да си ги раскажуваат соништата, а бидејќи микрофонот бил отворен, нивниот разговор директно се пренесувал на радио. Откако преку радиото го слушнал нивниот разговор уредникот Ѓорѓи Топуков, веднаш интервенирал и отишол нервозен во просторијата каде било сместено радиото да го спречи разговорот помеѓу вработените. Иако многу налутен и нервозен кратко време по интервенцијата, уредникот поради комична ситуација, слатко се изнасмеал. [349]

Со ваквата кадровска екипираност, техничка опременост, просторно сместување, и програмска шема Радио Пробиштип продолжува да работи и во следните десетина години, се до 1975 година. Во тој период, повремено се експериментираше и со воведување на нови програмски содржини и форми, а во пролета 1970 година Радио Пробиштип, една од

---

[348] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 37-38.
[349] Сеќавања на Милевка Здравковска ...

првите локални радио-станици во Македонија успеа да реализира пренос од еден спортски натпревар, што за тоа време и според техничката опременост, беше вистински радио-подвиг. Беше тоа преносот од фудбалскиот натпревар од Валандово, помеѓу домашната екипа Победа и Рудар од Пробиштип, во рамките на Првенството на Брегалничкиот фудбалски регион. Спортски репортер на тој историски пренос на Радио Пробиштип беше Стојан Стефановски, новинар во студиото беше Милевка Здравковска, а целокупниот технички ангажман околу непреченото емитување на преносот му беше доверено на радио-техничарот Ранко Илиев.[350]

## 4.6. Литературно творештво

За литературното творештво во Пробиштипско-злетовската област во периодот од 1945 до 1975 година, може да се зборува благодарение на најголемиот поет од овој крај Стојан Тарапуза. Единствено овој голем поетски великан кој потекнува од овие простори, е познат на поширoката македонска јавност, и со своите поетски книги се става во редот на најпознатите македонски поети. Покрај Тарапуза до 1975 година само уште Перица Чеферјановиќ има објавено една книга со поезија. Останатите две потеси имаат објавено поетски книги после 1975 година, но тие до 1975 година имаат настапувано со свои поетски творби во голем број списанија, и затоа ќе бидат опфатени во оваа книга. Со поетски творби во списанијата имаат настапувано и други млади поети, но бидејќи до 1975 година, а ниту пак после 1975 година немаат објавено ниту една книга, за нив нема да зборуваме.

Стојан Тарапуза е роден на 29.12.1933 година во Злетово, Пробиштипско. Основно образование заврши во родното место и во Штип, а среднотехничко училиште и Виша педагошка академија во Скопје.

---

[350] Стојан Стефановски, *Свешлинаша, Духош, Времешо*..., 38.

Пишува исклучиво поезија за деца и за возрасни. Во литературата дебитира во 1961 година со стихозбирката за возрасни "Црвено растење", а во 1965 година ја издаде и својата втора стихозбирка за возрасни "Во камениот ден".

По овие две книги песни за возрасни следуваат стихозбирките за деца: "Грејни сонце" (1966), "Полно кајче желби" (1967), "Дамбара думбара" (1969), "Цвет и злато" (1970) и "Очиња поточиња" (1972).

Една од неговите книги е објавена и на друг јазик: "Насмијане капљице" (1973), во Нови Сад, (на српски).

Со наградата на Радио-телевизија Скопје што се доделување на Струшките вечери на поезијата удостеон е во 1970 година за стихозбирката за деца "Дамбара думбара".[351]

Перица Чеферјановиќ е роден во Србија, а е дојден да живее во Пробиштип. Има напишано само една книга со поезија "Заробеник на љубовта" издадена 1969 година, прва приватна книга издадена на (српски јазик) во Пробиштип, посветена на љубовта кон жената воопшто.[352]

Заедно со Стојан Тарапуза, тие се единствените поети од Пробиштипско-злетовската област, што имаат издадено книга со поезија до 1975 година.

Јадранка Златанска е родена во 1954 година во Кратово. Во 1958 година нејзиното семејство заедно со неа се преселува да живее во Пробиштип. Основно и гимназиско образование завршува во Пробиштип. Дипломирала на Економскиот фалуктет при Универзитетот "Св.Кирил и Методи" во Скопје.[353]

Поезија објавува во своите ученички година во младински весници и списанија, меѓу кои: "Наш свет", "Другарче", "Млад борец", "Студентски збор" и др.

Во 1967 година објавена е книга со наслов "Децата за Виетнам" каде настапува со своја песна.[354]

---

[351] Стојан Тарапуза, *Сон на шркала,* Скопје, 1999, 107-108.
[352] Стефановски-Лесновски Стојан, *Општина Пробиштип* ..., 219.
[353] Јадранка Златанска Ѓорѓиева, *На крајот од патот,* Скопје, 1998, 61.
[354] Сеќавања на Јадранка Златанска Ѓорѓиева, родена во 1954 година во Кратово, а живее во Пробиштип. Интервју водено на 11.07.2010.

Рада Алексова е родена во 1957 година. За изградбата на поетскиот лик на Рада Алексова може да се каже дека почнал со нејзиното тргнување во училиште. Дарбата за раскажување ја наследила од нејзината мајка, и прва литература со која се сретнала биле народните приказни и народните песни кои и ги раскажувала нејзината мајка.

Веќе во петто одделение ги објавува првите песни, лични творби во списанието "Наш свет". Учествува на детски поетски фестивали "Мајски цвет" во Кочани, "Курирче" во Кичево", "Гоцеви денови" во Делчево и др. Нејзината поетска дејност продолжува и во средношколските денови, на почетокот на 70-тите година, кога активно учествува во сите литературни конкурси, а имала и активна сораборка со средношколскиот весник "Млад борец", каде претежно објавува поезија. Во тоа време инспирација за Рада Алексова била нејзиното семејство која ја смета за вечна тема, пишувала за НОБ, за Тито, за љубовта меѓу средношколските клупи и др. Поезијата на Коста Рацин одсекогаш била предизвик за неа. Го смета за вечен учител, а од средношколските денови активно учествува на "Рациновите средби" во Велес.

## 4.7. Музичка дејност

Преку дејноста при крајот на четириесетите години на КУД, мешовитиот машко-женски хор и малите инструментални групи и оркестри, започнала и музичката дејност во Пробиштип. Играорни и инструментални групи имало и во голем дел од Пробиштипско-злетовските села, но нивната дејност била понезабележителна. Ваквата дејност се јавила поради потребата на населението од културно-забавен живот, а со текот на времето станувала се поорганизирана и поразвиена. Пробиштип бил центарот на музичката дејност во Пробиштипско-злетовската област и местото на најголемите музички случувања.

Поорганизиран културно-забавен живот во Пробиштип се забележува уште во првите две-три години по ослободувањето,[355] по

---

[355] Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 87.

почетните стихиски собирања и одржување на културно-забавни приредби и игранки.[356] Првите организирани форми на културна и забавна активност се забележани при крајот на 1946 година и почетокот на 1947 година, кога во рамките на Рудниците "Злетово" се формирале првите групи и секции, меѓу кои и Фолклорната секција. Носител на таквите активности и организатор била Синдикалната организација во Рудникот "Злетово", а членови на Фолклорната секција биле млади, но и повозрасни луѓе, главно работници во Рудникот или членови на нивните семејства. Првиот обид за прераснување на Фолклорната секција во КУД бил направен уште во средината на 1947 година, кога се јавува под името КУД "Рудар"-Пробиштип, но целосно организирано како КУД, официјално било формирано на 14.12.1949 година под име Културно уметничко друштво "Злетовски рудар"-Пробиштип. Во КУД "Злетовски рудар" во тој период во педесетите години делувала активно и успешно драмската, фолклорната, музичката, хорската и балетската секција.[357]

Според сеќавањата на Љупчо Исјановски, своја особено значајна улога во развојот на културно-забавниот живот во Пробиштип, во првата деценија по ослободувањето, со своја активност и завидни резултати одиграл и мешовитиот машко-женски хор, кој го сочинувале млади, но и повозрасни работници во Рудниците "Злетово". Организатор и диригент на хорот беше Методи Алексов-Шантиќ од Штип, а негова алтернатива беше Темистокле Мекси дојден од Скопје. Хорот го сочинуваа триесетина хоро-пејачи, меѓу кои попознати се: Љупчо Маневски (молерот), Јордан Дробов, Ацо Стрмбов, Сречко Митрушевски, Љупчо Исјановски, Ѓоре Исјановски, Ванчо Чепреганов, Панче Димитров, Анка Чепреганова, Милка Димитровска, Мара Пешевска, Драга Димитровска, Славка Пешевска, Ѕуна Јованова, Добрила Златковска, Деса Накова, Наталија Дементиенко, Анка Исјановска и други.

Покрај хорските пејачи, во составот на КУД имало и истакнати соло-пејачи, како што биле Анка Чепреганова, Сречко Митрушевски, и

---

[356] Истото,,, 17.
[357] Истото,,, 87.

Елица Даневска, која особено успешни настапи имаше со исполнението на песната “Црна се чума зададе”.[358]

Во периодот на настанувањето на Пробиштип, од 1944 до 1950 година, во рамките на организирањето и реализацијата на најразличните форми на културен живот, значајна улога имаат разновидните културно-забавни активности, преку организирањето на игранки и приредби, како во Пробиштип, така и во околните села. За таа цел, уште во тие години, биле оганизирани мали инструментални групи и оркестри. Со минимален фонд на музички инструменти, кои биле сопственост на Рудниците Злетово, редовно, секој четврток и сабота се организирале игранки кои се одржувале во просториите на зградата “Вила”

Значаен квалитет на овој план, во тие години на развој и растеж на Пробиштип како рударска населба е делувањето и работата на КУД, за чија потреба во 1950 година била набавена комплет нова опрема од музички инструменти, која се состоела од бас, две гитари, два прима, една хармоника, џез-труба, систем на тапани, разни труби и кларинет. Во вакви услови се создала можност за оформување и на официјален оркестар, во кој се вклучиле млади луѓе од Пробиштип и околните села. Според оскудните податоци и сеќавања на Љупчо Исјановски, членови во оркестарот по инструменти биле следните лица: хармоника Љупчо Табакот од Злетово, кларинет Тоде Арсов исто така од Злетово, а на жичани инструманти свиреле Љупчо Исјановски, Ѓоре Исјановски, Љупчо Маневски-Молерот, Миле Лазаревски, Коле Мишев, Сречко Митрушевски, Елица Даневска и други.[359]

Подоцна, биле забележани и членовите на неколку состави на оркестри: Љупчо Маневски-Молерот, Ѓезо-(Тиквицки), Тоде Арсов, Дончо Ѓорѓиев (Кондурџијата), Миле Лазаревски, потоа Никола Наков, Ибраим Ибраимов (Шабанов), Ѓоко Мицев, Бажо Панов, Велика Величкова, Рахила Панова, Ѓорѓи Кокорманов и Димитар Самандов. Во текот на 1965 година и потоа особено успешна работа на Оркестарот се забележува со доаѓањето на наставникот по музика Перо Петров-

[358] Истото,,, 19.
[359] Истото,,, 20-21.

Петраче, со кого во Оркестарот свират и Владо Поповски, Ѓорѓи од Штип, Димче Атанасов и Ѓоко Мицев. Во почетокот на седумдесетите години активен е и оркестарскиот состав, под раководство на Слободан Ѓорѓиев-Боте и членовите Македон Симоновски, Крум Димитриевски, Благој Дачев, Чедо Михајловски, Добре Карпузов и други.[360]

Наставникот по музика Перо Петров-Петраче бил основач на мандолинскиот оркестар во основното училиште "Браќа Миладиновци" и гимназијата "Наум Наумовски-Борче". Оркестарот постојано настапувал на општинските, регионалните и републичките натпревари со забележителни резултати. Во него членувале постојано околу 20-тина ученици.[361]

Кон крајот на 1959 и почетокот на 1960 година, постои и повремена активност на играорните групи, кои пред тоа, во текот на педесетите години покажувале повремена активност, пред се во рамките на играорните секции на Рударското-индустриско училиште. На почетокот на педесетите години, во рамките на КУД со музичка и играорната секција раководел и Миле Лазаровски, кој бил одговорно лице во киното "Рудар". Постојат податоци и фотографија за членовите на женската играорна група која ја сочинувале: Лоза Јакимова (Левеска), Лозена Иванова (Чеферјановиќ), Марија Трајкова, Натка Милева, Нада Гешовска (Јакимова) и Цветанка Велкова. Освен во Пробиштип, како општински центар и градска населба, во периодот 1955-1965 година, забележлива активност на планот на работењето на фолклорните самодејности, особено на играорните и пејачките групи, има и во неколку села во Општината. Активни играорни групи, кои учествуваа секоја година и на тогаш многу популарните Општински-културно уметнички смотри, биле во селата Трипатанци, Горни и Долни Стубол, Калниште, Плешанци, Неокази, како и во Злетово.[362]

Особено значаен момент во културната историја на Пробиштип е настанот кој се случи на 26 јуни 1963 година. Тоа е денот кога за првпат

---

360 Истото,,, 88-89.

361 Сеќавања на Слободан Ѓорѓиев-Боте, роден 1947 година во Злетово, а живее во Пробиштип. Интервју водено на 11.07.2010.

362 Стојан Стефановски, *Светлината, Духот, Времето...*, 88.

граѓаните на Пробиштип и општината имаа можност да присуствуваат на првиот симфониски концерт во изведба на Симфонискиот оркестар на Македонската филхармонија, под диригенство на Ванчо Чавдарски, при што беа одржани два концерти, еден во Пробиштип во салата на киното "Рудар" и еден на отворено рударите во Добрево.

Во декември 1965 година, во културната историја на Пробиштип, е забележано првото гостување на странско културно уметничко друштво. Имено, во Пробиштип гостуваше државниот ансамбал на народни песни и игри "Пирин" од Благоевград, Бугарија.

За развојот и збогатувањето на културното живеење и творење во Пробиштип, особено значаен е и моментот, кога во почетокот на 1966 година беше формирана КПЗ (Културно-просветната заедница) на општина Пробиштип,[363] во која главната раководна улога многу успешно ја извршувале познатите ентузијасти во културните активности Нанче Илиевски, Никола Јовановски, Халим Хуљузи, Милутин Раиќ, Мирон Пруст, Стојне Гоѓев и Ѓорѓи Топуков.[364]

Интересно е да се одбележи и сеќавањето на Ранко Илиев во 1963 година кога бил домаќин на Киното Рудар.

Беше тоа на почетокот на есента 1963 година кога се одржуваше концерт на тогаш многу популарната група на мексикански песни "Мањифико" од Скопје. Преголемиот интерес на граѓаните на Пробиштип за овој концерт привлече и огромен број на публика. Еден час пред почетокот на концертот во салата (во партерот и на балконот) веќе имаше над 1000 гледачи, што значи многу повеќе од нормалниот капацитет, но пред самиот почеток на концертот, огромната маса на луѓе, насобрана пред веќе затворените врати, го "проби" влезот и на балконот се најдоа можеби над 500 гледачи. Чувствував како балконот се треси и крцка, но повеќе се тресев јас, од страв дека преполнетиот балкон во секој момент може да се сруши, а јас како домаќин на Киното "Рудар" бев првиот што ќе ја понесев главната одговорност, а во тоа време одговорноста носеше и други најразлични последици.

---

[363] Истото,,, 32.
[364] Истото,,, 88.

Сите го следеа концертот, уживајќи во прекрасните исполненија на "Мањифико", а јас цело време со погледот бев свртен кон балконот, очекувајќи го најлошото. За среќа на сите, а чинам најмногу на мене, се се заврши добро, но јас и денес, како да имам чувство на страв од кошмарот што го преживеав тие два часа во 1963 година, раскажува и сега со видлива возбуденост Ранко Илиев.

Анегдотскиот заклучок би бил дека, иако цело време, додека траеше концертот, домаќинот на Киното беше во салата, тој сепак не го виде и не го слушна ансамбалот "Мањифико", но како што и самиот вели како и денес да го чувствува стравот и пред очите му е "сликата" што само тој ја "виде", -како се урива балконот во салата и како паѓаат луѓето долу во партерот врз другите луѓе. За среќа, тоа беше само паничното привидение на Ранко.[365]

Во Пробиштип, во 1973 година, започнала да се одржува музичка манифестација на која настапувале пејачи-аматери. Иницијатор и организатор на оваа манифестација во Пробиштип била Општинската организација на Сојузот на синдикатите, а конкретната иницијатива ја покренува и реализира тогашниот синдикален функционер Владо Илиевски, кој бил и професионално ангажиран во Синдикатот, а како целосно предаден на својата професионална задача во општината Пробиштип беше општо познат по синонимот "Владо-синдикат", со кое име го помина и целиот свој работен век, како работник на Општинската синдикална организација на Пробиштип.

Во почетокот на своето организирање, согласно на времето и општествено-политичките односи, Манифестацијата освен културно-забавен, има и класен карактер, бидејќи на неа можеле да учествуваат само работници од непосредното производство, поради што и го носела името "Избираме најдобар пејач-работник". На почетокот оваа музичка манифестација имала само локално-општински карактер и на неа учествувале пејачи-работници само од претпријатијата во општина Пробиштип.[366]

---

[365] Истото,,, 179.
[366] Истото,,, 107.

## 4.8. Наука

За науката во Пробиштипско-злетовската област ќе стане збор од еден друг аспект, бидејќи високо-образовна институција (факултет) во Пробиштип немало, па затоа и развој на науката во Пробиштип не постоел. Сепак авторот, сака да ја истакне улогата и дејноста на научните работници кои потекнуваат од овој крај, и да ги наведе книгите кои ги имаат издадено. При неговото истражување и во разговорот со многумина постари високо-образовани жители од Пробиштип и Злетово, беше посочувано името само на една драгоцена личност, за која што според нивните кажувања не беше тешко да се разбере за каква неверојатна личност станува збор, за која авторот по многуте разговори во кои жителите зборуваа со восхит за него, дојде до заклучок дека, тој едноставно може да се каже дека е најголемиот научник воопшто во Пробиштипско-злетовската област. За него многумина рекоа: "Тој човек е жива архива", "Тој човек е жива енциклопедија". "Тој човек нема што незнае", "Во овој крај човек како него не постои". Сите овие коментари за него, укажуваат на тоа колку е ценет, почитуван и респектиран овој голем научник и историчар, за кого накратко ќе ја опишеме животната приказна на д-р Александар Апостолов.

Александар Апостолов е роден на 11 март 1920 година во Злетово. Основно училиште завршил во родното место. Гимназија од I до IV клас, со мала матура, завршил во Прилеп, V клас во Скопје, а VI, VII и VIII клас со матура во Штип, 1940 година. Завршил Виша педагошка школа Група Историја - географија, во 1946 година во Скопје, а Филозофски факултет, група за историја во 1954 година, во Скопје. Бил наставник и професор по историја и географија во гимназиите во Кавадарци, Струмица и Штип. Во Штип бил професор и во Учителската школа.

Во гимназијата "Љупчо Сантов" од Кочани бил професор од 1949 до 1955 година.

Од 1956 година е на служба на Филозофскиот факултет во Скопје, на групата Историја, каде стекнал звања од асистент до редовен

професор,[367] и каде започнал да предава по предметот историја на југословенските народи во Новиот век.[368]

Докторската дисертација на тема: "КОЛОНИЗАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО СТАРА ЈУГОСЛАВИЈА" ја одбранил на 2 јуни 1962 година, на Филозофскиот факултет во Скопје.[369]

За свое главно истражувачко поле ги имаше политичките и економските аспекти на српската колонизација во Македонија меѓу двете светски војни, но покрај нив направи значајни истражувања на локалната историја.[370]

До 1975 година ги има објавено следниве книги: "Монографија за злетовската област 1974 година - историски дел" како и докторската дисертација "Колонизацијата на Македонија во стара Југославија", издание на "Култура", Скопје, 1966 година.[371]

---

[367] Александар Апостолов, *Половина век од првата генерација матуранти на кочанската гимназија (1950-2000),* Скопје, 2002, 103.
[368] Даринка Петреска, Виолета Ачкоска, *Осознавање на историјата,* Скопје 2007, 132.
[369] Александар Апостолов, *Половина век ...*, 103.
[370] Даринка Петреска, Виолета Ачкоска, *Осознавање ...*, 164.
[371] Александар Апостолов, *Половина век ...*, 103.

# ГЛАВА ПЕТТА

# 5. СПОРТОТ ВО ПРОБИШТИПСКО-ЗЛЕТОВСКАТА ОБЛАСТ

## 5.1. Фудбал

На подрачјето на општина Пробиштип, првата фудбалска екипа била формирана во Злетово во периодот помеѓу 1934 и 1938 година под име ФК Младост поточно, според сеќавањата на Кире Наумов од Злетово, првата фудбалска топка во Злетово била донесена уште во 1932 година, а кој ја има донесено, тој не можеше да се сети.

Во тие години младите од Злетово почнале често да се собираат и да играат фудбал на импровизирани голови на игралиштето кои сами го направиле во Злетово, на најрамната нива во селото. Некаде во летото 1934 година екипата од Злетово го одиграла и првиот натпревар со екипа од Кочани, а средбата се одиграла во селото Пантелеј, на манастирската слава.[372]

Во Пробиштип првиот фудбалски натпревар, се одиграл пролетта 1946 година на фудбалското игралиште кое се наоѓало на локацијата на денешниот неуреден дел од градскиот парк во Пробиштип, а натпреварот се одиграл помеѓу избраната екипа од германските заробеници и екипа на млади работници од Пробиштип.[373]

Во составот на Рудниците "Злетово", уште во 1946 година било формирано Спортско фискултурно друштво "Рудар". Во ова друштво делувале и активно работеле повеќе спортски секции (фудбалска, одбојкарска, гимнастичарска, боксерска, стрелачка и шаховска), но најбргу и најуспешно успеала да се организира најпопуларната, фудбалската секција.[374] Подоцна во пролетта 1947 година спортската

---

[372] Стојан Стефановски, *50 години фудбалски клуб Рудар-Пробиштип*, Пробиштип, 1999, 11.
[373] Истото,, 13.
[374] Стојан Стефановски-Лесновски, *50 години општина Пробиштип ...*, 224.

секција за фудбал при ова друштво прераснува во Спортско фискултурно фудбалско друштво “Рудар”. Тоа било при крајот на месец април 1947 година, а конкретен иницијатор за формирање на посебно фудбалско друштво, фудбалски клуб “Рудар”, била Синдикалната организација при Рудниците “Злетово”. Веќе на Први мај, кој тогаш се одбележувал како Ден на трудот и најголем сеопшт празник, новоформираниот фудбалски клуб Рудар го одиграл и својот прв натпревар, но нема сигурни податоци со кој противник.[375]

Својата прва титула, фудбалскиот клуб Рудар од Пробиштип, ја освои веќе во втората година од своето постоење, кога во 1949 година бил шампион на Македонија за рударски екипи од неколкуте рударски центри на Македонија. Бил и еден од првите фудбалски клубови во Македонија, кој уште во 1949 година учествувал на Државното првенство во Југославија. Тоа бил финалниот турнир од државното фудбалско првенство на Југославија, кој се одражал во Хрватското фудбалско рударско градче Лабин на Истра. На турнирот учествувале рударските прваци од шесте републики на Југославија. Во првите десет години од своето постоење (од 1947 до 1957 година), фудбалскиот клуб Рудар (според не најпрецизни податоци) освоил дури пет шампионски титули, првак на Македонија за рударски екипи во 1949, 1950, 1951, 1953 и 1955 година.[376]

Во периодот од сезоната 1958/1959 се до сезоната 1971/1972 година, Рудар постојано учествувал во првенството на постојниот Штипски фудбалски потсојуз (кој во подоцнежните периоди, го менува своето име во неколку форми, но секогаш, како систем на натпревари, на фудбалските екипи од овој регион останува долго време).

После повеќето освоени втори места во првенствата на Штипскиот фудбалски потсојуз и еден неуспех во квалификациите за влегување во Македонската фудбалска лига, во дуелот со екипата на Борец од Велес (1:0 и 1:6) во јули 1970 година, конечно во натпреварувачката 1971/1972 година беше исполнет фудбалскиот сон на многу дотогашни генерации на фудбалери од Рудар. Во таа (1971/72) фудбалска сезона, Рудар, под

---

[375] Стојан Стефановски, *50 години фудбалски клуб* ...,13-14.
[376] Стојан Стефановски-Лесновски, *Спортски портрет* ..., 98.

водството на тренерот Јордан Ражанков и агилната управа на клубот на чело со Тодор Аксентиев, како претседател и неодминливиот Крум Ѓорѓиев-Куце (со децении “алфа и омега” во Рудар), успева да го освои првото место во Брегалничкиот фудбалски регион, и да се избори за статусот член на Македонската фудбалска лига. Тој историски успех беше остварен со победата на Рудар, над екипата на Победа од Валандово на нејзиниот “жежок терен”, победа од 1:0, со “евро голот” од слободен удар, кој го постигна Љупчо Серафимов-Жистен.[377]

## 5.2. Останати спортови

Покрај фудбалот, свое значајно место во животот на жителите од Пробиштипско-злетовската област, заземаат и останатите спортови. Иако, со понезабележителни резултати, помалку актуелни и во сенка на фудбалот, тие сепак заслужуваат посебно внимание, бидејќи се дел од спортските настани во овој крај. Разните спортски клубови што биле формирани до 1975 година, допринесувале за збогатување на секојдневието со спортски настани, а со тоа и разубавување на животот воопшто. Формирањето на разните клубови примамило и голем дел од младите да почнат да се занимаваат со спорт. На тој начин се повеќе се развивал спортот, а позитивните успеси доаѓале сами по себе.

Кошарката, како спорт, во Пробиштип за прв пат започнала да се игра на крајот од педесетите години (1959 година), кога кошарка се играло во рамките на наставата по физичко воспитување за учениците од многу познатото индустриско-рударско училиште (ИРШ), во кое имало ученици од сите краеви на Македонија. Сепак, тоа играње сеуште било далеку од играње кошарка како спорт и организирана кошаркарска екипа.[378]

Официјално, како прва регистрирана кошаркарска екипа, под името К.К. “Рудар”-Пробиштип е машката кошаркарска екипа, која во

---

[377] Стојан Стефановски-Лесновски, *50 години општина Пробиштип ...*, 224.
[378] Стојан Стефановски-Лесновски, *Спортски портрет ...*, 83.

1966 година учествува во квалификациските натпревари за влегување во Републичката кошаркарска лига на Македонија.[379]

Почетоците на ракометот во Пробиштип, како во машка, така и во женска конкуренција, се случуваат на почетокот на шеесетите години, поточно со формирањето на првите градски ракометни екипи, машка и женска, кои во периодот од 1960 до 1963 година, настапувале на многу популарните "Илинденски спортски игри" од регионален карактер.[380]

Почетоците на борењето во Пробиштип се совпаѓаат со почетокот на негувањето на овој спорт во Македонија, некаде во почетните шеесети години на дваесетиот век, Пробиштип, практично имал свои истакнати поединци во овој спорт, борачи во слободен стил уште пред да се формира боречки клуб во Пробиштип. Тоа биле Ное Јачевски, како член на Б.К. Балканец од Штип и Љубомир Спасовски како член на Борец од Велес, уште во почетокот од шеесетите години. Подоцна тие двајца заедно со Иван Митевски и група спортски работници предводена од Боро Јаначковски, биле и иницијатори и основоположници на формирањето на првиот клуб во борење-слободен стил во Пробиштип, кој го добил и официјалното име Б.К. "Рудар" -Пробиштип.[381]

Многу малку е познато дека во Пробиштип, во состав на тогашното С.Ф.Д. "Рудар", меѓу другите, еден период активно работела и боксерската секција. Така, во текот на 1948 и 1949 година, биле одржани и неколку ревијални неофицијални боксерски манифестации, кои се одржале во Пробиштип, Добрево и Неокази. Боксерските борби во три рунди се одржувале на подвижен импровизиран "ринг", што всушност била отворена камионска приколка, на тогаш популарните товарни возила (камиони) со името "Прага".[382]

Во услови на непостоење на организиран атлетски клуб во Пробиштип, повеќе пројавени атлетски таленти од ова подрачје, своите високи атлетски квалитети ги докажувале во клубови надвор од Пробиштип. Таков бил случајот со тогаш вонсерискиот атлетски талент

---

379 Истото,, 48.
380 Истото,, 50.
381 Истото,, 44.
382 Истото,, 97.

појавен во Пробиштип, Станко Трајановски, кој на почетокот на шеесетите години како член на штипски “Текстилец”, тогаш беше носител на македонскиот младински рекорд во трчање на 100 метри, со одличен резултат од 10,8 секунди. Во истиот период Пробиштип имаше и свои атлетски младински првак на Македонија во скок во височина, со резултат од 186 сантиметри, кој го постигна Димитар Алексов-Мите. При крајот од шеесетите години, Пробиштип на македонската атлетика и го даде големото атлетско име Ѓорѓи Вучков. За вредноста на атлетските резултати на Ѓорѓи Вучков, кој бил носител на неколку македонски рекорди, зборува и фактот што неговиот рекорд на патеката 3000 метри стиплчез, поставен уште во далечната 1972 година, сеуште, не е соборен.

Покрај Ѓорѓи Вучков во истиот период, најпознатата атлетска личност по потекло од Пробиштип е и Методи Стефанов-Ферус. Тој во периодот од втората половина на шеесетите години, покрај неколкуте одлични резултати на првенствените екипи и поединечни натпревари, како и победите на неколку крос-натпревари, еден период беше и републички првак на Македонија во дисциплината трчање на 3000 метри.[383]

Во спортската историја на Пробиштип, во еден период, од крајот на шеесетите и почетокот на седумдесетите години, забележлива активност имале и пливачкиот и ватерполо клубот “Рудар”, што го овозможувало постоењето на нов олимписки пливачки базен (тогаш еден од ретките во Македонија), со чија изградба и давање во употреба во текот на 1957 година, во Пробиштип биле создадени предуслови за развој на пливањето. Редовното работење на базенот со чиста вода овозможило да се научат да пливаат голем дел од младата ( и женска и машка) популација, со што тогаш Пробиштип бил познат, споредбено со бројот на жители (околу 3.000) како град со најголем број на жители кои знаеле добро да пливаат.[384]

Позабележителна активност во гимнастичкиот спорт во Пробиштип постоела, во периодот од крајот на педесетите и почетокот на шеесетите години од дваесетиот век.

---

[383] Истото„ 51.
[384] Истото„ 53

Првиот официјален гимнастички тренер (тогаш т.н. предњак), кој работел со гимнастичарската секција во, тогаш, мошне активното и популарно Друштво за телесно воспитување (Д.Т.В.) "Партизан", бил Владо Тодосов, а како главен организатор на активностите во друштвото бил Павле Ѓорѓиев.

Најпознати гимнастичари од тој период, прва генерација на гимнастичари од Пробиштип биле: Љупчо Станковски-Шимпо, Милош Величковски-Мишо, Љубомир Спасовски, Младен Денчевски-Денко, Добре Денчевски, Живко Стојковиќ-Буцко и други, а подоцна и помладите Страше Велков-Паше и Страшо Спасовски-Прле.[385]

На развојот на шахот во Пробиштип отсекогаш му се посветувало потребно внимание. Почетокот е забележан во текот на педесетите години, но за поорганизиран период во развојот на шахот, со официјално формирање на клуб, кој остварува и поголеми успеси, може да се зборува дури за периодот од крајот на шеесетите и почетокот на седумдесетите години. Тогаш се формирал Ш.К. "Рудар".[386]

Едно од најстарите спортски друштва во општината Пробиштип е Ловечкото друштво "Злетовски Рудник", формирано уште во текот на 1954 година од група ловци-ентузијасти од Пробиштип и Злетово.

Прв претседател на Ловечкото друштво "Злетовски Рудник" од Пробиштип во 1954 година бил Воимир Јосифовски.

Спорстското-риболовно друштво "Злетовица"-Пробиштип, е формирано и официјално регистрирано во 1965 година, а било формирано по иницијатива на Никола Тонев, тогашен инжинер во Рудниците "Злетово", страствен риболовец, кој бил и негов прв претседател.[387]

---

[385] Истото„, 54.
[386] Истото„, 55.
[387] Истото„, 60.

# Заклучок

Изборот да истражувам и да пишувам на тема од локалната историја, а периодот за кој пишувам да биде од 1945 до 1975 година, секако имаше свои причини. Главната причина за ваквиот избор произлезе, поради тоа што детството и младоста ги поминав во роднокрајната Пробиштипско-злетовска област, и затоа што Пробиштип го чувствувам за свој роден град, а за истражување периодот од 1945 до 1975 година го зедов, бидејќи културна дејност и живот во Пробиштип се до изградбата на Домот на културата "Злетовски рудар" главно се одвивал во киното, и тие години го претставуваат првиот период од културната дејност во Пробиштипско-злетовската област, а по започнувањето со работа на Домот на културата во 1975 година, започнал во организациона смисла нов културен живот кој го претставува вториот период од културната дејност во Пробиштипско-злетовската област.

Во книгата се проучува развојот на образованието и културата во Пробиштипско-злетовската област во периодот од 1945 до 1975 година, но претходно во глава број еден направен е краток осврт на културно-просветната дејност во Македонија за време на повоените години.

Македонија е библиска земја, со богата, разновидна и мошне интересна историја каква што ретко имаат другите земји, една од ретките земји која постои повеќе од XXV века, и која успеала да ги издржи сите потешкотии, премрежја и неправди низ вековите, успевајќи конечно по Втората светска војна да се избори за многупосакуваната и долгоочекуваната слобода, но во рамките на југословенската федерација.

Препреките на кои наидувал македонскиот народ низ вековите и мачниот и тежок живот кој го трпел повеќе од XX века, не биле причина тој да потклекне, да се предаде и да се откаже од својот идентитет, вера, јазик и култура. Напротив, тој успеал да се соочи со сите маки низ кои поминал и да опстои низ вековите, зачувувајки го својот национален идентитет и негувајќи ги корените, традицијата и културата.

Во делот на просветната дејност за македонскиот народ и македонската држава, едни од најубавите и најзначајните се

средновековните години кога живееле и твореле солунските браќа Кирил и Методиј, основоположници на словенската писменост. Благодарение на светите браќа Кирил и Методиј, не само македонскиот народ, туку и останатите словенски народи запловиле во светот на писмените народи.

Времето во кое живееле и твореле македонските преродбеници е запишано со златни букви во историјата на Македонија, но нивниот процут бил запрен во периодот помеѓу двете светски војни, кога големосрпската буржоаска власт за време на окупацијата ја спровела својата денационализаторка и асимилаторска политика, спречувајќи го развојот на образованието.

Виорот на Втората светска војна со себе однел голем број невини човечки жртви, но оставил и голема материјална штета, која се почувствувала во повоените години во кои најмногу погледите биле вперени кон обновата и изградбата на државата.

Образованието и културата за време на народноослободителното движење иако во отежнати и неповолни услови, својата дејност не ја прекинале. Употребата на македонскиот јазик за време на НОАВМ, воведувањето на македонскиот јазик во богослужбата, отворањето на училишта во Западна Македонија, театарската дејност, публикувањето на весници на македонски јазик, дале значаен продонес во ширењето и афирмацијата на образованието и културата во Македонија.

Периодот по Втората светска војна е еден од најзначајните во поновата историја на Македонија. Тогаш се поставени темелите на современата македонска држава, а со тоа е овозможен слободниот развој во сите сфери од животот. Тоа се години во кои не се жалеле ниту средства, ниту напор и работа за изградба на државата, години во кои ентузијазмот за работа бил на едно многу високо ниво.

Најзначајниот датум во поновата историја на Македонија е 2.VIII.1944 година, кога е одржано Првото заседание на АСНОМ, на кое се донесени голем број на значајни одлуки, од кои во делот на образовната и културната дејност, две имаат посебно значење. Првата е Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија, во која беше прецизирана обврската на младата држава на

планот на просветата: Вториот акт е Решението на АСНОМ за заведување на македонскиот како службен јазик во македонската држава. Важноста на овие документи е од непроценливо значење за македонскиот народ, бидејќи македонскиот јазик конечно стана официјален (државен јазик) во Македонија и се кодифицира и издигна на ниво на литературен јазик, а со документите се санкционира правото на образование во сите степени.

Низата проблеми со кои се судрила државната власт во повоените години биле: големата неписменост на населението, разрушените и оштетени училишта, цркви, историски споменици, недостигот на стручен наставен кадар и сл.

Наставата во голем број населени места, започнала да се одвива во несоодветни и импровизирани услови. Недостигот од соодветни простории за одвивање на наставата бил еден од главните проблеми, а сличен бил проблемот и со недостигот на учители и професори, особено од албанското и турското национално малцинство. Ангажирањето на лица за изведувањето на наставата со разновидни квалификации и степени на образование, се јавило како последица од малиот број на квалификувани учители.

Отворањето на големиот број основни училишта ја наметнала потребата од поголем број на квалификувани учители. Неможејќи да ги задоволи потребите единствената учителска школа во Скопје, отворена во 1945 година, учителски школи во учебните 1945/46 и 1946/47 година биле отворени во Битола и во Штип.

Паралелно со отворањето на основните училишта во сите делови на територијата на Република Македонија, биле отворени средни училишта за потребите на средното и гимназиското образование.

Во 1946 година, Владата на Македонија го формирала првиот факултет во слободна Македонија-филозофскиот факултет во чиј состав влегле историско-филозофскиот оддел и природно-математичкиот оддел, а во 1947 година биле формирани Медицинскиот и Земјоделско-шумарскиот факултет. Овие три факултети го сочинувале првиот

Универзитет во Македонија, што официјално беше формиран на 26 јануари 1949 година.

Книжевните дела на македонски јазик создадени од младата македонска имтелектуална генерација составена од поети, драмски писатели, раскажувачи и публицисти, оставиле посебен белег и печат во повоените години. Позитивни и забележителни резултати се постигнати и на полето на културата преку развојот на театарската дејност, операта, балетот, печатот, радиото, филмот, музичката, ликовната, научната, издавачката и музејската дејност.

Во периодот од 1945 до 1975 година во Пробиштипско-злетовската област, образованието и културата постигнале значајни и забележителни резултати. Бројните проблеми со кои се соочиле жителите во повоените години постепено ги надминувале, а со текот на годините се развил богат културен живот со бројни успеси и позитивни резултати, кои биле забележани и во делот на образованието.

За развојот на писменоста во Пробиштипско-злетовската област и во Македонија многу значајни се средновековните години, кога во Лесновскиот манастир, позната по својата дејност била Лесновската книжевна школа (Кратовско-лесновска). Бројните ракописи напишани во прекрасниот манастир “Св. Гаврил Лесновски”, оставиле траен белег во историјата.

По отворањето на првото училиште надвор од рамките на црковно-образовната дејност во с.Злетово во 1831 година започнал развојот на образованието, а во наредните години развојот продолжил со отворање на училишта и во другите населени места. Се до почетокот на Втората светска војна, образованието се одвивало во многу отежнати и неповолни услови.

Развојот на образованието и културата во Пробиштипско-злетовскиот крај, бил непосредно поврзан со растот и развојот на Пробиштип, кој по Втората светска војна од мала рударска населба (колонија), во 1952 година прераснал во општина, а во 1971 година добил статус на град. Брзиот и сестран раст, развој и подем на Пробиштип, допринел тој во сферата на образованието и културата да забележи бројни

позитивни достигнувања. Покрај Пробиштип забележителни резултати биле постигнати и во останатите населени места, помеѓу кои се издвојуваат селата Злетово и Добрево.

Злетово во повоените години како место со најголем број на жители, не успеало да ја задржи доминантната улога што ја имало во минатото. Тежиштето уште во почетните години по ослободувањето било префрлено во Пробиштип, како населено место кое бележело најбрз и најголем развој не само во Пробиштипско-злетовската област, туку и на територијата на целата држава. По оформувањето на Пробиштип како општина, Злетово започнало да добива второстепена улога, а случувањата и настаните од секојдневниот живот биле во голема сенка на настаните во Пробиштип.

Еден од позначајните датуми во поновата историја на Пробиштипско-злетовската област е 3 април 1944 година, кога од страна на партизанските единици на борбите на Третата македонска ударна бригада и Косовскиот одред, во ноќта и раните утрински часови бил извршен напад на Пробиштип и Добрево. Целта на нападот била да се онеспособат производните погони на Рудникот во Пробиштип и во Добрево, со што ќе се оневозможи понатамошната експлоатација на Рудникот од страна на германскиот фашистички окупатор. Со овој настан полека но сигурно се наѕирала слободата и се ближел часот кога ќе биде протеран и ќе си замине фашистичкиот окупатор, а со сиот свој сјај како сонце ќе блесне слободата, која ќе ги стопли срцата на сите жители на Пробиштипско-злетовската област.

Пет месеци по нападот на Пробиштип и Добрево, борците на Единаесетата македонска бригада, на 8 септември го ослободиле Пробиштип, а на 9 септември и Злетово, при што пред насобраниот и воодушевен народ од слободата, во Пробиштип на 8, а во Злетово на 9 септември, биле одржани општонародни собири-митинзи.

По ослободувањето, на подрачјето на Пробиштипско-злетовската област, за жителите започнал еден нов период на слободен живот и развој, во кој ентузијазмот за работа бил на едно мошне високо ниво како пресуден фактор за напредокот, а најголемиот товар во тие години го

понела младата интелектуална генерација која создавала, градела и обновувала.

Најголемиот проблем во образованието со кој се соочило населението во повоените години, бил недостигот од соодветни простории и услови во поголем број на населени места за успешно, непречено и квалитетно одвивање на наставата. Проблем се јавил и со неписменоста на населението, особено кај повозрасните генерации.

Образовната дејност се одвивала скоро во сите населени места. Мал бил бројот на оние села кои немале свои училишта.

Во учебната 1950/51 година, во Пробиштипско-злетовската област било формирано првото осумгодишно училиште "Браќа Миладиновци" од Пробиштип. Подоцна во учебните 1954/55 и 1958/59 година, осумгодишни училишта биле формирани во селата Злетово и Трооло. Првото посериозно намалување на бројот на учениците и започнувањето со затворање на училиштата во селата, се почувствувало на почетокот на седумдесетите години, кога миграцијата село-град станала позачестена.

Предучилишното воспитување ја започнало својата дејност во 1974 година, со отворање на првата предучилишна установа "Гоце Делчев".

Почетоците на средното образование можеме да ги согледаме преку започнувањето со работа на Курсот за квалификувани работници, во декември 1945 година. Од учебната 1946/47 година започнало да работи Индустриското-рударско училиште (попознато под популарното име ИРШ), што всушност било и основа на идните училишта за Средно образование. Во целокупниот период на работење на ИРШ во Пробиштип, заклучно со учебната 1966/67 година ова училиште го завршиле вкупно 924 ученици (463 во металската насока, 443 во рударската насока и 18 во ученици како ВКВ рудари).

Во учебната 1961/62 година во Пробиштип, започнала со работа новоформираната Гимназија "Наум Наумовски-Борче", а од учебната 1963/64 година и второто средно училиште, тогаш единствено од тој вид во Македонија, Рударско-геолошко техничко училиште (РГТУ), кое по катастрофалниот земјотрес во Скопје било преселено во Пробиштип.

Паралелно и неразделно поврзан со средното образование бил Ученичкиот дом (Интернат), низ кој поминале и престојувале голем број на генерации.

Во развојот на образованието и културата значајно место заземаат и формите на народно просветување. За надминувањето на еден од најголемите проблеми неписменоста на населението, значајна е дејноста и придонесот на аналфабетските курсеви, а голема улога врз подигање на културно-образовното ниво на населението имале, Народниот универзитет (Работнички универзитет) и библиотечната дејност.

Културната дејност започнала веднаш по ослободувањето, а едно од најзначајните и централни места во неа го заземал драмскиот аматеризам.

Дејноста на драмскиот аматеризам се карактеризира со голем број на успешни драмски претстави, помеѓу кои како најзначајни драмски достигнувања би ги издвоиле: учеството на Сојузниот натпревар на работничките драмски театри во Белград во 1949 година, каде драмската аматерска секција од Пробиштип како најдобра аматерска група од Македонија, настапила претставувајќи се со "Сомнително лице", и учеството на Првиот фестивал на аматерски театри на Југославија, кој се одржал на островот Хвар во 1961 година, а каде драмската аматерска секција се претставила со "Александра".

Интересно е тоа што Пробиштип е едно од малкуте населени места во Македонија, во кое постоела и дејствувала балетска секција во текот на педесетите години. За повисок степен на развојот на балетската уметност во Пробиштип не може да се зборува, а балетската дејност за краток временски период (до почетокот на шеесетите години), згаснала.

Основоположник на т.н. фабрички печат во Македонија е Пробиштип, а првиот печатен весник под името "Злетово", излегол во 1947 година.

Филмската дејност играла значајна улога во културниот живот на Пробиштипско-злетовската област, преку прикажувањето на голем број филмови во Киното во Пробиштип, но и во останатите населени места.

Во 1967 година со работа започнало Радиото, преку кое населението се известувало за сите настани во околијата, а песните кои ги пуштале на Радиото го разубавувале секојдневниот живот на населението.

Литературното творештво, претставено преку делата на литературните дејци е мошне скромно, а најмногу е поврзано со делата на Стојан Тарапуза, роден во Злетово.

Музичката дејност била неразделен дел од животот на населението во сите населени места во Пробиштипско-злетовската област. Под музичка дејност спаѓаат: хорот (хорските пејачи), малите инструментални групи и оркестри, фолклорни играорни групи и сл.

За науката голем и значаен бил трудот, работата и придонесот на почитуваниот пензиониран професор и доктор на науки по историја Александар Апостолов, роден во Злетово, кој зад себе го оставил својот најголем капитален труд "Злетовска област".

Спортот како неразделен дел од секојдневниот живот на населението, исполнет со бројни забележителни резултати и достигнувања, заземал посебно и значајно место. До 1975 година биле застапени следните спортови: фудбал, кошарка, ракомет, борење, бокс, атлетика, пливање, ватерполо, гимнастика и шах.

Развојниот пат на образованието и културата во Пробиштипско-злетовската област бил мошне позитивен, но и секогаш строго контролиран и тесно поврзан со партиските интереси на државната власт, без да се постави прашањето каква е и што бара човековата природа.

На крајот кога би ја сумирале и резимирале целокупната дејност во Пробиштипско-злетовската област во периодот од 1945 до 1975 година во сферата на образованието и културата, неопходно е да се забележат позитивниот развој и бројните резултати и достигнувања, постигнати благодарение на трудот и работата вложени од страна на голем број културно-просветни дејци.

# СОДРЖИНА


Вовед ..........................................................................................,,,,, 2

**ГЛАВА ПРВА**

**1.** ОБРАЗОВАНИЕТО И КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА .................. 7

1.1. Образованието и воспитанието ........................................................ 7

1.2. Форми на народно просветување ..................................................... 20

1.3. Културата и уметничкото творештво ............................................... 26

**ГЛАВА ВТОРА**

**2.** ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПРОБИШТИПСКО-ЗЛЕТОВСКАТА ОБЛАСТ ........................................ 52

2.1. Основните училишта ........................................................................ 52

2.2. Предучилишното воспитание .......................................................... 76

2.3. Средното образование ..................................................................... 78

2.4. Ученички дом ................................................................................... 84

**ГЛАВА ТРЕТА**

**3.** ФОРМИ НА НАРОДНО ПРОСВЕТУВАЊЕ ВО ПРОБИШТИПСКО-ЗЛЕТОВСКАТА ОБЛАСТ ...........................................................88

2.1. Аналфабетски курсеви .................................................................... 88

2.2. Народен универзитет ....................................................................... 89

2.3. Библиотекарство .............................................................................. 94

## ГЛАВА ЧЕТВРТА

**4.** КУЛТУРАТА И УМЕТНИЧКОТО ТВОРЕШТВО ВО ПРОБИШТИПСКО-ЗЛЕТОВСКАТА ОБЛАСТ ........................................ 99

4.1. Драма ........................................ 99

4.2. Балет ........................................ 104

4.3. Печат ........................................ 105

4.4. Филм ........................................ 107

4.5. Радио ........................................ 110

4.6. Литературно творештво ........................................ 114

4.7. Музичка дејност ........................................ 116

4.8. Наука ........................................ 122

## ГЛАВА ПЕТТА

**5.** СПОРТОТ ВО ПРОБИШТИПСКО-ЗЛЕТОВСКАТА ОБЛАСТ ..... 124

5.1. Фудбал ........................................ 124

5.2. Останати спортови ........................................ 126

- Заклучок ........................................ 130
- Содржина ........................................ 138
- Користени извори и литература ........................................ 140
- Список на кратенки ........................................ 144

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## 1.ИЗВОРИ

**1. Необјавени извори**

**а)** ДАРМ, Одделение Штип, фондови:

- ИРШ (1948-1951) - Пробиштип
- Општински НО - просветен оддел - Пробиштип
- Народен одбор на општина Пробиштип

**б)** Архиви при други институции:

- Архив на основното училиште "Брака Миладоновци" во Пробиштип.
- Архив на ученичкиот дом "Доне Божинов" во Пробиштип.

**2. Објавени извори**


1. *AVNOJ i Revolucija*... (Tematska zbirka dokumenata 1941-1945), Beograd, 1983.
2. *Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ*, I, Скопје, 1984.
3. *Зборник на документи на АСНОМ, 1944-1964*, Скопје, 1964.
4. *Службен лист на ДФЈ-ФНРЈ* (1945-1955).


## 2. ЛИТЕРАТУРА


1. Андоновски Верољуб, *Печатот на времето, печатот на Нова Македонија*, Скопје, 1944.
2. Апостолов Александар, Кондев Тодор, Керамидчиев Апостол, Балабанов Коста , *Злетовска област*, Скопје, 1974.
3. Апостолов Александар, *Половина век од првата генерација матуранти на кочанската гимназија (1950-2000)*, Скопје, 2002.

4. Бошковски Јован, *Историската белетристика на Ѓорѓи Абациев*, Скопје, 1986.
5. Велјановски Новица, *Македонија 1945-1991 државност и независност*, Скопје, 2002.
6. Весковиќ-Вангели Вера, *Историските исходишта на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"*, *Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје 1949-1999*, Скопје, 1999, 75.
7. Друговац Миодраг, *Повоени македонски писатели*, Скопје, 1986.
8. Златанска Ѓорѓиева Јадранка, *На крајот од патот*, Скопје, 1998.
9. *Историја на македонскиот народ*, кн.3, Скопје, 1969.
10. Јурукова Нада, *Културно-просветни појави и процеси во Македонија (1944-1953)*, Скопје, 2003.
11. Јурукова Нада, *Основното воспитание и образование во Македонија (1944-1950)*, Скопје, 1990.
12. Киселинов Ѓорѓи, *Библиотекарството во минатото во Македонија*, Библиотекарска искра, Скопје, 1956.
13. Конески Блаже, *За донесувањето на македонската азбука и правопис*, "Македонски јазик", Скопје, 1990.
14. Миљковиќ Ѓорѓе, *Приѓол кон историјата на музејското дело на територијата на Социјалистичка Република Македонија*, Скопје, 1982.
15. Мокров Боро, Груевски Томе, *Преглед на македонскиот печат 1985-1912*, Скопје, 1993.
16. Петреска Даринка, Ачкоска Виолета, *Осознавање на историјата*, Скопје, 2007.
17. Петрески Слободан, *45 години Работнички универзитет во Пробиштип (1954-1999)*, Пробиштип, 1999.
18. Продановиќ Тихомир, *Неколико запажања о проблемима*, Народног просвета, Загреб, 1946.
19. Ристевски Стојан, *Создавањето на современиот македонски литературен јазик*, Скопје, 1988.
20. Свечњак Вилим, *Охридски свечености*, "Културен живот", Скопје, 1950.

21. Сталев Ѓорѓи, *Последниве сто години македонска книжевност*, Скопје, 1994.
22. Станојковска Марјонка, *30 години детска градинка "Гоце Делчев" - Пробиштип*, Пробиштип 2004.
23. Стефановски-Лесновски Стојан, *1000 години Лесново*, Лесново, 2003.
24. Стефановски-Лесновски Стојан, *Општина Пробиштип*, Пробиштип 2005.
25. Стефановски Стојан, *50 години средно образование во Пробиштип*, Пробиштип, 1998.
26. Стефановски Стојан, *50 години фудбалски клуб Рудар-Пробиштип*, Пробиштип 1999.
27. Стефановски Стојан, *Светлината, Духот, Времето...*, Пробиштип, 2000.
28. Стефановски Стојан, *Спортски портрет*, Пробиштип, 2004.
29. Тарапуза Стојан, *Сон на тркала*, Скопје, 1999.
30. Фриц Мартин, *Историја немачке књижевности*, Београд, 1971.
31. Чашуле Коле, *40 години на Македонскиот Народен театар 1945-1985*, Скопје, 1986.

## 3. СПИСАНИЈА И ВЕСНИЦИ

1. *90 години образование*, Пробиштип, 1997.
2. *Библиотекарска искра,* Скопје, 1969.
3. *Злетово*, Пробиштип, 1962.
4. *Злетово*, Пробиштип, 1981.
5. *Knjizevne novine*, Beograd, 1948.
6. *Нова Македонија*, Скопје, 1947.
7. *Осоговски рудар*, Пробиштип, 1977.

## 4. СЕЌАВАЊА-СВЕДОЧЕЊА НА СОВРЕМЕНИЦИ (научни интервјуа):

1. Александра Алексовска-Цана
2. Богдан Спасовски
3. Иванка Барљамова
4. Јадранка Златанска Ѓорѓиева
5. Лозена Чеферјановиќ
6. Милевка Здравковска
7. Милена Стојановиќ
8. Ранко Илиев
9. Слободан Ѓорѓиев-Боте

## СПИСОК НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АВНОЈ** | Антифашистичко веќе на народното ослободување на Југославија |
| **АСНОМ** | Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија |
| **АФЖ** | Антифашистички фронт на жените |
| **БК** | Боречки клуб |
| **ВКВ** | Високо квалификуван |
| **ГУЦ** | Градски училишен центар |
| **ГШ НОВ и ПОМ** | Главен штаб на народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија |
| **ДАФ** | Драмски аматерски фестивал |
| **ДЛУМ** | Друштво на ликовни уметници на Македонија |
| **ДТВ** | Друштво за телесно воспитување |
| **ДФЈ** | Демократска федерална Југославија |
| **ИРШ** | Индустриска рударска школа |
| **ЈНА** | Југословенска народна армија |
| **КК** | Кошаркарски клуб |
| **КПЗ** | Културно просветна заедница |
| **КПМ** | Комунистичка партија на Македонија |
| **КУД** | Културно уметничко друштво |
| **МНТ** | Мекадонски народен театар |
| **НОАВМ** | Народноослободителна антифашистичка војна на Македонија |
| **НОБ** | Народно ослободителна борба |
| **НОВ** | Народноослободителна војна |
| **НММ** | Народна младина на Македонија |
| **НОМСМ** | Народноослободителен младински сојуз на Македонија |
| **НОО** | Народноослободителен одбор |
| **НРМ** | Народна Република Македонија |
| **НУБ** | Народна универзитетска библиотека |

| | |
|---|---|
| **ОК ССРН** | Околиски комитет на социјалистички сојуз на работниот народ |
| **ОУ** | Основно училиште |
| **РАДС** | Републички аматерски драмски смотри |
| **РГТУ** | Рударско-геолошко техничко училиште |
| **РКПЗ** | Работничка културно-просветна заедница |
| **ССМ** | Сојуз на синдикатите на Македонија |
| **ССРНМ** | Социјалистички сојуз на работниот народ на Македонија |
| **СФД** | Спортско фискултурно друштво |
| **СХС** | Србите, Хрватите и Словенците |
| **ФААТ** | Фестивал на аматерски алтернативни театри |
| **ФК** | Фудбалски клуб |
| **ФНРЈ** | Федеративна народна република Југославија |
| **ЦК КПЈ** | Централен комитет на Комунистичката партија на Југославија |
| **ЦК КПМ** | Централен комитет на Комунистичката партија на Македонија |
| **ЦОУ** | Централно основно училиште |
| **ШК** | Шаховски клуб |